| OPCOM | band | 139,45 | 157,19 | 106,36 | 86,44 | 85,90 | 86,13 | 103,50 | 78,29 | 97,05 | 121,90 | 121,48 | 117,64 |
| | peak | 157,62 | 166,28 | 96,39 | 63,95 | 58,99 | 56,29 | 88,19 | 53,93 | 88,61 | 127,71 | 137,06 | 131,70 |

**Реализирани просечни - *band* цени на дневни аукции на берзите МЕМО, HUPX, EEX (DE/AT) и OPCOM за 2025 година**




**Реализирани просечни - *peak* цени на дневни аукции на берзите МЕМО, HUPX, EEX (DE/AT) и OPCOM за 2025 година**




## НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Во текот на 2025 година АД ЕСМ изврши набавка на електрична енергија со цел оптимизирање на сопственото производство во вкупна количина од 1.039.760,4 MWh со просечна постигната цена од 104,16 EUR/MWh. Набавката е реализирана од Берза МЕМО, Резервна моќност и Договор за услуги со ЕСМ Продажба ДООЕЛ од слободниот пазар.

Набавката на електрична енергија е направена со цел задоволување на целокупните 100% потребите од електрична енергија за ЕВН ХОМЕ(домаќинства и мали потрошувачи) во текот на целата 2025 година, и 60% загуби во Електродистрибуција за 2025 година, согласно донесените одлуки на Влада на Република Северна Македонија и дадените задолженија за АД ЕСМ.

План и реализација на набавка на електрична енергија и моќност за 2025 година

| Месец | јан.24 | фев.24 | мар.24 | апр.24 | мај.24 | јун.24 | јул.24 | авг.24 | септ.24 | окт.24 | ноем.24 | дек.24 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Барана енергија MWh | 155.370,90 | 57.946,60 | 55.831,70 | 81.405,90 | 40.543,20 | 49.314,30 | 62.500,20 | 101.782,80 | 28.861,80 | 55.137,6 | 136.649,500 | 223.409,900 | 1.048.764,400 |
| Реализирана набавка MWh | 155.370,90 | 57.946,60 | 55.831,70 | 81.405,90 | 40.193,20 | 49.314,30 | 62.140,20 | 101.742,80 | 28.471,80 | 55.137,6 | 129.799,500 | 222.405,900 | 1.038.760,400 |
| Просечна цена EUR/MWh | 148,37 | 144,49 | 95,30 | 74,19 | 50,14 | 61,74 | 78,47 | 67,38 | 70,96 | 93,8 | 117,916 | 117,915 | 104,16 |
| Вредност на набавката [EUR] | 23.051.929,888 | 8.372.894,205 | 5.320.675,281 | 6.039.597,977 | 2.015.363,412 | 3.044.893,510 | 4.876.119,945 | 6.855.222,283 | 2.020.351,811 | 5.170.209,8 | 15.305.468,141 | 26.225.051,125 | 108.297.777,40 |

Набавката е реализирана согласно:

-Договор за услуги бр: 02-4472/2 од 27.10.2020 година со ЕСМ Продажба ДООЕЛ од слободниот пазар набавени се 452.450 MWh по просечна цена од 124,05 EUR/MWh со вредност од 56.126.059,20 евра.

-Преку механизмот за Резервна моќност набавени се 37.136 MWh по просечна цена од 120,86 EUR/MWh со вредност од 4.488.125,18 евра.

Со секојдневно активно учество на Берзата МЕМО АД ЕСМ набави 550.174,4 MWh електрична енергија по просечна цена од 86,67 EUR/MWh со вредност од 47.683.593,021 евра.

**Набавка на електрична енергија по економски оператори во 2025 година**

| КОМПАНИИ | | Месец | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | јан.25 | фев.25 | мар.25 | апр.25 | мај.25 | јун.25 | јул.25 | авг.25 | септ.25 | окт.25 | ноем.25 | дек.25 | Вкупно |
| ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје | Количина [MWh] | 74.400,00 | 25.200,00 | 9.600,00 | 18.720,00 | 0,00 | 12.240,00 | 0,00 | 43.930,000 | 280,000 | 0,000 | 89.520,000 | 178.560,000 | 452.450,000 |
| | Цена [EUR] | 156,68 | 156,94 | 124,67 | 108,35 | 0,00 | 89,78 | 0,00 | 86,95 | 0,01 | 0,000 | 121,537 | 120,357 | 124,05 |
| | Вредност [EUR] | 11.656.843,20 | 3.954.871,20 | 1.196.870,00 | 2.028.276,00 | 0,00 | 1.098.856,80 | 0,00 | 3.819.884,000 | 2,800 | 0,000 | 10.879.507,200 | 21.490.998,000 | 56.126.059,200 |
| Резервна моќност | Количина [MWh] | 0,00 | 0,00 | 435,00 | 1.970,00 | 3.460,00 | 6.750,00 | 2.525,00 | 2.400,000 | 6.250,000 | 650,000 | 7.920,000 | 5.156,000 | 37.136,000 |
| | Цена [EUR] | 0,00 | 0,00 | 169,46 | 108,13 | 95,95 | 107,35 | 130,57 | 109,20 | 116,05 | 136,715 | 136,295 | 135,481 | 120,86 |
| | Вредност [EUR] | 0,00 | 0,00 | 73.717,20 | 213.007,90 | 332.004,00 | 620.960,80 | 329.700,00 | 269.734,800 | 725.320,000 | 88.865,000 | 1.086.273,400 | 698.547,080 | 4.488.125,180 |
| Берза МЕМО | Количина [MWh] | 80.970,90 | 32.746,60 | 45.796,70 | 60.715,90 | 36.733,20 | 30.824,30 | 59.615,20 | 55.342,800 | 21.941,800 | 54.487,600 | 32.309,500 | 38.689,900 | 550.174,400 |
| | Цена [EUR] | 140,23 | 134,92 | 88,44 | 62,56 | 45,83 | 41,37 | 76,26 | 49,97 | 59,02 | 93,257 | 101,365 | 104,304 | 86,67 |
| | Вредност [EUR] | 11.355.086,69 | 4.418.023,00 | 4.050.138,08 | 3.798.314,08 | 1.683.359,41 | 1.275.075,91 | 4.546.419,95 | 2.765.603,485 | 1.295.029,011 | 5.081.344,821 | 3.339.687,541 | 4.035.511,045 | 47.683.593,021 |
| Вкупно | Количина [MWh] | 155.370,90 | 57.946,60 | 55.831,70 | 81.405,90 | 40.193,20 | 49.314,30 | 62.140,20 | 101.742,80 | 28.471,80 | 55.137,60 | 129.799,50 | 222.405,900 | 1.039.760,400 |
| | Цена [EUR] | 148,37 | 144,49 | 95,30 | 74,19 | 50,14 | 61,74 | 78,47 | 67,38 | 70,96 | 93,77 | 117,92 | 117,915 | 104,16 |
| | Вредност [EUR] | 23.051.929,89 | 8.372.894,20 | 5.320.675,28 | 6.039.597,98 | 2.015.363,41 | 3.044.893,51 | 4.876.119,95 | 6.855.222,29 | 2.020.351,81 | 5.170.209,82 | 15.305.468,14 | 26.225.051,125 | 108.297.777,40 |

## Системски услуги

Од 01.01.2021 година во важност се Правила за балансирање, според кои АД ЕСМ обезбедува системски услуги(балансен капацитет и балансна енергија за секундарна и терциерна регулација) за потребите на АД МЕПСО.

Во 2025 година, обезбедените системски услуги по месеци се дадени во следната табела.

ЕНЕРГИЈА (MWh)

| | | | Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декември | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| aFRR | енергија | aFRR ↑ (MWh) | 3.746,33 | 2.387,56 | 1.344,54 | 2.397,46 | 1.848,87 | 1.628,22 | 3.937,57 | 2.008,55 | 983,74 | 3.068,57 | 2.620,81 | 4.922,14 | 30.880,35 |
| | | aFRR ↓ (MWh) | -3.471,77 | -2.176,50 | -2.182,79 | -1.344,33 | -1.265,99 | -1.357,82 | -1.810,63 | -3.089,76 | -1.374,34 | -1.462,87 | -2.629,97 | -2.684,00 | -24.850,75 |
| mFRR | енергија | mFRR ↑ (MWh) | 3.436,73 | 2.455,27 | 2.548,00 | 3.081,75 | 3.619,17 | 2.740,65 | 4.478,38 | 1.653,87 | 3.053,03 | 9.011,57 | 3.966,97 | 7.996,77 | 48.041,07 |
| | | mFRR ↓(MWh) | -5.149,50 | -3.665,77 | -4.274,73 | -4.477,37 | -3.998,43 | -2.282,10 | -1.044,63 | -1.170,43 | -977,13 | -1.379,28 | -2.510,83 | -4.010,20 | -34.939,83 |
| ВКУПНО енергија | | energija ↑ (MWh) | 7.182,06 | 4.842,83 | 3.892,54 | 5.479,20 | 5.467,99 | 4.368,87 | 8.415,95 | 3.663,42 | 4.022,74 | 12.080,13 | 6.586,77 | 12.918,91 | 78.921,43 |
| | | energija ↓ (MWh) | -8.621,27 | -5.842,27 | -6.457,02 | -5.821,68 | -5.264,43 | -3.639,92 | -2.855,26 | -4.260,19 | -2.351,47 | -2.842,15 | -5.140,80 | -6.694,20 | -59.790,63 |

ФИНАНСИИ (EUR)

| | | | | Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декември | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| цена капацитет 23,97 | aFRR | капацитет | MEPSO==>ESM | 558.906,00 | 369.138,00 | 290.324,64 | 292.913,40 | 274.216,80 | 268.655,76 | 467.415,00 | 452.074,20 | 200.688,58 | 383.999,40 | 499.387,67 | 628.733,10 | 4.687.037,55 |
| | | енергија | MEPSO==>ESM | 890.410,70 | 630.145,77 | 291.480,65 | 454.682,26 | 343.271,88 | 302.696,60 | 671.253,13 | 311.047,58 | 214.118,98 | 663.455,08 | 506.778,48 | 916.054,98 | 6.255.405,00 |
| | | | ESM==>MEPSO | -241.637,84 | -194.278,44 | -153.273,12 | -73.573,69 | -74.192,88 | -56.888,03 | -87.543,52 | -92.257,52 | -68.670,27 | -119.241,71 | -177.023,53 | -155.558,58 | -1.494.139,19 |
| цена капацитет 13,34 | mFRR | капацитет | MEPSO==>ESM | 591.442,24 | 313.756,80 | 357.605,38 | 309.074,46 | 403.081,44 | 361.100,46 | 345.652,74 | 307.166,84 | 366.516,00 | 815.847,72 | 957.678,00 | 1.111.688,90 | 6.239.611,58 |
| | | енергија | MEPSO==>ESM | 507.277,06 | 508.948,71 | 380.613,45 | 375.186,07 | 401.747,86 | 378.000,96 | 692.178,40 | 185.969,97 | 424.344,55 | 1.362.324,42 | 762.006,90 | 1.165.534,11 | 7.145.123,46 |
| | | | ESM==>MEPSO | -229.759,64 | -202.226,25 | -176.063,15 | -144.915,00 | -95.459,61 | -76.797,08 | -34.330,88 | -38.669,85 | -42.254,42 | -64.861,92 | -104.048,81 | -141.701,58 | -1.351.088,19 |
| | приход од капацитет | | MEPSO==>ESM | 1.149.941,24 | 682.894,80 | 647.930,02 | 601.987,86 | 677.298,24 | 629.756,22 | 813.067,74 | 759.241,04 | 567.199,58 | 1.199.847,12 | 1.457.061,27 | 1.740.422,00 | 10.926.649,13 |
| | приход од енергија | | MEPSO==>ESM | 1.397.687,74 | 1.139.094,49 | 673.103,09 | 829.868,34 | 745.019,74 | 680.698,56 | 1.363.431,53 | 497.007,48 | 638.463,54 | 2.025.779,50 | 1.328.785,39 | 2.081.589,10 | 13.400.528,46 |
| | | | ESM==>MEPSO | -471.397,48 | -396.504,69 | -329.336,27 | -218.488,69 | -169.652,50 | -133.685,17 | -121.874,41 | -130.927,37 | -110.924,69 | -184.103,63 | -281.072,33 | -297.260,16 | -2.845.227,38 |
| | ВКУПНО ПРИХОД | | MEPSO==>ESM | 2.076.233,51 | 1.425.484,59 | 991.696,84 | 1.213.367,50 | 1.252.665,48 | 1.176.769,62 | 2.054.624,86 | 1.125.321,15 | 1.094.738,42 | 3.041.522,99 | 2.504.774,32 | 3.524.750,94 | 21.481.950,23 |

Во 2025 година од обезбедените системски услуги АД ЕСМ има вкупен приход од 21.481.950 Евра, од кои за обезбеден балансен капацитет 10.926.649 Евра и за балансна енергија 10.555.301 Евра.

## ЗАКЛУЧОЦИ

- Производството на електрична енергија на АД ЕСМ во 2025 година изнесува 3.143,7 GWh, што во однос на планираните 5.032,1 GWh од планот за производство, претставува реализација од 62,5%.

- Термопроизводството на електрична енергија за оваа 2025 година изнесува 2.072,8 GWh, и во однос на планот за производство за 2025 година претставува реализација од 53,6%. РЕК „Битола" оствари производство од 1.957,4 GWh (94% од вкупното термопроизводство), додека пак РЕК „Осломеј" произведе 115,5 GWh (6% од вкупното термопроизводство). Во однос на минатата 2024 година производството од термоелектраните е намалено за 178,9 GWh (7,9%).

- За реализација на термопроизводството, рудниците „Осломеј", „ПЈС" и „Брод-Гнеотино", експлоатирале 3.232.330 тони јаглен за потребите на термоблоковите.

- Дополнително за работа на ТЕ Битола набавени се 864.713 [t] јаглен а за работа на ТЕ Осломеј набавени се 335.696 [t] јаглен.

- Хидропроизводството на електрична енергија за оваа година изнесува 927,2 GWh. Во однос на планот за производство за 2025 година, хидропроизводството е помало за 89,6 GWh (8,8%).

- Вкупниот годишен доток во 2025 година изнесува 1.025,9 GWh, што е околу 13% помал доток од просечниот повеќегодишен доток кој изнесува околу 1.200 GWh. Состојбата на акумулациите на 1 јануари 2025 година изнесуваше вкупно 49 GWh, односно 8% од вкупната акумулација.

- Паркот на ветерни електрани „Богданци" во 2025 година произведе 98,9 GWh електрична енергија што во однос на планираните 95,5 GWh претставува реализација од 103,5%. ПВЕ „Богданци" во целост ја оправдува инвестицијата на ветерот како обновлив извор на енергија, и во иднина на годишно ниво се очекуваат околу 100 GWh.

- АД ЕСМ во 2025 година изврши набавка на електрична енергија од Берза МЕМО, Резервна моќност и Договор за услуги со ЕСМ Продажба ДООЕЛ од слободниот пазар, со цел оптимизирање на сопственото производство и исполнување во целост на договорените обврски за 2025 година во вкупна количина од 1.039.760 MWh, со просечна постигната цена од 104,16 EUR/MWh. За целата набавка на електрична енергија во 2025 година потрошени се 108.297.777 €.

- Продажбата на вишоци на електрична енергија, во согласност со можностите, АД ЕСМ продолжи да ја врши на транспарентен и недискриминирачки начин преку Договор за купопродажба со ЕСМ Продажба ДООЕЛ и Берза МЕМО. Во текот на 2025 година продадени се 272.430 GWh електрична енергија, со просечна постигната цена од 112,63 EUR/MWh. За целата проджба на вишоци на електрична енергија во 2025 година остварен е приход од се 30.685.040 €.

- Во 2025 година од обезбедените системски услуги АД ЕСМ има вкупен приход од 21.481.950 Евра, од кои за обезбеден балансен капацитет 10.926.649 Евра и за балансна енергија 10.555.301 Евра.

- 100% РЕАЛИЗИРАНИ ЗАДОЛЖЕНИЈА

-Согласно дадените задолженија од Влада на Република Северна Македонија на крајот од 2024 година, АД ЕСМ во 2025 година ги задоволи целокупните потреби од електрична енергија за:
-Универзалниот снабдувач ЕВН ХОМЕ кој е задолжен за обезбедување на електрична енергија за домаќинствата и малите потрошувачи во вкупна количина од 3.185 GWh, односно испорачавме 100% од потребните количини, по цена од 62 €/MWh во текот на целата 2025 година.
-Загубите на електрична енергија во електродистрибутивниот систем Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје во вкупна количина од 501 GWh, односно испорачавме 100% од договорените количини, по цена од 100 €/MWh во текот на целата 2025 година.
-Целата 2025 година АД ЕСМ согласно можностите и расположливите ресурси обезбедуваше системски услуги за операторот на електро преносниот систем АД МЕПСО, потребни за стабилна и доверлива негова работа.
Карактеристични зафати кои се реализираа во 2025 година се следните:

- Во 2025 година во АД ЕСМ извршени се ремонтно ревизиони работи на сите агрегати како и редовно годишно испитување на релејната заштита на сите релејни уреди.

Капитални ремонти се направени во Блок 1 во ТЕ Битола и ХЕЦ Козјак Генератор 1.

# III. СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИЈА

Секторот за развој и инвестиции своите активности ги реализира преку два Оддели, и тоа:

1. Оддел за развој
   1. Служба за термо објекти и животна средина
   2. Служба за хидро објекти и обновливи извори
   3. Служба за примена на нови технологии

2. Оддел за инвестиции
   1. Служба за проектна документација
   2. Служба за меѓународни процедури, следење договори, финансирање и изработка на инвестициони анализи
   3. Служба за изработка и следење на годишни инвестициски планови (гип)

Најзначајни активности реализирани во текот на 2025 година се во рамките на следните проекти:

## 1 ТЕРМОЕЛЕКТРАНИ

**Топлификација на Битола, Могила и Новаци – Прва 0фаза**

- Склучување на Анекс бр. 4 на основниот Договор за консултантски услуги помеѓу Инвеститорот, АД ЕСМ - Скопје и Консултантот/Надзорот на Проектот на ден 08.02.2024 година, согласно кој се врши измена во периодот на завршување на Договорот до 30.11.2025 година, се уредува опфатот на услуги на Консултантот за дополнителни десет (10) квартали, како и дополнителен надоместок за Консултантот.

- Доставување на Информација до УО на АД ЕСМ на ден 21.02.2025 година, во врска со допис за променети околности - енормно зголемување на трошоците за работна рака, добра, материјали и останати елементи кои учествуваат во работите, доставен од Изведувачот на ЛОТ 1 на ден 04.07.2023 година. Согласно одредбите од Договорот за ЛОТ 1 од 06.09.2021 година, Жолтата книга според Меѓународната федерација на советодавни инженери – FIDIC (прво издание од 1999 година), по која е склучен предметниот Договор, како и Заклучокот од УО на АД ЕСМ од 01.04.2025 година, Барањето од Изведувачот на ЛОТ 1 е неосновано, и Инвеститорот не може да ги компензира овие трошоци на Изведувачот.

- Доставување на Информација до УО на АД ЕСМ на ден 27.03.2025 година, во врска со предлог за измена на инсталирана моќност на резервни котли на природен гас (2x10MW), на инсталирана моќност која беше предвидена за двете фази - вкупно 40MW (2x20MW), за потреби на инсталација на објект и опрема во ППТС Битола, како дел од обемот на работи на Изведувачот на ЛОТ 2: Производство на топлинска енергија, пумпна станица и котлара за Проектот, како и мислење во врска со неактивирање на изборен дел од Договор за ЛОТ 2, кој се однесува на инсталирање на опрема за користење на течен природен гас (LNG) во ППТС Битола. По извршената анализа за дополнителните трошоци коишто би произлегле во случај на измената, поради огромната разлика во цените, одлучено е инсталираната моќност за прва фаза да не се менува, односно, да се задржи првичниот концепт на Основниот проект за Топлификација Битола од 2015 година.

- Доставување на Информација до УО на АД ЕСМ на ден 12.05.2025 година, за финансиска конструкција за проект Топлификација на Битола, Новаци и Могила - I фаза, и за потребата од користење на сопствени средства од АД ЕСМ - Скопје, за потребите на реализација на Проектот.
- Доставување на Информација до УО на АД ЕСМ на ден 06.08.2025 година, во врска со потребата од конзервација на дистрибутивна мрежа во Град Битола, следствено на доставена понуда од Изведувач на ЛОТ 1, како и допис од Надзорот/Консултантот на Проектот, со предлог за нарачка на сува конзервација со азот на завршените цевки од дистрибутивната мрежа.
- Дополнување на Информација во врска со потребата од конзервација на дистрибутивна мрежа во Град Битола, доставена до УО на АД ЕСМ - Скопје на ден 06.08.2025 година.
- Склучување на Анекс бр. 5 на основниот Договор за ЛОТ 1: Топловоди за проектирање, снабдување и монтажа на а) Дел 1: Преносен топловод 2 и б) Дистрибутивна мрежа, вклучително сите поврзани приклучни цевки помеѓу Инвеститорот, АД ЕСМ - Скопје и Изведувачот на ЛОТ 1 на ден 06.11.2025 година, согласно кој се прифаќаат дополнителни трошоци поврзани со работите за конзервација со азот на инсталираната дистрибутивна мрежа во градската мрежа на Град Битола (39 гранки).
- Склучување на Анекс бр. 6 на основниот Договор за ЛОТ 1 помеѓу Инвеститорот, АД ЕСМ - Скопје и Изведувачот на ЛОТ 1 на ден 06.11.2025 година, согласно кој се продолжува периодот на завршување на Договорот за дополнителни 120 дена, односно до 31 декември 2025 година, при што периодот на завршување на Проектот изнесува вкупно 1540 дена.
- Во текот на 2025 година, завршија земјените работи на магистралниот вреловод и се пристапи кон негово испитување на хидростатички притисок, протекување и конзервација со азот. Во тек беа земјените работи на дистрибутивна мрежа и приклучоците низ град Битола како елементи од ЛОТ 1: Топловоди за проектирање, снабдување и монтажа на а) Дел 1: Преносен топловод 2 и б) Дел 2: Дистрибутивна мрежа, вклучително сите поврзани приклучни цевки. По продолжувањето на рокот за изведба за 18 месеци, побарани се дополнителни 2 месеци за конечно завршување на сите работи од ЛОТ 1 поврзани со вреловодната, дистрибутивна мрежа и приклучоците (земјени работи, хидротестирања и испитување на системот за детекција на протекување). Одобрението за градба на 35-те приклучоци на јавни објекти е добиено на ден 23.12.2024 година.
- Во тек се подготвителните работи, увидот и подготовката на терен и проектирањето за ЛОТ 2: Производство на топлинска енергија, пумпна станица и котлара.
- Документацијата од евалуацијата на постапката за претквалификација за ЛОТ 3: Потстаници: Индивидуални потстаници за сите објекти кои ќе бидат приклучени на топлификационата мрежа, вклучително Централна SCADA за индивидуални потстаници, беше доставена до КфВ банка на одобрување (No-Objection), по што следеше известување на квалификуваните апликанти, изготвување на тендерска документација и покана за доставување на финансиска понуда од страна на компаниите. Тендерската документација за ЛОТ 3, беше доставена на одобрување до КфВ на ден 13.10.2025 година.
- Барање за продолжување на рокот за барање исплата на Заем бр. 27634 за Програмата за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија IV, Компонента I: Топлификација на Битола, Новаци и Могила - I фаза, доставено до Кредитна банка за обнова - КфВ на ден 06.11.2025 година, со цел продолжување на рокот за барање исплати за една (1) година, односно до 31 декември 2026 година.

- Доставено Барање од Изведувач на ЛОТ 1, за ослободување на првата половина од претходно задржаните средства (50%) за Дел 1: Преносен топловод 2 и/или Животна средина, здравје, безбедност и социјални аспекти, во врска со доставени Времени ситуации бр. 1 до бр. 10, согласно основниот Договор за ЛОТ 1: Топловоди и Анексите бр. 1 до бр. 6 на основниот Договор, доставено до Инвеститорот, со датум: 26.11.2025 година.
- Доставување на Известување до Сектор за финансиски работи при Дирекција на АД ЕСМ на ден 15.12.2025 година, за потреба од подмирување на износ за ослободување на прва половина на задржани средства [10%] за завршени работи за Дел 1: Преносен топловод 2 и/или Животна средина, здравје, безбедност и социјални аспекти од Договор за Набавка на Договор 1, склучен помеѓу АД ЕСМ - Скопје и Изведувачот на ден 06.09.2021 година.
- Ослободување на прва половина на задржани средства (50%) за Дел 1 од Договор за ЛОТ 1, преку повлекување од Заем од КфВ на ден 19.12.2025 година, врз основа на издадениот Сертификат за делумно преземање на завршените работи од Дел 1: Преносен топловод 2, од Договорот за ЛОТ 1 на проектот Топлификација на Битола, Новаци и Могила – I фаза, од страна на Надзорниот инженер/Консултантот на Проектот на ден 13.11.2025 година, одредбите од основниот Договор за ЛОТ 1, одредбите од Анекс бр. 1 до Анекс бр. 6 на основниот Договор за ЛОТ 1, Потврдата на првата половина од задржаните средства во врска со Дел 1 – Преносен топпловод 2 и Животна средина, здравје, безбедност и социјални аспекти (ESHS), издадена од страна на Надзорот/Консултантот на Проектот на ден 01.12.2025 година, како и доставените и подмирени Времени ситуации бр. 2 до бр. 10.
- Разменување на забелешки помеѓу АД ЕСМ и Изведувачот на ЛОТ 1 во текот на месец декември 2025 година, во врска со нацрт-верзија на банкарска гаранција за задржани средства, со цел ослободување на втора половина на задржани средства (5%), поврзано со извршените работи за Дел 1: Преносен топловод 2 и Животна средина, здравје, безбедност и социјални аспекти согласно Договорот за ЛОТ 1 и доставената нацрт-верзија на банкарска гаранција од страна на Изведувачот на ЛОТ 1.
- Доставување на Информација до УО на АД ЕСМ на ден 26.12.2025 година, за приклучок на електро енергетскиот систем, во врска со преземање на конкретни активности за доставување на Барање до ЕВН за приклучок на 10(20)/0,4 kV на ППТС, и барање на проценета вредност на работите предвидени за изведба на приклучокот со комплетна документација.
- Доставување на Информација до УО на АД ЕСМ на ден 26.12.2025 година, за Информација за приклучок на природен гас на ППТС, следствено на доставено Барање за приклучок до НОМАГАС АД, со сите технички податоци потребни за изведување на приклучокот и добиена Информација од НОМАГАС АД на ден 05.11.2025 година, со индикативна понуда за проектирање, изведба, експропријација и пуштање во работа.
- Во текот на годината, редовно се соработуваше со Општина Битола и другите засегнати страни со проектот, од аспект на обезбедување на услови за работа – сообраќаен режим, информации за поседување на подземна инфраструктура, со што работите на терен се поедноставуваа во рамките на можностите.

## 1.1 Комбинирана гасна централа Битола

- Подготвителни активности за проектот комбинирана гасна централа.
- Во периодот октомври-ноември 2025 година, остварени се средби помеѓу АД ЕСМ и претставници од USTDA (Трговско развојна агенција на САД), со DFC (Development Finance Corporation), EIB (European Investment Bank) како и со WB (Светска Банка), каде од страна на АД ЕСМ се образложи идејното решение за проектот гасна централа во Битола и проширување на топлинската мрежа со цел креирање на поголем конзум на топлинска енергија.
- Согласно разменетите информации со претставниците од гореспоменатите институции, АД ЕСМ е со став да идната соработка во однос на проектот за гасна централа во Битола и проширување на топлинската мрежа со цел креирање на поголем конзум за топлинска енергија (изработка на ФС односно финансирањето на проектот до конкретна реализација) да ја продолжи со Светска Банка.

## 1.3 Когенеративна постројка во Клинички Центар Мајка Тереза

- Подготвителни активности и прибирање на целата постоечка документација за проектот.
- Прелиминарна проценка на остварливоста на целокупниот процес на реализација (до конечна изведба).
- Разгледување на можностите за изработка на физибилити студија за Когенеративна постројка во Клинички Центар Мајка Тереза.
- Соработка со технички лица од Министерство за здравство.
- Теренски увид на локација објект котлара во Клинички Центар.

## 1.4 Подобрување и реконструкција на дистрибутивна мрежа за топлинска енергија во Скопје

- Изработен Образец за концепт на проект (ОКП) и доставен до министерство за финансии. После неколку корекции и дополнувања, истиот е прифатен од министерството.
- Одржан состанок со претставници на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР)

# 2 ХИДРОЕЛЕКТРАНИ

## 2.1 Сеизмички мониторинг и сеизмичка активност на локации на постојни и идни брани

- Подготовка на тендерска документација за јавен повик за договори за 2026 година:
- ЛОТ 1: Сеизмички мониторинг на постојните брани и локациите за новите брани во АД ЕСМ и
- ЛОТ 2: Индуцирана сеизмичност на браните Козјак, Света Петка и локацијата Белица.
- Со потпишување на договорите ќе се продолжи изведувањето на работите за Сеизмички мониторинг – одржување и сервисирање на инструменти за регистрација на силни земјотреси инсталирани на браните: Маврово, Шпилје, Глобочица, Тиквеш, Козјак и Света Петка, и на локации за идните брани: Велес, Чебрен, Криволак и Градец.

## 3 ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕЕ

**Парк на ветерни електрани Богданци - II фаза**

- Склучување на Анекс бр. 4 на основниот Договор за консултантски услуги (Главни работи) помеѓу АД ЕСМ - Скопје и Консултантскиот конзорциум на ден 10.02.2025 година, со којшто се продолжува периодот на завршување на Договорот на за шест (6) месеци за Фаза А, со можност за продолжување за дополнителни три (3) месеци, со претходно известување до Консултантот. Притоа, вкупниот период на завршување на Фаза А е шеесет и шест (66) месеци до 31.03.2025 година; во случај на опционално продолжување за дополнителни три (3) месеци, вкупното времетраење на проектот ќе биде шеесет и девет (69) месеци до 30.06.2025 година, без Фаза Б и периодот определен за известување за недостатоците на работите, проценет на три (3) години по преземањето. Со предметниот Анекс, се уредуваат дополнителните услуги на Консултантот, и се зголемува надоместокот за Консултантот, односно вкупната вредност на Договорот.
- На 12.02.2025 година, помеѓу КфВ и АД ЕСМ, склучен е Анекс бр. 2 на Посебниот договор од 13.12.2018 година, согласно кој се продолжува обемот на Посебниот договор, со цел да се покрие дополнителното финансирање со заем од 7,7 милиони евра, обезбедено согласно Договорот за заем за Програма за обновливи извори на енергија на ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Парк на ветерни електрани Богданци Фаза II.
- Склучување на Договор за ЛОТ 1: Испорака на ветерни турбини за проектот Парк на ветерни електрани Богданци - Фаза II помеѓу АД ЕСМ и Изведувачот на ЛОТ 1 на ден 28.05.2025 година, како и Договор за сервис и одржување на ветерни турбини. Рокот за завршување на работите за Договорот за ЛОТ 1 е предвиден за декември 2027 година. Важноста на Договорот за сервис и одржување на ветерни турбини е предвидена на 10 години од примопредавањето на сите четири (4) ветерни турбини.
- Склучување на Договор за ЛОТ 2: Изградба на патишта и кабелски врски за инженеринг, набавка, испорака и изградба на проектот Парк на ветерни електрани Богданци - Фаза II помеѓу АД ЕСМ и Изведувачот на ЛОТ 2 на ден 09.07.2025 година, со период на завршување на работите кој изнесува 460 дена, и период определен за известување за недостатоците на работите од 36 месеци.
- Авансно плаќање кон Изведувач на ЛОТ 1, преку повлекување на средства од Заем од КфВ, како и грант од инструмент Инвестициска рамка за Западен Балкан, соодветно.
- Склучување на Анекс бр. 5 на основниот Договор за консултантски услуги (Главни работи) помеѓу АД ЕСМ и Консултантскиот конзорциум на ден 18.09.2025 година, согласно кој се зголемува периодот на завршување на Фаза А за девет (9) дена, и истиот изнесува шеесет и девет (69) месеци и девет (9) дена до 09.07.2025 година, без Фаза Б и периодот определен за известување за недостатоците на работите. Фаза Б започнува на 09.07.2025 година и ќе заврши на 31.12.2027 година, при што периодот на завршување за Фаза Б изнесува триесет (30) месеци. Со предметниот Анекс се уредуваат измени во распоредот на персоналот на Консултантот, се зголемува опфатот на услуги за Проектот, во однос на активности за ублажување на празнините за животна средина, здравје, безбедност и социјални аспекти (ESHS) од ЛОТ 1; мерки за комуникација и видливост, како и дополнителен обем на надзор при градба, при што се зголемува надоместокот за Консултантот, и се зголемува вредноста на Договорот.
- Склучување на Анекс бр. 1 на основниот Договор за ЛОТ 2: Изградба на патишта и кабелски врски за инженеринг, набавка, испорака и изградба на проектот Парк на ветерни електрани

Богданци - Фаза II помеѓу АД ЕСМ и Изведувачот на ЛОТ 2, на ден 21.10.2025 година, согласно кој се уредува следното: се менува денарската сметка на Изведувачот со девизна сметка, бидејќи плаќањата кон Изведувачот ќе се вршат директно од КфВ кон сметката на Изведувачот во странска валута (евра); се менуваат Посебните услови, Барањата на Инвеститорот од Договорот и Прилогот за цени бр. 2, како резултат на должината на тендерската постапка за Проектот, што доведе до менување на потребите на Инвеститорот во однос на разна опрема, како и менување на карактеристиките на опремата, согласно технолошкиот напредок.

- Авансно плаќање кон Изведувач на ЛОТ 2, преку повлекување на средства од Заем од КфВ, како и грант од инструмент Инвестициска рамка за Западен Балкан, соодветно.
- Подготвителни работи за ЛОТ 2.
- Подготовка на Основен проект од страна на Изведувач на ЛОТ 2.

## 3.1 Парк на ветерни електрани Миравци

- Преговори со МФИ која би го финансирала проектот Консултации со ЕБОР за изработка на ТОР, доставана апликација за дизајн на проектот до Министерство за Финансии, согласно новата законска регулатива, подготовка за доставување на барање за утврдување на локации за поставување на мерни станици на ветерна енергија до МЕРМС(Геодетски елаборати, топографски карти и сл.) заради изработка на Физибилити студија за проектот.

## 3.2 Фотонапонска електрана Осломеј 1 – 10 MW

- ФЕ Осломеј 1 во 2023 година има произведено повеќе од 15 GWh.
- На 30.06.2023 е потпишан Договор за грант со ЕБОР преку инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF).
- Извршено е предбележување на објектот на имотен лист
- Апликацијата за Одобрение за употреба е одбиена од надлежен орган
- Склучување на Измена бр. 10 на основниот Договор за набавка и поставување на Фотонапонска електроцентрала од 10 MW помеѓу Инвеститорот, АД ЕСМ - Скопје и Изведувачот на Проектот, согласно која се врши продолжување на времето за завршување на Договорот за дополнителни триста триесет и шест (336) дена, односно единаесет (11) месеци, без финансиски импликации за Инвеститорот. Притоа, завршувањето на објектот треба да се постигне во рок од педесет и пет (55) месеци, односно до 04.09.2024 година.
- Склучување на Измена бр. 11 на основниот Договор за набавка и поставување на Фотонапонска електроцентрала од 10 MW помеѓу Инвеститорот, АД ЕСМ - Скопје и Изведувачот на Проектот, согласно која се врши продолжување на времето за завршување на Договорот за дополнителни триста триесет и шест (336) дена, односно шест (6) месеци, без финансиски импликации за Инвеститорот. Притоа, завршувањето на објектот треба да се постигне во рок од шеесет и еден (61) месец, односно до 03.03.2025 година.
- Склучување на Измена бр. 12 на основниот Договор за набавка и поставување на Фотонапонска електроцентрала од 10 MW помеѓу Инвеститорот, АД ЕСМ - Скопје и Изведувачот на Проектот, согласно која се врши продолжување на времето за завршување на Договорот за дополнителни триста триесет и шест (336) дена, односно десет (10) месеци, без финансиски импликации за Инвеститорот. Притоа, завршувањето на објектот треба да се постигне во рок од седумдесет и еден (71) месец, односно до 31.12.2025 година.
- Аплицирано за употребна дозвола во Министерство за Транспорт на 01.10.2025
- На 17.12.2025 излезе техничка инспекција на терен за технички прием на електраната
- На 22.12.2025 добиен записник за констатирани недостатоци по извршениот технички прием.



*Слика 1. ФЕ Осломеј 1*



*Слика 2. ФЕ Осломеј 1*

### 3.3 Фотонапонска електрана Осломеј 2 - 10 MW

- Изработена е ажурирана геодетска подлога за ФЕЦ Битола.
- Изработен е Идеен проект
- Изработен е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, и истиот е одобрен од страна на МТВ. Одобрен е урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност од 10 MW на локација Осломеј 2 на: КП 500 - дел, КП

2459/1 - дел, КП 2459/3 - дел, КП 2458 - дел, КП 2456, КП 2455 - дел и КП 2147, КО Србица вон град, Општина Кичево, на 07.07.2022 година.

- Завршена е Студијата за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти (ESIA) и техничката проценка на проектот (Technical Due Diligence) од Консултант избран од страна на ЕБОР.
- Подготвена е нацрт-тендерска документација со техничка спецификација, со цел објавување јавна набавка за избор на Изведувач, согласно Политиките и правилата за набавка на ЕБОР.
- На 01.07.2022 година, потпишан е Договор за заем со ЕБОР, за реализација на проектот за транзиција на ЕСМ кон соларни фотоволтаици - ФЕ Осломеј 2 со моќност од 10 MW и ФЕ Битола со моќност од 20 MW, во вредност до 25 милиони евра, обезбеден со државна гаранција.
- По спроведената меѓународна постапка за избор на компанија за консултантски услуги и надзор на проектот, за најповолен понудувач е избран Конзорциумот составен од GOPA-International Energy Consultants GmbH (intec) од Германија и Градежен институт Македонија АД (ГИМ), со кој е склучен Договор за консултантски услуги на ден 19.07.2023 година, а воведот во работа е направен на ден 09.10.2023 година.
- На почетокот од 2024 година, Консултантот/Надзорот на проектот започна со подготовка на проектната задача за изведба на проектот, а со тоа започна и динамиката со подготовка на целокупната потребна документација за објавување на тендер за избор на изведувач согласно Политиките и правилата за набавка на ЕБОР.
- Обезбедени се движења за историски преглед за катастарските парцели кои се во опфат на одобрениот Урбанистички проект
- Обезбедени се имотни листови за сите катастарски парцели во урбанистичкиот проект.
- На ден 20.12.2024 година, помеѓу ЕБОР и АД ЕСМ - Скопје, потпишан е Договор за грант во однос на инвестицискиот грант од Европскиот заеднички фонд на Западен Балкан, во износ од 4.959.000,00 евра.
- Добиена е Одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија од страна на Влада, на ден 04.02.2025.
- Објавен е тендер за избор на изведувач на порталот за е-набавки за клиенти на ЕБОР на 26.11.2024 година, а крајниот рок за достава на првични понуди е 17.01.2025 год.
- По барање на потенцијалните понудувачи рокот за достава на понуди е продолжен до 07.02.2025.
- Пред истекот на рокот за достава на понуди за избор на изведувач 07.02.2025 година, пристигнати се 6 (шест) првични понуди за избор на изведувач.
- Работната група за имплементација на Проектот, формирана при АД ЕСМ - Скопје, во соработка со Консултантот на Проектот, заврши со евалуација на првата фаза на понудите за избор на изведувачи за ФЕ Осломеј 2 и ФЕ Битола, коишто беа доставени преку ECEPP.
- На ден 06.05.2025 година, Консултантот на Проектот, ја достави нацрт-верзијата на Извештајот за евалуација на првичните понуди за ФЕ Осломеј 2 и за ФЕ Битола до АД ЕСМ - Скопје, со цел негово понатамошно разгледување и одобрување од страна на Инвеститорот.
- Во периодот 04.06.2025-05.06.2025 година, по пат на видео врска, се одржаа состаноци за појаснување на доставените понуди од понудувачите, во насока на утврдување на нивно усогласување со/отстапување од тендерската документација.
- Извештајот за евалуација на првичните понуди за ФЕ Осломеј 2 и за ФЕ Битола официјално е испратен до ЕБОР на ден 12.11.2025 а формално одобрување од нивна страна (No Objection) е добиено на ден 15.11.2025.
- Тендерската документација врз база на која ќе се поднесуваат финални технички и финансиски понуди е изработена од страна на Консултантот со поддршка на Инвеститорот. На 19.11.2025 година, на Порталот за електронски набавки на Клиентите на ЕБОР (ECEPP), беше објавена тендерската документација за поднесување на финални технички и финансиски понуди за ЛОТ 1: Проектирање, набавка и инсталирање, пуштање во употреба и предавање на ФЕЦ Осломеј 2 (10 MW) и ЛОТ 2: Проектирање, набавка и инсталирање, пуштање во употреба и предавање на ФЕЦ Битола (20 MW).

- Крајниот рок за доставување на финалните понуди беше 19.12.2025 година, но од страна на банката беше продолжен до 23.12.2025. Во текот на месец декември 2025 година, понудувачите доставуваа барања за појаснување на тендерската документација.
- На ден 23.12.2025 година, се одржа отворањето на финалните понуди доставени од понудувачите. Пристигнати се 2 (две) понуди за избор на изведувач.
- Во тек е евалуација на пристигнатите финални понуди за избор на изведувач.
- Во тек е изработка на Урбанистичка документација за енергетски приклучок.
- Преговорите и потпишувањето на договори со изведувачите се очекува да се реализира во текот на вториот квартал од 2026 година.

### 3.4 Фотонапонска електрана Битола - 20 MW

- Изработка на Анализа за приклучок на преносна мрежа (МЕПСО)
- Изработена е ажурирана геодетска подлога за ФЕЦ Битола и подготовка за
- изработка на урбанистичко планска документација
- Изработен е Идеен проект
- Одобрен е урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотонапонска електроцентрала со моќност од 20 MW на локација РЕК Битола - дел од КП 221/1, КО Добромири, Општина Новаци, на 11.02.2025.
- Завршена е Студијата за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти (ESIA) и техничката проценка на проектот (Technical Due Diligence) од Консултант избран од страна на ЕБОР.
- Подготвена е нацрт-тендерска документација со техничка спецификација, со цел објавување јавна набавка за избор на Изведувач, согласно Политиките и правилата за набавка на ЕБОР.
- На 01.07.2022 година, потпишан е Договор за заем со ЕБОР, за реализација на проектот за транзиција на ЕСМ кон соларни фотоволтаици - ФЕ Осломеј 2 со моќност од 10 MW и ФЕ Битола со моќност од 20 MW, во вредност до 25 милиони евра, обезбеден со државна гаранција.
- Крајниот рок за поднесување на понуди од потенцијалните понудувачи, согласно објавената меѓународна тендерска постапка за избор на Консултант/Надзор на Проектот, беше 02.12.2022 година.
- По спроведената меѓународна постапка за избор на компанија за консултантски услуги и надзор на проектот, за најповолен понудувач е избран Конзорциумот составен од GOPA-International Energy Consultants GmbH (intec) од Германија и Градежен институт Македонија АД (ГИМ), со кој е склучен Договор за консултантски услуги на ден 19.07.2023 година, а воведот во работа е направен на ден 09.10.2023 година.
- На почетокот од 2024 година, Консултантот/Надзорот на проектот започна со подготовка на проектната задача за изведба на проектот, а со тоа започна и динамиката со подготовка на целокупната потребна документација за објавување на тендер за избор на изведувач согласно Политиките и правилата за набавка на ЕБОР.
- На ден 20.12.2024 година, помеѓу ЕБОР и АД ЕСМ - Скопје, потпишан е Договор за грант во однос на инвестицискиот грант од Европскиот заеднички фонд на Западен Балкан, во износ од 4.959.000,00 евра.
- Објавен е тендер за избор на изведувач на порталот за е-набавки за клиенти на ЕБОР на 26.11.2024 година, а крајниот рок за достава на првични понуди е 17.01.2025 год.
- По барање на потенцијалните понудувачи рокот за достава на понуди е продолжен до 07.02.2025.
- Пред истекот на рокот за достава на понуди за избор на изведувач 07.02.2025 година, пристигнати се 6 (шест) првични понуди за избор на изведувач.
- Работната група за имплементација на Проектот, формирана при АД ЕСМ - Скопје, во соработка со Консултантот на Проектот, заврши со евалуација на првата фаза на понудите за избор на изведувачи за ФЕ Осломеј 2 и ФЕ Битола, коишто беа доставени преку ECEPP.

- На ден 06.05.2025 година, Консултантот на Проектот, ја достави нацрт-верзијата на Извештајот за евалуација на првичните понуди за ФЕ Осломеј 2 и за ФЕ Битола до АД ЕСМ - Скопје, со цел негово понатамошно разгледување и одобрување од страна на Инвеститорот.
- Во периодот 04.06.2025-05.06.2025 година, по пат на видео врска, се одржаа состаноци за појаснување на доставените понуди од понудувачите, во насока на утврдување на нивно усогласување со/отстапување од тендерската документација.
- Извештајот за евалуација на првичните понуди за ФЕ Осломеј 2 и за ФЕ Битола официјално е испратен до ЕБОР на ден 12.11.2025 а формално одобрување од нивна страна (No Objection) е добиено на ден 15.11.2025.
- Тендерската документација врз база на која ќе се поднесуваат финални технички и финансиски понуди е изработена од страна на Консултантот со поддршка на Инвеститорот. На 19.11.2025 година, на Порталот за електронски набавки на Клиентите на ЕБОР (ECEPP), беше објавена тендерската документација за поднесување на финални технички и финансиски понуди за ЛОТ 1: Проектирање, набавка и инсталирање, пуштање во употреба и предавање на ФЕЦ Осломеј 2 (10 MW) и ЛОТ 2: Проектирање, набавка и инсталирање, пуштање во употреба и предавање на ФЕЦ Битола (20 MW).
- Крајниот рок за доставување на финалните понуди беше 19.12.2025 година, но од страна на банката беше продолжен до 23.12.2025. Во текот на месец декември 2025 година, понудувачите доставуваа барања за појаснување на тендерската документација.
- На ден 23.12.2025 година, се одржа отворањето на финалните понуди доставени од понудувачите. Пристигнати се 2 (две) понуди за избор на изведувач.
- Во тек е евалуација на пристигнатите финални понуди за избор на изведувач.
- Во тек е изработка на Урбанистичка документација за енергетски приклучок.
- Преговорите и потпишувањето на договори со изведувачите се очекува да се реализира во текот на вториот квартал од 2026 година.
- Добиена е Прелиминарна согласност за приклучување на системот за пренос на електрична енергија на производителите на електрична енергија ФЕЦ Битола 180 MW (ФЕЦ Битола 1, ФЕЦ Битола 2 и ФЕЦ Битола 3).
- Добиено е Овластување за изградба на енергетски објект- фотонапонска електроцентрала ФЕЦ Битола 1 на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје од Влада Влада на Република Северна Македонија.

## 3.5 Фотонапонска електрана Битола 2 и Битола 3

- На 15.09.2022 година, склучен е Договор за консултантски услуги, за изработка на Физибилити студии и СОВЖС за двете фотонапонски електрани - ФЕ Битола со моќност од 60 MW и ФЕ Битола 3 со моќност од 100 MW. Двете студии се изработени од страна на Консултантот, Fichtner GmbH & Co. KG (Германија), и одобрени од страна на Кредитната банка за обнова - КфВ и УО на АД ЕСМ - Скопје.
- Договорот за консултантски услуги е целосно реализиран, и сите финансиски обврски кон Консултантот се соодветно подмирени преку повлекувања од грант од КфВ.
- Одобрен е заем со државна гаранција за изведба на проектот ФЕ Битола 2, за којшто на ден 19.12.2024 година, склучен е Договор за заем со Кредитната банка за обнова - КфВ.
- Завршена е евалуацијата на доставените апликации од страна на заинтересираните компании во фазата на претквалификација за избор на Консултант/Надзор. Истата е одобрена и од страна на КфВ, а се однесува на избор на Консултант/Надзор за проектот ФЕ Битола 2 (опционално и за проектот ФЕ Битола 3).
- Фотонапонската електрана Битола 2 би резултирала со инсталирана моќност од најмалку 50 MW и номинално годишно производство на електрична енергија од околу 90 GWh.
- Фотонапонската електрана Битола 3 би резултирала со минимална инсталирана моќност од 100 MW и номинално годишно производство на електрична енергија од околу 175 GWh.

- Усвоена е Анализа за приклучок на ФЕ Битола од 60 MW на преносната мрежа изработена од АД МЕПСО. АД МЕПСО достави нацрт-Студија за приклучок, и се работи на финализирање на истата. Добиена е Прелиминарна согласност за приклучок од страна на АД МЕПСО.
- Усвоена е Анализа за приклучок на ФЕ Битола од 100 MW на преносната мрежа, изработена од АД МЕПСО. АД МЕПСО достави нацрт-Студија за приклучок и се работи на финализирање на истата. Добиена е Прелиминарна согласност за приклучок од страна на АД МЕПСО.
- Изработена е ажурирана геодетска подлога.
- Изработен нацрт-Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.
- Создадени се услови за планирање на просторот.
- Добиени се согласности во ПИМ постапки.
- Одобрена е Проектна програма од страна на Министерството за транспорт.
- Изработен е и одобрен Елаборат за животна средина.
- Одобрен е заем со државна гаранција за изведба на проектот ФЕ Битола 3, за којшто на ден 22.12.2025 година, склучен е Договор за заем со Кредитната банка за обнова - КфВ и Европската Банка за обнова и развој (ЕБОР).
- Објавен е тендер за избор на Консултант/Надзор за двата проекти заедно.

### 3.6 Пловечки фотонапонски електрани ФЕЦ Шпилје

- Изработена е Техничка анализа за инсталирање на Пловечки фотонапонски централи на вештачкото Дебарско Езеро.
- Одржан консултативен состанок со претставници од Управа за животна средина - МЖСПП.
- Одржани состаноци со претставници од ЕИБ и ЕБОР со цел изнаоѓање начини за финансирање на проектот.
- Направена е посета на планирате локации и одржани се повеќе состаноци на кои се дискутирани критичните точки за изградба на ваков тип на објекти со Консултантски тим од ФЕИТ и Градежен Факултет.
- Одобрена е проектна задача со која ЕИБ и ЕБОР ќе избарат консултант за изработка на Физибилити Студија и Студија за заштита на животната средина и социјални аспекти за пловечка електрана од 50MW.
- Во следниот период се очекува назачување на консултант од страна на ЕИБ и ЕБОР со цел почеток на изработка на студиите.
- Од страна на ЕИБ и ЕБОР избран е изработувач на студијата, конзорциум составен од Коленко и Дорниер.
- Направен е воведен состанок, извршена посета на локација и одржани средби со локално население и НВО со што е извршена презентација на проектот.
- Во тек е потпишување на договор за доверливост помеѓу засегнатите страни, по што ќе се продолжи кон изработка на физибилити студија.

### 3.7 Физибилити студија за хибридна фотоволтаична електрана Богданци

- Изработена и предадена до Генерален директор на АД ЕСМ - Скопје.
- Изработена е СТУДИЈА за оптимално димензионирање и оперативно водење на батериски системи за складирање на електрична енергија во хибридна електрична централа Богданци.

### 3.8 Физибилити студија за проточна хидроелектрана Неготино

- Направена работна група за изработка за физибилити студија за проточна хидроелектрана Неготино.
- На барање на работната група постоечкиот зафат на река Вардар кај ТЕЦ Неготино е ставен во годишна програма за оскултација на брани.
- Доставено е писмо за намери до МЖСПП и согласно писмото за намери задолжени бевме за изработка на Елаборат за заштита на животната средина.
- Изработен елаборат и доставен до МЖСПП за кој добивме позитивен одговор.
- Направена ажурирана геодетска синмка на теренот.

- Заедно со консултантите од факултетите паралелно се работи на физибилити студијата за проточна електрана, предложена е електромашинска опрема за електраната, предвидени се димензии за машинската хала и останатите пратечки ХТО.
- Направен е ОКП и доставен до Министерство за финансии.

## 4 РУДНИЦИ

### 4.1 Површински коп Брод-Гнеотино

- Завршена е постапката за доставување на финансиска гаранција до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (МЕРМС), согласно измените во Законот за минерални суровини, и во согласност со изработениот и ревидиран „План за управување со отпад од минерални суровини - Рудник Брод -Гнеотино“.
- Изработен и ревидиран е Елаборат од извршените детални геолошки истраги за состојбата со резервите на минерални суровини на просторот на кој е доделена постојната концесија за експлоатација за „Брод Гнеотино“
- Изработена е Студија за оправданост на концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен за рудник Брод – Гнеотино
- Финализирана е постапката за Продолжување на Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - јаглен и потпишан е Анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Брод Гнеотино", општина Новаци.
- Започната е изработка и ревизија на Дополнителен рударски проект за експлоатација на ПК Брод-Гнеотино за период 2026 ÷2030 година.

### 4.2 Површински коп ПЈС – Суводол

- Изработен и ревидиран е Дополнителен рударски проект за санација на свлечиштето во ПК ПЈС Суводол
- Завршена е постапката за доставување на финансиска гаранција до МЕРМС, согласно измените во Законот за минерални суровини, и во согласност со изработениот и ревидиран „План за управување со отпад од минерални суровини - Рудник ПЈС – Суводол“.
- Изработен и ревидиран е Елаборат од извршени детални геолошки истраги за состојбата со резервите на минерални суровини на просторот на кој е доделена постојната концесија за експлоатација за „Суводол“
- Изработена е Студија за оправданост на концесија за експлоатација на минерална суровина – јаглен за рудник ПЈС - Суводол
- Финализирана е постапката за Продолжување на Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - јаглен и потпишан е Анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Суводол", општина Новаци.
- Согласно постапката за добивање на Дозвола за експлоатација, до МЕРМС е доставено добиеното Известување од МЖСПП во врска со дозволата за води, одводнување/пренасочување и испуштање на отпадни води во Црна Река од процесот на работа на ПК Подинска Јагленова серија „Суводол"-Новаци.
- Започната е изработка и ревизија на Дополнителен рударски проект за експлоатација на ПК ПЈС – Суводол за период 2026 ÷2030 година

### 4.3 Живојно

- Добиено е Одобрение на Ревидентска клаузула за Главен Рударски Проект Живојно од МЕРМС.
- Изработен и ревидиран е План за управување со отпад од минерални суровини - рудник Живојно, согласно член 96 од Законот за МС, со предвидена сума за финансиска гаранција која е потребно да се достави до ресорното МЕРМС.

- Добиено е Решение за одобрување на проектот од страна на МЖСПП согласно со Студијата за оцена на влијанието врз животната средина.
- Изработен и ревидиран е Основен Проект за водостопански објекти и постројки.
- Поднесено е Барање за издавање на водостопанска согласност, односно дозвола за користење на вода и дозвола за испуштање на отпадни води до МЖСПП, Сектор за води.

### 4.4 Гуштерица

- Изработен е Техничко – технолошки елаборат за постапката за експлоатација на минерални суровини со техниките и супстанциите што ќе се применат во рудник „Гуштерица".
- Обезбедена е финансиска гаранција до МЕРМС, согласно Законот за минерални суровини, и во согласност со изработениот Техничко – технолошки елаборат.
- Комплетирано и доставено е дополнувањето кон Барањето за издавање на концесија за експлоатација на минерална суровина - за јагленово наоѓалиште „Гуштерица" - РЕК Осломеј, до МЕРМС.

### 4.5 Чукале

- Поднесена е Иницијатива за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина Јаглен на локалитетот „Североисток Чукале" општина Кичево, со проширени координати кои зафаќаат поголем простор од претходно планираниот, каде се предвидува и соодветна локација за одлагалиште.

### 4.6 Дедебалци

- Рестартирани се активностите за операционализација на наоѓалиштето по поднесената Иницијатива за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина Јаглен на локалитетот Дедебалци, Битола, согласно Одлука на УО.

## 5 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

### 5.1 РЕК Битола

- Изработени се два шестмесечни извештаи за спроведени активности во домен на заштита врз животната средина во РЕК Битола, за потребите на договорот за кредитирање за ревитализација и модернизација на РЕК Битола со Deutsche Bank.

### 5.2 Фотонапонски централи Битола 2 и Битола 3

- Изработката на Физибилити студијата и Студијата за оцена на влијанијето врз животната средина и социјалните аспекти (ESIA) за двете фотонапонски електрани од 60 и 100 MW, односно ФЕ Битола 2, со моќност од 60 MW и ФЕ Битола 3, со моќност од 100 MW, согласно склучениот Договор за консултантски услуги е веќе завршена. Студиите се одобрени од Кредитната банка за обнова - КфВ и УО на АД ЕСМ - Скопје.

## 6 ОСТАНАТО

### 6.1 Фотонапонска електрана Осломеј 3 - ЈПП

- Одобрена е Урбанистичко планска документација.
- Изработен е Геодетски Елаборат за нумерички податоци за 3.1. и 3.2.
- Одобрен УПВОУП за изградба на ФЕЦ Осломеј 3.1
- Одобрен УПВОУП за изградба на ФЕЦ Осломеј 3.2
- Одобрен е Елаборат за животната средина од МЖСПП.

- Подготвена е апликација за обезбедување на земјиште сопственост на РСМ согласно УПВОУП за дел 3.1., истата е аплицирана на ден 12.02.2024, побарано е дополнување на документацијата на ден 16.02.2024, дополнувањето е доставено на ден 23.02.2024 , потоа нема нови промени.
- Подготвена е апликација за обезбедување на земјиште сопственост на РСМ согласно УПВОУП за дел 3.2., истата е аплицирана на ден 12.02.2024,барањето е одбиено на 01.03.2024, без барање за дополнување.
- Доставена е жалба до второстепена комисија
- Добиена е употребна дозвола за Приватен партнер ОСМ Солар.
- Во тек е постапка за обезбедување, односно префрлање на земјиштето за Приватен партнер Фортис.

### 6.2 Консултантски услуги од областа на електротехничките и информациските технологии, градежништво, машинство и рударство и геологија

- Спроведена е јавна набавка и потпишан е договор за Консултантски услуги од областа на градежништво.
- Извршени се консултантски (стручни) услуги со давање мислења за сите фази од областите: машинство, електротехничките и информациските технологии, градежништво и рударство и геологија. Изработени се: проектни задачи, проектни програми, извештаи, програми за истражувања, изработка и ревизии на елаборати, теренски мерења, лабораториски испитувања, испитувања на терен и други услуги согласно обврските од договорите.

### 6.3 Ресертификација на стандард ISO 9001:2015

- Во текот на годината континуирано се спроведуваа активности со цел имплементација на стандардот за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015.
- Во ноември 2025 година направена е редовна годишна екстерна проверка на системот за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015.

### 6.4 Ресертификација на стандард ISO 14001:2015

- Во текот на годината континуирано се спроведуваа активности со цел имплементација на стандардот за управување со животна средина согласно ISO 14001:2015. Беше спроведена јавна набавка за ресертификација на стандардот ISO 14001:2015 меѓутоа истата заврши неуспешно.

### 6.5 Ресертификација на стандард ISO 45001:2018

- Во февруари 2025 година направена е Ресертификација на системот за управување со безбедност и здравје при работа согласно ISO 45001:2018.
- Во текот на годината континуирано се спроведуваа активности со цел имплементација на стандардот за управување со БЗР согласно ISO 45001:2018.

### 6.6 Годишни инвестициски активности

- Изработен е Извештај за реализација на Годишната инвестициска програма за 2025 година и истиот е усвоен од страна на УО и НО на АД ЕСМ.
- Во 2025 година реализирани се средства во вкупен износ од 1.933.569.000 денари односно 12% од вкупната планирана вредност на Инвестициската програма за 2025 година, која беше планирана со планска вредност од 15.860.008.000 денари (257.886.000 ЕУР).
- Во делот на Капиталните (Големи) проекти од Годишната инвестициска програма за период од I-XII месец 2025 година, реализирани се вкупно1. 490.025.000 денари, односно 14% од планираната вредност на инвестициските активности за 2025 година за Капитални проекти, која е со планска вредност од 10.811.258.000 денари.

- Во делот за проектите од инвестициско вложување во подружници и дирекција на АД ЕСМ реализирани се вкупно 444.544.000 денари односно 9% од планираната вредност на инвестициските активности за инвестициско вложување за 2025 година, која е со планска вредност од 5.048.750.000 денари.
- Извршена е проверка на позицијата и планираните средства во ГИП за инвестициски активности,
- Изработени се Извештаи за реализација на инвестициските активности за 2025 година - квартално.
- Следење на реализацијата на Годишната инвестициска програма за 2025 година на АД ЕСМ за сите производни подружници и сектори во дирекција.
- Изработена е Предлог Годишна инвестициска програма за 2026 година и усвоена на УО и НО.
- Следење на инвестициски активности и нивно евидентирање.

## 6.7 Останати активности

- Доставени квартални Акциски планови до Министерство за финансии за проектите кои се во фаза на имплементација и истите се финансираат со заеми и инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори
- Следење на финансиската реализација на проектите кои се во фаза на имплементација и нивно евидентирање

# IV. СЕКТОР ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ РАБОТИ

## Секторот за комерцијални работи се состои од два Оддела:

- **Оддел за купопродажба и мерење на електрична енергија и тарифи**
- **Оддел заеднички набавки**

### 1. ВОВЕД

Основна карактеристика на работата во Одделот за купопродажба и мерење на електрична енергија во текот на 2025 година е реализацијата на редовни и вонредни комерцијални задачи во делот на купопродажба и наплата на електрична енергија како и мерење и проверка на податоците за произведената, испорачаната и преземена електрична енергија од страна на АД ЕСМ Скопје.

**Реализација на планот за работа во 2025 година**

Работењето на Одделот за купопродажба и мерење на електрична енергија, Сектор за комерцијални работи, во 2025 година, може да се следи преку:

I. **реализација на основните задачи за пресметковни периоди од еден календарски месец**

II. **реализација на други (повремени) работни задачи од делокругот на купопродажба и мерење на електрична енергија**

**I. Основни задачи за пресметковни периоди од еден календарски месец**

Во секој пресметковен период од еден календарски месец, вработените ги извршиле следните активности:

- Пресметка и проверка на податоците за:
  - ✓ производство на електрична енергија на АД ЕСМ (бруто, нето) од хидро, термо, когенеративни, ветерни и фотоволтаични електрани врз основа на отчитувања на пресметковни и контролни броила.
  - ✓ испорачана електрична енергија на Универзалниот снабдувач ЕВН Хоме, ЕСМ Продажба ДООЕЛ, како и на други купувачи,
  - ✓ испорачана електрична енергија на Електродистрибуција ДООЕЛ за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа.
  - ✓ испорачани системски услуги (балансен капацитет и балансна енергија) на АД МЕПСО како Оператор на електроенергетскиот систем,
  - ✓ потрошена електрична енергија за сопствени потреби за процесот на производство на електрична енергија на производните капацитети АД ЕСМ врз основа на отчитувања на соодветни броила,
  - ✓ испорачана електрична енергија на потрошувачи кои вршат дејности во рамките на производните погони на АД ЕСМ,

- ✓ влезни фактури за извршени услуги за пренос на електрична енергија од страна на АД МЕПСО врз основа на отчитувања на пресметковни и контролни броила на точките на прием на електрична енергија од електропреносната мрежа.
- ✓ вкупно отстапување и финансиско порамнување на балансната група на АД ЕСМ со операторот на електропреносниот систем врз основа на часовните отчитувања на пресметковни и контролни броила во точките на прием и предавање на електрична енергија како и часовните количини на номинирана размена на електрична енергија на балансната група.
- ✓ распределба на отстапувања и финансиско порамнување помеѓу членовите на балансната група на АД ЕСМ.

- Изработка на:
  - ✓ фактури за продажба на електрична енергија по сите основи, согласно Законот за енергетика и соодветните подзаконски акти,
  - ✓ фактури за продажба на системски услуги и надомест за порамнување на отстапувањата, фактури по други основи,
  - ✓ пресметка на камата за задоцнето плаќање
- Следење на:
  - ✓ реализацијата на Електроенергетскиот биланс во делот на производството на електрична енергија од производствените капацитети на АД ЕСМ,
  - ✓ наплатата на фактурите од продадена електрична енергија, системски услуги, надомест за порамнување на отстапувањата и фактури по други основи.
  - ✓ пресметка на електрична енергија (активна и реактивна) и моќност по пресметковни и контролни броила како и следење на исправноста на мерењето на електричната енергија.
  - ✓ изработка на биланси на електрична енергија на АД ЕСМ.
  - ✓ усогласување на пресметковни податоци со соодветните служби на АД МЕПСО, Електродистрибуција ДООЕЛ како и со други добавувачи и купувачи на електрична енергија.
  - ✓ изработка и доставување до секторите во Дирекција, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, Државен завод за статистика како и до други надлежни органи, Месечен извештај во кој се презентирани сите потребни податоци за:
    - производство на електрична енергија (од термо, хидро, когенеративни и ветерни и фотоволтаични електрични централи),
    - продажба на системски услуги за потребите на АД МЕПСО и надомест за порамнување на позитивни отстапувања,
    - продажба на електрична енергија на Универзалниот снабдувач ЕВН Хоме, Електродистрибуција ДООЕЛ, АД МЕПСО, ЕСМ Продажба ДООЕЛ и на други купувачи на пазарот на електрична енергија,
    - продажба на електрична енергија на потрошувачи кои вршат дејност во рамките на производните подружници на АД ЕСМ,
    - продажба на други услуги,
    - сопствена потрошувачка на електрична енергија за процесот на производство на производните капацитети,

- билanси на електрична енергија на АД ЕСМ,
- реализација на планирано производство на електрична енергија,
- преглед на излезни фактури по сите основи,
- преглед на пресметан данок во излезните фактури,
- преглед на влезни фактури по основ системски услуги, услуги за пренос и управување со пазар на електрична енергија, финансиско порамнување на отстапувањата на балансната група на АД ЕСМ.
- наплата на електрична енергија по фактури за АД МЕПСО, МЕМО ДООЕЛ, ЕВН Хоме, Електродистрибуција ДООЕЛ, ЕСМ Продажба ДООЕЛ и останатите купувачи,
- други енергетско-финансиски податоци.

- Изработка на месечни прегледи за данок на додадена вредност:
  - ✓ на излезни фактури за продажба на системски услуги, електрична енергија и моќност, по сите основи,
  - ✓ на излезни фактури по други основи.
- Изработка на прегледи за влезни фактури по основ на системски услуги, услуги за пренос и управување со пазар на електрична енергија, надомест за порамнување на отстапувања и набавка на електрична енергија.
- Организирање и следење на мерењето на електричната енергија:
  - ✓ споредба на пресметката на електрична енергија по пресметковни и контролни броила како и следење на исправноста на мерењето на електричната енергија,
  - ✓ следење на исправноста на пресметковните и контролните уреди,
  - ✓ редовна и вонредна контрола на мерните уреди заедно со соодветните служби од АД МЕПСО, Електродистрибуција ДООЕЛ и потрошувачите на местата на примопредавање на енергија,
  - ✓ замена на броила, монтажа на нови броила, параметрирање, испитување на пресметковните и контролните уреди заедно со соодветните служби од АД МЕПСО, Електродистрибуција ДООЕЛ, или корисниците на електрична енергија во подружниците на АД ЕСМ,
  - ✓ определување на нерегистрирана количина на електрична енергија при констатирано неисправно мерење со помош на контролни броила, контролни мерни места или енергетски биланси заедно со соодветните служби од АД МЕПСО, Електродистрибуција ДООЕЛ, или корисниците на електрична енергија во подружниците на АД ЕСМ,
  - ✓ изработка на биланси на електрична енергија на АД ЕСМ,
  - ✓ пресметка на технички загуби на електрична енергија во внатрешната мрежа на АД ЕСМ,
  - ✓ водење и ажурирање на целокупната документација на сите мерни уреди од интерес на Одделот,
  - ✓ изработка и корекција на шеми на поврзување на мерни уреди.
- Стручни мислења, анализи и предлози.

## II. Реализација на други работни задачи од делокругот на купопродажба и мерење на електрична енергија

- Техничките лица во Одделот задолжени за следење на исправноста на мерните уреди (пресметковни и контролни), беа ангажирани да вршат контрола и анализа на точноста на контролните/пресметковните мерења и сами или заедно со стручни лица од АД МЕПСО или ЕВН Македонија, вршеа контролни и корективни интервенции.
- Во текот на 2025 година, вработените од Одделот активно учествуваа во разрешување на спорови по основ на излезни и влезни фактури како и по други основи. Одделот учествуваше во подготовката на повеќе договори и анекси во врска со купопродажба на електрична енергија.
- Во своето делување Одделот оствари соработка со стручни лица од други сектори од Дирекцијата на АД ЕСМ, подружници, купувачи, добавувачи и други институции. По барање на Директорот и Управниот одбор, Одделот изработуваше и даваше стручни мислења и предлози.

**Принципи на реализација на обврските**

- Одделот за купопродажба и мерење на електрична енергија, работните задачи ги вршеше врз основа на законските и подзаконските акти кои ја покриваат областа на енергетиката, финансиското и комерцијалното работење, мерењата како и други сегменти од интерес на АД ЕСМ, Одлуки на УО на АД ЕСМ поврзани со работењето на Одделот, на Регулаторната комисија за енергетика, купопродажни договори за електрична енергија, Мрежни правила и останати упатства за комерцијално работење.
- За целосна и успешна реализација на работните задачи, Одделот изработуваше нови и/или ги надополнуваше постојните процедури и други придружни документи (обрасци и сл.) на основа на законските одлуки и ставови на органите на управување на АД ЕСМ, подготвуваше и доставуваше предлози до УО, подготвуваше и бараше стручни мислења од Регулаторната комисија за енергетика.
- Одделот во целост ги почитуваше и спроведуваше обврските кои произлегуваат од законските акти и прописи, одлуките на УО на АД ЕСМ, одлуките на Регулаторната комисија за енергетика, како и други интерни процедури за работа.

**Некои поважни показатели од областа на купопродажба и мерење на електрична енергија за 2025 година**

- Од податоците прикажани во табелите, составен дел на Годишниот извештај за производство и купопродажба на електрична енергија во 2025 година, изработен во Одделот за купопродажба и мерење на електрична енергија како резултат од редовните деловни активности на вработените, произлегуваат одредени поважни показатели од областа на купопродажбата односно мерењето на електрична енергија за 2025 година:
- Издадени фактури за:
    - Електрична енергија испорачана на Универзалниот снабдувач ЕВН ХОМЕ во износ (без ДДВ) 12.166.689.777,67 денари
    - Електрична енергија за покривање на загуби во електродистрибутивна мрежа испорачана на Електродистрибуција ДООЕЛ во износ (без ДДВ) 3.086.723.010,07 денари
    - Електрична енергија испорачана на ЕСМ Продажба ДООЕЛ согласно Билатерален договор за купопродажба на електрична енергија во износ (без ДДВ) 801.916.566,89 денари
    - Електрична енергија испорачана на МЕМО ДООЕЛ од ВЕЦ Богданци по повластена цена во износ (без ДДВ) 543.697.063,96 денари
    - Електрична енергија продадена на организиран пазар на електрична енергија – пазар ден однапред (МЕМО ДООЕЛ - DAM) (денари без ДДВ) 730.115.868 ден.

- Електрична балансна моќност (капацитет) испорачан на АД МЕПСО во износ (без ДДВ) 672.790.339,07 денари
- Електрична енергија од активирана aFRR и mFRR балансна енергија нагоре испорачана на АД МЕПСО во износ (без ДДВ) 825.255.911,06 денари.
- Надомест за отстапување на АД ЕСМ наплатен од АД МЕПСО или членовите на балансната група во износ (без ДДВ) 178.162.906,15 денари

- Влезни фактури за:
  - Набавена електрична енергија од продавачи во износ (без ДДВ) 276.365.141,36 денари
  - Електрична енергија набавена преку Договор за услуги со ЕСМ Продажба во износ (без ДДВ) 3.454.123.784,23 денари.
  - Електрична енергија набавена на организиран пазар на електрична енергија – пазар ден однапред (МЕМО ДООЕЛ – DAM) во износ (без ДДВ) 2.935.673.539,08 денари
  - Набавена електрична енергија од активирана aFRR и mFRR балансна енергија надолу од АД МЕПСО во износ (без ДДВ) 175.199.711,10 денари.
  - Надомест за отстапување на АД ЕСМ платен на АД МЕПСО или членовите на балансната група во износ (без ДДВ) 208.504.621,40 денари.

Сопствената потрошувачка за процесот на производство на електрична енергија на електраните во 2025 година (заедно со рудниците) пресметана на основа на изворни измерени податоци изнесува 355.410.153 kWh од кои 350.399.860 kWh се од сопствено производство, а остатокот преку снабдување. Износот (без ДДВ) на интерно фактурираната електрична енергија за сопствени потреби, за 2025 година, изнесува 1.338.575.933,00 денари.

## 2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Според утврдените задолженија, поставените задачи и својата поставеност и екипираност, основна задача на Одделот е извршување на јавните набавки за потребите на АД ЕСМ Скопје.

Својата работа во овој домен, се заснова, воглавно на Законот за јавни набавки и неговите подзаконски акти, и интерните акти на Друштвото (Упатството за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во АД ЕСМ Скопје, Планот за јавни набавки кој вклучува јавни набавки за тековно работење - ТЕК и јавни набавки за инвестиции - ГИП; Финансискиот план и друго.)

Во реализацијата на набавките покрај Одделот за заеднички набавки, набавки се вршат и преку соодветните служби на подружниците на АД ЕСМ Скопје и заради тоа во овој Извештај дадени се соодветни податоци за набавките реализирани од страна на Одделот за заеднички набавки (во прегледот Дирекција) и во секоја Подружница посебно.

Во понатамошниот текст, податоците и анализите кои се направени се однесуваат на вкупните набавки реализирани преку Одделот за заеднички набавки (Дирекција) и сите останати Подружници.

Во разгледуваниот период (01 Јануари 2025 – 31 Декември 2025 јавните набавки во АД ЕСМ Скопје се одвиваа согласно Годишниот план за јавни набавки за 2025 година (ГПЈН) усвоен од Управен Одбор со Одлука бр. 02-394/48/1 од 23.01.2025г за тековно работење (ТЕК), одобрена од Надзорен Одбор со одлука бр. 02-424/21/2 од 28.01.2025г за тековно работење (ТЕК) и за годишна инвестициска програма (ГИП) усвоен од Управен Одбор со Одлука бр. 02-394/48/2 од 23.01.2025г за тековно работење (ТЕК), одобрена од Надзорен Одбор со одлука бр. 02-424/21/3 од 28.01.2025г, во износ од 56,717,863,605.00 МКД без ДДВ, од кои:

- 18.049.975.100,00 за тековно работење (ТЕК)
- 38.667.888.505,00 за инвестиции (ГИП)

Во ГПЈН за 2025 година влезени се и планираните набавки за кои не се спроведуваат постапки за набавка согласно ЗЈН. Такви се планираните набавки дадени во следната табела:

**Табела 1**

| Назив на предметот на набавка (енергенсот) | Подружница | Планиран износ во ГПЈН за 2025 |
|---|---|---|
| Мазут (РЕК Битола) | РЕК Битола | 952.000.000,00 |
| Мазут (РЕК Осломеј) | РЕК Осломеј | 220.000.000,00 |
| **ВКУПНО ЗА МАЗУТ** | | **1.172.000.000,00** |
| Набавка на јаглен (лигнит) | РЕК Битола | 7.000.000.000,00 |
| | РЕК Осломеј | 1.778.000.000,00 |
| **ВКУПНО ЗА ЈАГЛЕН** | | **8.778.000.000,00** |
| Набавка на резервна моќност и испорака на електрична енергија (за АД ЕСМ) | АД ЕСМ - Дирекција | 3.000.000.000,00 |
| Природен гас (Енергетика) | Енергетика | 450.000.000,00 |
| **СЕВКУПНО** | | **13.400.000.000,00** |

Бидејќи овие суми се високи и силно влијаат на резултатите во овој Извештај истите ќе ги иземеме од вредноста на ГПЈН за 2025 со цел да се добие пореална претстава за реализацијана ГПЈН за 2025 година односно спроведените постапки за јавни набавки во 2025 година, па така, по минусирањето на овој износ бројките се следни:

Вкупен износ на ГПЈН за 2025 година: 43.317.863.605,00 (56,717,863,605.00 - 13.400.000.000,00) од кои:

- за тековно работење (ТЕК) 4.649.975.100,00 (18,049,975,100.00 - 13.400.000.000,00)
- за инвестиции (ГИП) 38,667,888,505.00

Оперативната реализација на набавките се одвиваше според утврдените процедури и расположивите финансиски средства на АД ЕСМ Скопје.

Согласно Законот за јавни набавки, набавките се делат на :

- набавки на стоки
- набавки на услуги
- набавки на работи

Во Прегледот дадени се и податоци за бројот и вредноста на јавните набавки кои се извршуваат според ГИП (Годишна Инвестициона Програма) а се реализираат согласно Законот за јавни набавки, како и според Планот за тековно одржување (План за набавка на стоки, услуги и работи за тековно работење –ТЕК).

Според природата на работата не е можно, сите постапки започнати во една година да бидат и завршени во истата година така што, во разгледуваниот период (2025 година) постапувано е и по вакви постапки - кои се започнати во претходната 2024 година а кои се решени во 2025 година. Ваквите постапки се посебно дадени во првиот дел од Збирниот преглед (Прилогот бр.3.1).

Вредностите на овие набавки се влезени во Планот за 2024 година така што, анализата за реализацијата на Планот за 2025 е направена без вклучување на вредноста на овие набавки.

Согласно ИСО процедурите на АД ЕСМ Скопје, иницијален документ за започнување на одредена постапка, документот "БАРАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА НАБАВКА". Евиденцијата на ваквите документи е електронска поврзана и со Годишниот план за јавни набавки така што, на овој начин се следи и неговата реализација, преку интерен софтвер во Одделот за заеднички набавки.

Според доставените прегледи на јавни набавки за АД ЕСМ Скопје може да се констатира следното:

- Вкупен број на регистрирани јавни набавки ................................................ 673
- Вкупен број на јавни набавки кои се решени во разгледуваниот период – има склучен договор по јавната набавка ..................... 373

Во овие бројки се влезени сите набавките кои се спроведуваат со и без примена на Законот за јавни набавки.

Разликата од 301 јавни набавки (673-373=300) се должи на тоа што, таквите предмети се во некоја друга фаза од реализација (во фаза на евалуација=22 постапки, крајниот рок за доставување на понуди е после 31.12.2025=107 постапки, поништени постапки=168, сторнирани постапки – кои воопшто не се реализираат и за кои нема потпишана одлука за јавна набавка =3 постапки).

Според податоците :

- реализацијата на Планот за јавни набавки (за ТЕК) е следна:

**Табела бр.2**

| План 2025 (ТЕК) | Реализирани јавни набавки (договори за ТЕК ) за 2025 | Започнати јавни набавки (според одобрени согласности за ЈН за ТЕК ) за 2025 |
|---|---|---|
| 4,649,975,100.00 | 2,057,482,779.18 | 6,262,630,228.00 |
| Процент на реализација | 44.25% | 134.68% |

- реализацијата на Планот за јавни набавки во делот на ГИП е следна:

**Табела бр.3**

| План 2025 (ГИП) | Реализирани јавни набавки (договори за ГИП ) за 2025 | Започнати јавни набавки (според одобрени согласности за ЈН за ГИП ) за 2025 |
|---|---|---|
| 38,667,888,505.00 | 163,800,624.00 | 1,808,692,000.00 |
| Процент на реализација | 0.42% | 4.68% |

- Вкупната реализација на ГПЈН (ТЕК +ГИП) за 2025 година изнесува:

**Табела бр.4**

| План 2025 | Реализирани јавни набавки (договори за ТЕК + ГИП ) | Започнати јавни набавки (според одобрени согласности за ЈН ТЕК +ГИП ) за 2025 |
|---|---|---|
| (ТЕК + ГИП) | | |
| 43,317,863,605.00 | 2,221,283,403.18 | 8,071,322,228.00 |
| Процент на реализација | 5.12% | 18.63% |

Во износот на реализирани и започнати ЈН вклучени се сите јавни набавки, кои се планирани во ГПЈН за 2025г, и се спроведуваат со примена на ЗЈН односно, не се вклучени набавките кои не се спроведуват согласно ЗЈН (набавка на мазут, на јаглен и на природен гас).

## 3. КРАТКА АНАЛИЗА НА ВКУПНИТЕ НАБАВКИ ВО ОДНОС НА ПРЕТХОДНАТА 2024 ГОДИНА[1]:

Вкупниот број и вредноста на сите јавни набавки (ТЕК+ГИП) во 2024 и 2025 година, за ист период, дадена е во следната табела:

**Табела бр.5**

| Вкупен број | 2024 | 2025 | 2025/2024 |
|---|---|---|---|
| на регистрирани јавни набавки | 496 | 673 | 135.69% |
| Вкупен број на јавни набавки (решени предмети со склучен договор) | 217 | 373 | 171.89% |
| % на реализација | 43.75% | 56.16% | 12.40 пр.поен |
| Вкупна вредност на сите јавни набавки (решени во разгледуваниот период) | 3,256,795,379.00 | 2,221,283,403.18 | 68.21% |

Од Табелата бр.5 може да се заклучат неколку работи:

- Вкупниот број на регистрирани јавни набавки бележи зголемување во 2025 во однос на 2024 година за 135.69% и респективно бројот на решени јавни набавки за кои има склучен договор бележи зголемување во 2025 година споредено со 2024 година за 171.89%.
- Најрелевантен за споредба е податокот за "процентот на реализација" кој покажува, дека ефикасноста на решавање на јавните набавки во 2025година изнесува 56.16%, што споредено со 2024 година кога изнесувала 43,75% има зголемување за 12,40 процентни поени.
- Во поглед на вредноста на вкупно решените јавни набавки (ТЕК и ГИП) има намалување односно, вредноста од 2025година е за 68,27 пониска од вредноста во 2024 година.

Овде треба да се нагласи, дека во споредбата на бројките треба да се имаат во предвид следните нешта: самиот износ на ГПЈН во 2025 година е понизок во однос на оној од 2024 година (56,717,863,605.00 / 57,318,110,251.00 /мкд;) исто така треба да се знае дека одреден договори со значителни износи може значително да влијаат на вкупните бројки, а склучувањето на таквите договори не мора да биде во секоја година. Такви се договорите за ископи, откривки, ангажирање на надворешна механизација, ремонтни активности, договори за набавка на одредени основни средства со голем износ и слично.

Во следната табела дадена е распределбата на договорите потпишани по јавни набавки и тоа по стоки, услуги и работи.

**Табела бр.6**

| | 2024 | 2025 | 2025/2024 |
|---|---|---|---|
| Број на јавни набавки кои влегуваат во категорија на **стоки** и нивна вредност | 101 | 217 | 214.85% |
| | 570.427.098,00 | 903.991.864,18 | 158,59% |
| Број на јавни набавки кои влегуваат во категорија на **услуги** и нивна вредност | 110 | 153 | 139.09% |
| | 2.498.363.217,00 | 1.279.978.011,00 | 51.24% |
| Број на јавни набавки кои влегуваат во категорија на **работи** и нивна вредност | 6 | 4 | 66.67% |
| | 188,005,064.00 | 37,313,528.00 | 19.85% |

Последното појаснување кое го дадовме за претходната табела (табела 5), а кое се однесува на споредбите/отстапувањата на бројките од оваа со претходната година, целосно важат и за оваа табела.

Во следната табела е дадена распределбата на договорите потпишани по јавни набавки во 2024 и 2025 година, по ТЕК и ГИП:

**Табела бр.7**

| | 2024 | 2025 | 2025/2024 |
|---|---|---|---|
| Број на јавни набавки кои се реализирани по ГИП и нивна вредност | 38 | 34 | 89.47% |
| | 299.530.960,00 | 163.800.624,00 | 54.51% |
| Број на јавни набавки кои се реализирани по ТЕК и нивна вредност | 179 | 340 | 189.94% |
| | 2.957.264.419,00 | 2.057.482.779,18 | 69.57% |

Од претходната табела (Табела 7) може да се заклучи, дека има одредени одстапувања на споредуваните податоци. И тука би нагласиле, дека објаснението што го дадовме за претходните табели (5 и 6 ) а кое се однесува на споредбите/отстапувањата на бројките од оваа со претходната година, целосно важат и за оваа табела.

Во следната табела дадена е анализа за жалби по спроведени јавни набавки на ниво на АД ЕСМ Скопје.

**Табела бр.8**

| | 2024 | 2025 | 2025/2024 (во % илипроцентни поени) |
|---|---|---|---|
| Вкупен број на решени предмети (тековен+претходен период) | 473 | 587 | 24.31% |
| Вкупен број доставени жалби по јавни набавки | 58 | 77 | 32.76% |
| Отфрлени жалби од Комисијата за жалби | 39 | 45 | 10.53% |
| Прифатени жалби од Комисијата за жалби | 19 | 32 | 38.89% |
| Процент на доставени жалби | 12.26% | 13.12% | 0,86 |
| Процент на отфрлени жалби од Комисијата | 67.24% | 58.44% | -8,8 |
| Процент на прифатени жалби од Комисијата | 32.76% | 41.56% | 8,8 |

Во оваа анализа вклучени се решените предмети од претходниот и тековниот период и жалби поднесени од незадоволни понудувачи, со споредба на бројките со претходната 2024 година.

Релевантни за разгледување и споредба се релативните податоци за процентите на : доставени жалби; отфрлени жалби од страна на ДКЖЈН и прифатени жалби од страна на ДКЖЈН.

Првиот податок е скоро идентичен со занемарлива отстапка (незначително влошен податок). Вториот а последователно и третиот податок се со тенденција на минимално влошување во 2025 година споредено со претходната 2024 годин.

Во следната табела (бр.9) дадена е анализа на поништени постапки за јавни набавки во однос на вкупниот број на решени јавни набавки на ниво на АД ЕСМ Скопје.

Збирниот преглед на поништени постапки е даден во Прилог бр.3.2.
Во оваа анализа вклучени се регистрираните јавни набавки од претходниот и тековниот период.

**Табела бр.9**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред.б | | 2024 | % на учество на поединечниот основ за поништување во однос на вкупниот број поништени постапки | 2025 | % на учество на поединечниот основ за поништување во однос на вкупниот број поништени | 2025/2024 % или процентни поени |
| 1 | Вкупен број на решени постапки (тековен+претходн период) | 473 | | 587 | | 124.10% |
| 2 | ВКУПЕН БРОЈ НА ПОНИШТЕНИ ПОСТАПКИ | 121 | | 201 | | 166.12% |
| 3 | ВКУПЕН ПРОЦЕНТ НА ПОНИШТЕНИ ПОСТАПКИ | 25.58% | | 34.24% | | 8,66 |
| 4 | 114/1/1 - бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% | 0 |
| 5 | 114/1/2 - не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда | 77 | 63.64% | 142 | 70.65% | 184.42% |
| 6 | 114/1/3- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган | 3 | 2.48% | 6 | 2.99% | 200.00% |
| 7 | 114/1/4- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот | 9 | 7.44% | 12 | 5.97% | 133.33% |
| 8 | 114/1/5- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци | 28 | 23.14% | 35 | 17.41% | 125.00% |
| 9 | 114/1/6- добие инструкции од Бирото да ја поништи постапката во управен надзор | 0 | 0.00% | 4 | 1.99% | #DIV/0! |
| 10 | 114/1/7- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган | 4 | 3.31% | 2 | 1.00% | 50.0% |

Поништувањето на одредена јавна набавка се врши исклучиво по еден од основите од Членот 114 од актуелниот ЗЈН. Во Табелата бр.9 дадени се таквите можности, и од неа може да се види :

- вкупниот број на поништени постапки за јавни набавки на ниво на АД ЕСМ Скопје за 2025 и постапки од 2024 решени во 2025 година.
- вкупниот релативен број (процент) на поништени постапки за јавни набавки на ниво на АД ЕСМ Скопје за 2024 и 2025 година.
- бројот на постапки за јавни набавки поништени по одреден основ на ниво на АД ЕСМ Скопје за 2024 и 2025 година.
- релативниот број (процент) на постапки за јавни набавки поништени по одреден основ на ниво на АД ЕСМ за 2024 и 2025 година.

Најрелевантен податок за споредба е релативниот податок за "вкупниот број на поништени постапки", кој бележи негативен тренд за скоро 8,66 процентни поени во 2025 година во однод на 2024 година.
Во Прилогот бр.3.2 на овој Извештај може да се види бројот на ЈАВНИ НАБАВКИ поништени по одреден основ, по подружници.

Со новиот ЗЈН кој стапи на сила од 01.04.2019 година, подигнат е вредносниот праг за набавки кои не подлежат на примена на Законот за јавни набавки. Овој вредносен праг изнесува 2000 евра во денарска противвреднсот но не повеќе од 24.000 евра на годишно ниво.

Во следната табела бр.10, дадени се износите потрошени по овој основ по подружници и вкупно на ниво на АД ЕСМ-Скопје.

**Табела бр.10**

| р.бр | Подружница / Дирекција | Вредност во МКД без ДДВ | Вредност во ЕВРА без ДДВ (1/61.5) |
|---|---|---|---|
| 1 | Дирекција | 1,472,993.00 ден | 23,951.11 € |
| 2 | РЕК Битола | 941,496.00 ден | 15,308.88 € |
| 3 | РЕК Осломеј | 992,480.17 ден | 16,137.89 € |
| 4 | ХЕС Маврово | 460,524.00 ден | 7,488.20 € |
| 5 | ХЕС Црн Дрим | 1,471,461.00 ден | 23,926.20 € |
| 6 | ХЕЦ Тиквеш | 229,459.00 ден | 3,731.04 € |
| 7 | ХЕС Треска | 1,240,997.00 ден | 20,178.81 € |
| 8 | Енергетика | 856,500.00 ден | 13,926.83 € |
| 9 | ТЕЦ Неготино | 1,053,611.16 ден | 17,131.89 € |
| | ВКУПНО | **8,719,521.33 ден.** | **141,780.83 €** |

## 4. ЈАВНИ НАБАВКИ РЕГИСТРИРАНИ ВО ПРЕТХОДНАТА (2024) ГОДИНА А КОИ СЕ РЕШЕНИ ВО ТЕКОВНАТА 2025 ГОДИНА

Јавни набавки регистрирани во 2024година а решавани во 2025 година:

Вкупен број на постапки за јавни набавки =249
Вкупен број на решени јавни набавки (со склучен договор) = 214
Вкупен број на поништени јавни набавки = 33
Вкупен број на јавни набавки кои и понатака остануваат со статус на активни постапки (отворање после 31.12.2025г, евалуација и сл.) = 0
Вкупен број на ЈН сторнирани од претходни години = 2

Вкупната вредност на решените јавни набавки за кои е склучен договор = 3,107,554,160.50 денари.

Распределбата по категории на набавки и нивна вредност е следна:

**Табела бр.11**

| Категорија | Стоки | Услуги | Работи |
|---|---|---|---|
| Број на набавки | 130 | 82 | 2 |
| Вредност | 2,756,548,913.50 | 351,005,247.00 | 0.00 |

**Табела бр.12**

| Категорија | ГИП | ТЕК |
|---|---|---|
| Број на набавки | 95 | 119 |
| Вредност | 1,580,103,714.00 | 1,527,450,446.50 |

Како што може да се види во разгледуваниот период се постапувало и по 249 јавни набавки започнати во претходната година.

Вкупната вредност на решени јавни набавки во 2025 година, во која се влезени и започнатите постапки од 2024 година, дадена е во следната табела:

**Табела бр.13**

| Година/ Вредности | 2024 | 2025 | Вкупната вредност на решени јавни набавки 2023+2024 |
|---|---|---|---|
| Вкупен број | 214 | 373 | 588 |
| Вкупна вредност | 3.107.554.160,50 | 2.221.283.403,18 | 5.328.837.563,68 |

Во овие суми влезени се сите јавни набавки – набавки за тековно работење (ТЕК) и набавки за инвестиции (ГИП).

## ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛОТ

Освен оваа главна активност– реализација на јавните набавки, во рамките на Одделот, во 2025 година се извршуваа и други секојдневни задачи и дополнителни задолженија:

a. како редовна и секојдневна задача е и електронската евиденција на влезните фактури за АД ЕСМ Скопје.
b. исто така, секојдневна задача е и работата на прирачниот магацин во Дирекцијата на АД ЕСМ.
c. Во разгледуваниот период Одделот преку своите извршители учествуваше во работата на повеќе комисии со различни задачи кои не се примарна задача на Одделот (контрола, пописи, активност на размена на залихи и сл.)

Вредно е да се истакне дека во 2025 година Секторот односно Оделот за заеднички набавки, со сопствени сили, реагираше и ја стави во целосна употреба web апликацијата за следење на реализацијата на планот за јавни набавки и постапките за јавни набавки и реализација на договорите. Оваа апликација овозможува детален и актуелен (update) увид во целокупниот процес на следење на реализацијата на планот за јавни набавки и постапките за јавни набавки и реализација на договорите. Апликацијата е во целосна функција и во иднина истата ќе биде надградувана.

# V. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

## *Кратко резиме за работата на Секторот за правни и општи работи*

Секторот за правни и општи работи во Дирекцијата на АД ЕСМ-Скопје работите ги извршува преку :

-Одделот за нормативни работи и органи на Друштвото
-Одделот за човечки ресурси
-Одделот за правни работи
-Службата за општи работи
-Координаторот за заштита при работа и заштита на животната средина
-Координаторот за одбрна, заштита, спасување и кризи и
-Секторите и Службите за правни и општи работи во Подружниците на АД ЕСМ Скопје

***Нормативa***

Секторот за правни и општи работи подготвува и организира состаноци на Управниот Одбор на АД ЕСМ–Скопје на кои се разгледуваат материјали во врска со работењето на друштвото и се донесуваат одлуки. Исто така, се грижи и за усогласеност на договорите кои ги склучува друштвото со позитивните законски прописи.

***Човечки ресурси***

Вкупниот број на вработени во АД ЕСМ- Скопје заклучно со 31.12.2025 година изнесува 4.278 работник и е намален за 197 работници споредено со бројот на вработени на 31.12.2024 година. Во 2025 година има 584 работници ангажирани преку Агенција за привремени вработувања. Бројот на вработени по подружници и Дирекција на 31.12.2025 година следен:

-Подружница ХЕС Маврово-Гостивар – 284 вработени,
-Подружница ХЕС Црн Дрим-Струга - 195 вработени,
-Подружница ХЕЦ Тиквеш-Кавадарци -88 вработени,
-Подружница ХЕС Треска-Скопје - 110 вработени,
-Подружница РЕК Битола-Новаци – 2.187 вработени,
-Подружница РЕК Осломеј-Осломеј - 783 вработени,
-Подружница Енергетика-Скопје - 157 вработени,
-Подружница ТЕЦ Неготино - 201 вработени и
-Дирекција-Скопје -273 вработени.

*Правни работи*

Вкупниот број на активни предмети во АД ЕСМ Скопје заклучно со 31.12.2025 година изнесува 344 предмети, од кои најголем број (101) се работни спорови и се однесуваат на РЕК Осломеј - Осломеј.
Вкупните побарувањата на АД ЕСМ за 2025 година изнесуваат 64.659.893,00 денари, додека пак побарувањата кон АД ЕСМ изнесуваат 953.811.032,00 денари.

*Оддел за имотно- правни работи*

Одделот за имотно-правни води евиденција на севкупниот имот на друштвото- земјиште и објекти и превзема други активности поврзани со имотно-правните прашања согласно потребите на друштвото.

» Секторот за правни и општи работи преку **Одделот за нормативни работи и органи на Друштвото** во своето работење ги прима, ги подготвува и ги доставува сите материјали за кои се расправа и одлучува на состаноците на Управниот одбор и на состаноците на Надзорниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, во рамките на вршењето на нивните надлежности за управување и вршење надзор во Друштвото.

Во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година беа одржани вкупно 116 (сто и осум) состаноци на Управниот Одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје. Имено, во овој период, за потребите на Управниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во рамките на неговите овластувања на управувањето со Друштвото, односно во вршењето на сите работи поврзани со водењето на работите и тековните активности во рамките на предметот на работењето на Друштвото, утврдени со Законот за трговски друштва, Статутот на Друштвото и Деловникот за работа на Управниот одбор, во Секторот за правни и општи работи преку Одделот за нормативни работи и органи на Друштвото беа подготвени сите материјали поврзани со свикувањето и одржувањето на состаноците на Управниот одбор и беа составени соодветните акти по голем број прашања, информации, извештаи и барања кои се најдоа на дневен ред на состаноците на Управниот одбор.

Меѓу нив, поважни се следните:

- Одлука за номинирање на Претставник на АД ЕСМ – Скопје во Собранието на Стопанска комора на Северна Македонија;
- Одлука за донесување на Годишен план за јавни набавки на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година;
- Одлука за донесување на Корегирана Годишна инвестициска програма на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје 2025 година;
- Одлука за утврдување на репрезентативност на Синдикалната организација АД ЕЛЕМ – ССЕРИ на ниво на работодавач, согласно член 212 став 5 од Законот за работните односи;
- Одлука за донесување на Социјална политика на АД ЕСМ – Скопје;
- Одлука со согласност за задолжување на АД ЕСМ - Скопје кај Халкбанк АД Скопје со износ од 44.119.950 МКД и износ од 55.285.133 МКД, зголемени за провизии и трошоци на начин, под услови и рокови предвидени во Договорите за Гаранција кои се склучуваат помеѓу Халкбанк АД Скопје и АД ЕСМ-Скопје како Барател;
- Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Секторот за комерцијални работи за 2024 год;
- Одлука за усвојување на Годишен извештај за производство, продажба на вишоци и набавка на електрична енергија на АД ЕСМ – Скопје за 2024 година;
- Одлука за донесување на Извештај за реализација на Годишна инвестициска програма на АД ЕСМ – Скопје за период од I-XII месец 2024 година;
- Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис на имотот на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, доставен од Централната пописна комисија;
- Одлука за усвојување на Корегираниот извештај и елаборат за извршениот попис на имотот на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, доставен од Централната пописна комисија;
- Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работењето на Секторот за правни и општи работи за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година;
- Одлука за можностите за изградба на ХЕЦ Неготино на зафатна градба за потребите од разладна вода на ТЕЦ Неготино;
- Одлука за усвојување на Финансиски извештај за работењето на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 01.01.2024 - 31.12.2024 година;
- Одлука за усвојување на Годишната сметка за период од 01.01.2024 година - 31.12.2024 година на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје;
- Одлука за усвојување на Финансиските извештаи на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2024 година, согласно Меѓународните сметководствени стандарди за финансиско известување, доставени од Сектор за финансиски работи;

- Одлука за донесување на Консолидирана годишна сметка на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Друштвата основани од АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Консолидиран финансиски извештај на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година;
- Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024;
- Одлука за донесување на Корегиран Финансиски план на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година;
- Одлука за дополнување на Одлука УО бр.02-1368/509/6 од 27.02.2025 година за определување на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење и Одлука за определување на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ);
- Одлука за прифаќање на на понудата од Сименс која вклучува 10 дена Weather Downtime (Лоши услови за работа при брзини на ветер поголеми од 9 м/с, врнежи, грмотевици), со цена од 517.000 евра за репарирање (санација) на перки од ветерни турбини во Ветерн Парк Богданци;
- Одлука со согласност АД ЕСМ – Скопје да се задолжи во Комерцијална Банка АД Скопје и да склучи Договор за издавање на платежна гаранција на износ од 300.000 ЕУР, со рок на важност на гаранцијата од 6 месеци од денот на нејзиното издавање;
- Одлука за прифаќање на барање за промена на план за ремонтни активности во ТЕ Битола;
- Одлука за усвојување на Годишен извештај за производство и купопродажба на електрична енергија за 2024 година;
- Одлука за отварање на наменска сметка за потребите на Проектот "Програма за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија ФАЗА IV, Компонента II: Парк на ветерни електрани Богданци-Фаза II)";
- Одлука за овластување потписници на налози заради располагање со средствата на сметката на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје;
- Одлука за овластување потписници на налози заради располагање со средствата на сметката на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост во Комерцијална банка АД Скопје;
- Одлука за овластување потписници на налози заради располагање со средствата на девизната сметка на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје;
- Одлука за овластување потписници на налози заради располагање со средствата на девизната сметка на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во Комерцијална банка АД Скопје;
- Одлука за исплата на регрес за годишен одмор за 2025 година на вработени во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје;
- Одлука за започнување постапка за доделување на нови стипендии од АД ЕСМ-Скопје за студиската 2024/2025 година;
- Одлука за утврдување на висина и критериумите за објавување на конкурс за доделување стипендии за најдобрите студенти на техничките факултети за студиската 2024/2025 година за студенти запишани за прв пат;
- *Одлука за престанок со работа на Друштво за обезбедување имот и лица ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје;*
- *Одлука за именување на ликвидатор на Друштво за обезбедување имот и лица ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје;*
- Одлука за промена на називот и скратениот назив на Друштво за обезбедување имот и лица ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за разрешување на Управител на Друштво за обезбедување имот и лица ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за отповикување на членови на Надзорниот одбор на Друштвото за обезбедување имот и лица ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје;

- Одлука за ставање вон сила на Одлука УО бр.02-5360/6/6.7 од 05.09.2024 година за определување на месечен надоместок за претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Друштво за обезбедување имот и лица ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје;
- Одлука во врска со статусот на концесиите во Кичевскиот регион – Осломеј Запад, Гуштерица и Кукале;
- Одлука во врска со повикот за вработување на инженер за потребите на проектот/програмата „Програма за обновливи извори на енергија на Северна Македонија" финансирана од KfW Банка;
- Одлука за прифаќање на Годишен извештај за работењето на Одделот за внатрешна ревизија при АД ЕСМ – Скопје за 2024 година;
- Одлука за донесување на Правилник за деловна тајна на АД ЕСМ – Скопје;
- Одлука за определување на трошоците за исклучување и приклучување на топлинска подстаница (мерно место) на потрошувач од/на системот за дистрибуција, трошоците за приклучување и исклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоци за вршење на други услуги од страна на операторот на системот по барање на потрошувач;
- Одлука за одобрување на Предлог - Планот за производство на електрична енергија со гасните мотори во КОГЕЛ за месеците Јули, Август и Септември 2025 година, доставен од Подружница Енергетика - Скопје и одобрување Подружница Енергетика - Скопје да склучи Договор за балансна одговорност со НОМАГАС АД Скопје со својство на извршна исправа;
- Одлука за донесување на Годишен извештај за работата на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани наСеверна Македонија, во државна сопственост – Скопје за 2024 година;
- Одлука за усвојување на Финансиски извештаи за АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за годината завршена на 31 декември 2024 година со Извештај на независниот ревизор РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;
- Предлог – Одлука за покривање на загубата по Годишна сметка за 2024 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје;
- Одлука за усвојување на Консолидирани финансиски извештаи за АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за годината завршена на 31 декември 2024 година со Извештај на независниот ревизор РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СкопјеОдлука за разгледување и прифаќање на Информацијата за извештаите на независниот ревизор РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје на финансиските извештаи на ДООЕЛ-ите на АД ЕСМ – Скопје, за 2024 година;
- Одлука за разгледување на Информацијата за Годишниот план за набавка на гас и аукции за закуп на преносен капацитет, доставена од Сектор за развој и инвестиции;
- Одлука за прераспределба на планираните средства во Годишната инвестициска програма на АД ЕСМ – Скопје за 2025 година, во позиција 3.2.29 „Услуги за изработка на геодетски елаборати за посебни намени за потребите на АД ЕСМ - Скопје" во износ од 6.100.000,00 денари;
- Одлука за склучување Меморандум за соработка помеѓу Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" – Скопје и АД ЕСМ;
- Одлука за донесување на Процедура за изработка и поднесување на финансиски извешти од страна на ДООЕЛ-ите чиј Основач и Единствен содружник е АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје;
- Одлука за склучување на Анекс кон Договорот за одобрување на револвинг кредит лимит за обртни средства, бр.05-8340/1 од 25.12.2024 година склучен помеѓу АД ЕСМ – Скопје и Силк Роуд Банка АД Скопје, обезбеден со меница во форма на нотарски акт;
- Одлука за донесување на Правилник за заштита од пожари и експлозии на АД ЕСМ – Скопје;
- Одлука за одобрување на Информација од ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа на Подружница Енергетика – Скопје;
- Одлука со одобрение ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола да реализира подготовка на дополнителен ладен и топол оброк за сите вработени во Подружница РЕК Битола – Новаци;
- Одлука за прифаќање на Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадени препораки од Конечниот извештај од Државниот завод за ревизија за извршена ревизија за успешност на тема „Зелена транзиција преку промовирање на обновливи

извори на енергија", доставен со Информација бр.02-6484/1 од 17.10.2025 година, од Генерален директор на АД ЕСМ – Скопје;

- Одлука за склучување Договор за имплементација на грант помеѓу АД ЕСМ – Скопје и германската развојна банка KfW, согласно кој АД ЕСМ – Скопје ќе има обврска да го употреби грантот исклучиво за финансирање на консултантски услуги за поддршка на пазарно ориентирана зелена трансформација во Западен Балкан и источните региони на Европското соседство („Проект");
- Одлуки за вршење редовен попис на средства, побарувања и обврски на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година и формирање Централна пописна комисија;
- Одлука за давање на согласност за поднесување на образложение до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ кон предлог-пресметката за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулирана енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на АД ЕСМ, Подружница Енергетика – Скопје;
- Одлука за свикување на Собрание на акционери на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 г.;
- Одлука за донесување на План за практиканти за спроведување на практично образование за 2026 година на АД ЕСМ – Скопје;
- Одлука за донесување на План за производство на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2026 година;
- Одлука за донесувањее на Интерна процедура за отпочнување постапка за продажба на гаранции на потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и Правила за продажба на гаранции на потекло на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија;
- Одлука со одобрение да се склучи Договор за долготраен закуп на недвижен имот без надомест помеѓу АД ЕСМ Скопје како Јавен партнер и Друштво за производство на електрична енергија ОСМ СОЛАР ДООЕЛ Скопје како Приватен партнер;
- Одлука за усвојување на Планот за одржување и развој на системот за дистрибуција на топлинска енергија на АД ЕСМ – Скопје, Подружница Енергетика – Скопје за период 2026-2030 година;
- Одлука за усвојување на Информацијата во врска со одредување цена на електрична енергија, која ќе биде понудена на универзалниот снабдувач за 2026 година, врз основа на подготвена анализа за финансиското работење на АД ЕСМ – Скопје;
- Одлука за усвојување на Информацијата во врска со одредување цена на електрична енергија за покривање на загубите, која ќе биде понудена на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за 2026 година и финансиски импликации по АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје;
- Одлука за склучување Анекс бр.1 кон Договорот за заем склучен помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје како заемодавач и Јавното сообраќајно претпријатие Скопје како заемопримач, заведен кај заемодавачот под арх.бр.03-7474/1 од 21.11.2024 година, а кај заемопримачот под арх.бр.03-1157/1 од 22.11.2024 година, со кој ќе се продолжи рокот на основниот Договор за заем до 21.11.2026 година;
- Одлука за склучување на Договор за заем обезбеден со државна гаранција со Европска банка за обнова и развој (ЕБОР), за потребите на проект ЕСМ Битола 3;
- Одлука за склучување на Договор за заем и Посебен договор кон Договорот за заем (ФЕ Битола 3) обезбеден со државна гаранција со Кредитна банка за обнова – КфВ од Германија, за финансирање на проект Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и финансиски средства со кои би се обезбедило дополнително финансирање на проект Ревитализација на Големи Хидроелектрани – III фаза;
- Одлука за отпис на долг на ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје – во ликвидација;
- Одлука за прифаќање на Предлог референтните цени за обезбедување на балансен капацитет и балансна енергија за aFRR секундарна регулација и балансен капацитет и балансна енергија за mFRR терциерна регулација за 2026 година;
- Одлука за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем на АД МЕПСО за јануари 2026 година;

- Одлука за усвојување на Планот за вработување на неопределено време за 2026 година во АД ЕСМ – Скопје, изготвен согласно доставени планови од Подружниците на АД ЕСМ-Скопје и Дирекцијата;
- Одлука за усвојување на Планот за ангажирање на работници на определено време преку приватна агенција за вработување за 2026 година во АД ЕСМ - Скопје, изготвен согласно доставени планови од Подружниците на АД ЕСМ-Скопје и Дирекција-Скопје,

  Одлука за донесување на Финансиски план на АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје за 2026 година;
- Одлуки за отповикување на овластувања на Директорите на Подружница РЕК Осломеј - Осломеј на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (Сашо Вренцоски и Агим Садику);
- Одлука за овластување Владимир Пејоски, директор за развој и инвестиции во АД ЕСМ – Скопје, за потребите на работењето и работниците во Подружница РЕК Осломеј - Осломеј, во име на Генералниот директор, да ги извршува работите од работно место Директор на Подружница РЕК Осломеј - Осломеј, согласно Статутот, Колективниот договор на друштвото и дадените овластувања;
- Одлука за донесување на Ревидиран План за производство на АД ЕСМ – Скопје за 2026 година;
- Одлука за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу АД ЕСМ - Скопје и Korporata Energjetike e Kosovës Sh.a.("КЕК");
- Одлука за определување на висината на благајнички максимум во АД ЕСМ - Скопје за 2026 година;
- Одлука за одобрение АД ЕСМ-Скопје, согласно чл.128 ст.3 т.2 од Законот за работните односи, да им обезбедува исхрана на работниците кои работат ноќна работа во Дирекција на АД ЕСМ - Скопје и во Подружниците ХЕС Маврово – Гостивар, ХЕС Треска – Скопје, Енергетика – Скопје, ХЕС Црн Дрим – Струга, ХЕЦ Тиквеш – Кавадарци и ТЕЦ Неготино – Неготино, почнувајќи од 01.01.2026 година;
- Одлука за склучување Анекс бр.3 кон Спогодбите за регулирање на начинот на плаќање на обврските согласно склучените договори за заем, кои се склучени со следните заемодавачи: Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за аеродромски услуги АЕРОДРОМИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост, Скопје и Јавно претпријатие НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА СКОПЈЕ, со кои ќе се регулира продолжување на рокот за отплата на заемите до 31 декември 2026 година;
- Одлука за донесување на Годишната инвестициска програма на АД ЕСМ – Скопје за 2026 година;
- Одлука за донесување на Годишен план за јавни набавки на АД ЕСМ - Скопје за 2026 година;
- Одлука за утврдување на цена за интерно фактурирање наелектрична енергија за сопствени потреби на електраните за 2026 година;
- Одлука за одобрување на Извештајот на ликвидаторот на Друштво за обезбедување имот и лица ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје - во ликвидација од 29.12.2025 година;
- Одлука за бришење на Друштвото за обезбедување имот и лица ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје - во ликвидација и за разрешување на ликвидатор на Друштвото;
- Одлуки за отпочнување на постапка за задолжување во домашните комерцијални банки со кредит за тековна поддршка;
- Одлуки за усвојување на Информации за набавка на електрична енергија во 2024 година, доставени од Сектор за производство на електрична енергија;
- Одлуки за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки и на Годишната инвестициска програма за 2024 година на АД ЕСМ – Скопје;
- Одлуки за формирање работни групи и комисии со работни задачи и задолженија;
- Одлуки за отповикување и за назначување на Директори на Подружница ХЕС Треска - Скопје и на Подружница ТЕЦ Неготино – Неготино;
- Одлуки за одобрување на заем на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје, ЕСМ ТОПЛИФИКАЦИЈА БИТОЛА ДООЕЛ, ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје;

- Одлуки за усвојување на Извештаите (квартални) за работењето на Подружниците на АД ЕСМ – Скопје во 2025 година;
- Одлуки за усвојување на извештаите за работењето на Секторите во Дирекција на АД ЕСМ – Скопје во текот на 2025 година;
- Одлуки за одобрување на донации испонзорства;
- Одлуки за давање согласност за поднесување барање до Министерство за финансии за добивање на согласност за вработување на работници во Подружниците на АД ЕСМ – Скопје и во Дирекција;
- Правилници за изменување на Правилникот за внатрешна организација на АД ЕСМ – Скопје УО бр.02-63/1/1 од 11.01.2006 година во делот на систематизацијата на работните места во Дирекција и во Подружниците на АД ЕСМ – Скопје;
- Одлуки за изменување и дополнување на Одлуката за определување плата на работниците во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје УО бр.02-63/1/2 од 11.1.2006 година во Табеларниот преглед за вреднување на работните места во Дирекција и во Подружниците на АД ЕСМ – Скопје;
- Одлуки во врска со набавка на јаглен (лигнит) за потребите на Подружница РЕК Битола-Новаци и Подружница РЕК Осломеј – Осломеј;
- Одлуки во врска со набавката на природен гас за грејна сезона 2025/2026 година (ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје и Подружница Енергетика ;
- Одлуки за доделување стипендии за студиската 2024/2025 за студенти редовно запишани на прв циклус на студии по прв пат, во прв или трет семестар во учебната 2024/2025 година на Машински Факултет - Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" – Скопје, Технички Факултет - Скопје при Универзитетот „Св.Климент Охридски" – Битола, Државен Универзитет во Тетово, Факултетот за природни и технички научи и Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" – Скопје;
- Одлуки кои АД ЕСМ – Скопје ги носи како како Основач и Единствен содружник на Друштвата основани од АД ЕСМ – Скопје согласно член 215 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), како и согласно Изјавите за основање на Друштвата
- Одлуки за отповикување и избор на Управител на Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје и на Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје;

  Одлуки донесени врз основа на член 19 став 1 точка 5 од Изјавите за основање на ДООЕЛ-ите основани од АД ЕСМ – Скопје и други.

Надзорниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, согласно своите надлежности утврдени со Законот за трговски друштва, Статутот на Друштвото и Деловникот за работа на Надзорниот одбор, врши надзор врз управување со Друштвото кое го врши Управниот одбор. За таа цел, во Секторот за правни и општи работи преку Одделот за нормативни работи и органи на Друштвото беа подготвени сите материјали поврзани со свикувањето и одржувањето на состаноците на Надзорниот одбор. На состаноците, беа донесени одлуки со кои Надзорниот одбор дава претходно одобрување на одлуките на Управниот одбор, а се разгледуваа и извештаи и други материјали по кои одлучува Надзорниот одбор или ги прима на знаење.

Во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, беа одржани вкупно 28 (дваесет и осум) состаноци на Надзорниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје. Во овој период, беа донесени следните поважни одлуки:

- Одлука за одобрување на Одлука УО бр. 02-394/48/1 од 23.01.2025 година за донесување на Годишен план за јавни набавки на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година;
- Одлука за одобрување на Одлука УО бр. 02-394/48/2 од 23.01.2025 година за донесување на Корегирана Годишна инвестициска програма на на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година;

- Одлука за прифаќање на Годишен извештај за производство, продажба на вишоци и набавка на електрична енергија на АД ЕСМ – Скопје за 2024 година;
- Одлука за разгледување и прифаќање на Извештајот усвоен со Одлука на Управен одбор УО бр.02-394/48/4 од 23.01.2025 година со податоци и документација за констатирана состојба во Рудниците во Подружница РЕК Битола- Новаци, Суводол и Брод Гнеотино, доставен од Сектор за производство за електрична енергија со допис бр.09-8604/1 од 31.12.2024 година, по Одлука на Управен одбор УО бр.02-7732/31/11.4 од 03.12.2024 година, а согласно задолжението од Заклучок на Надзорен одбор НО бр.02-7272/13/1.1 од 15.11.2024 година;
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр. 02-793/54/3 од 07.02.2025 година со која се дава согласност АД ЕСМ - Скопје да се задолжи кај Халкбанк АД Скопје со износ од 44.119.950 МКД и износ од 55.285.133 МКД;
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр.02-951/55/35 од 14.02.2025 година за отпочнување на постапка за задолжување во домашните комерцијални банки со кредит за тековна поддршка на АД ЕСМ – Скопје;
- Одлука за одобрување на Одлука УО бр.02-1826/69/1 од 19.03.2025 година за донесување на Корегиран Финансиски план на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година;
- Одлука за прифаќање на промена во Планот за извршување на внатрешна ревизија за 2025 година, бр.02-1935/1 од 21.03.2025 година, доставен од Оддел за внатрешна ревизија;
- Одлука со која Надзорниот одбор го разгледа и го прифати Финансискиот извештај за работењето на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 01.01.2024-31.12.2024 година донесен со Одлука на Управен Одбор УО бр.02-1385/63/1 од 28.02.2025 година;
- Одлука со која Надзорниот одбор го разгледа и го прифати Годишниот извештај за работата на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, донесен со Одлука на Управен одбор УО бр.02-1498/66/1 од 05.03.2025 година;
- Одлука со која Надзорниот одбор го разгледа и го прифати Финансиските извештаи на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, согласно Меѓународните сметководствени стандарди за финансиско известување, донесени со Одлука УО бр.02-1385/63/3 од 28.02.2025 година;
- Одлука со која Надзорниот одбор ја разгледа и ја прифати Годишната сметка на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 01.01.2024-31.12.2024 година, донесена со Одлука на Управен одбор УО бр.02-1385/63/2 од 28.02.2025 година;
- Одлука со која Надзорниот одбор ги разгледа и ги усвои Консолидираната годишна сметка на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје со Друштвата основани од АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Консолидиран финансиски извештај на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година, донесени со Одлука УО бр.02-1385/63/4 од 28.02.2025 година;
- Одлука за престанување на функцијата на член на Управен одбор - Ѓорѓи Ѓорѓиевски, кој носи назив Директор за правни и општи работи по негово барање;
- Одлука за престанување на важноста на Договорот за уредување на односите меѓу Друштвото и член на Управниот одбор Ѓорѓи Ѓорѓиевски, бр.02-16/1 од 26.08.2024 година заклучно со 11.04.2025 година;
- Одлука со која Надзорниот одбор му препорачува Управниот одбор на АД ЕСМ – Скопје да преземе дејствија за ангажирање на надворешно правно лице кое ќе треба да изврши вонреден попис за состојба во магацините во АД ЕСМ – Скопје;
- Одлука со која Надзорниот одбор ја разгледа и прими на знаење Информацијата бр.08-1589/1 од 07.03.2025 година за Проектот за Изградба на фотонапонска електрана со инсталирана моќност од 2x40 MW (2x50 MW) во кругот на РЕК Осломеј – ФЕ Осломеј 3 со ЈПП, доставена од Секторот за развој и инвестиции, согласно задолжението од Одлуката на Управен одбор УО бр.02-951/55/31 од 14.02.2025 година, донесена согласно задолжението од Заклучок на Надзорен одбор НО бр.02-67/20/5 од 14.01.2025 година;
- Одлука со која Надзорниот одбор ја разгледа и прифати Информацијата бр.08-1661/1 од 09.04.2025 година на Подружница РЕК Битола – Новаци за реализација на Регионалниот проект за управување

со цврст отпад, по барање на Министерството за животна средина и просторно планирање, од аспект на активностите кои треба да ги преземе АД ЕСМ – Скопје и Произнесувањето бр.03-2477/1 од 14.04.2025 година, доставено од Сектор за правни и општи работи;

- Одлука за донесување на Годишен извештај за работата на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година;
- Одлука за избор на претседател на Надзорниот одбор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (се избира м-р Александар Мурговски);
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр.02-3338/88/28 од 26.05.2025 година за задолжување со кредит за финансиска поддршка за тековното работење на АД ЕСМ – Скопје;
- Одлука со која Надзорниот одбор ги разгледа и ги усвои Финансиските извештаи за АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за годината завршена на 31 декември 2024 година со Извештај на независниот ревизор РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, бр.05-4037/1 од 20.06.2025 година, усвоени со Одлука на Управен одбор УО бр.02-4045/98/1 од 23.06.2025 година;
- Одлука со која Надзорниот одбор го разгледа и го прифати Годишниот извештај за работата на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година, донесен до Одлука УО бр.02-3741/93/6 од 10.06.2025 година;
- Одлука со која Надзорниот одбор ги разгледа и ги усвои Консолидираните финансиски извештаи за АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за годината завршена на 31 декември 2024 година со Извештај на независниот ревизор РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, бр.05-4079/1 од 24.06.2025 година, усвоени со Одлука УО бр.02-4101/99/1 од 25.06.2025 година;
- Одлука со која Надзорниот одбор ја разгледа и ја прифати Предлог –Одлуката за покривање на загубата по Годишна сметка за 2024 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, УО бр.02-4045/98/2 од 23.06.2025 година;
- Одлука за донесување на Извештај за резултатите од контролата над управувањето со АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2024 година;
- Одлука за прифаќање на Годишниот извештај за работењето на Одделот за внатрешна ревизија при АД ЕСМ – Скопје за 2024 година;
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр.02-4881/108/2 од 31.07.2025 година за склучување на Анекс кон Договорот за одобрување на револвинг кредит лимит за обртни средства број 05-8340/1 од 25.12.2024 година склучен со Силк роуд банка АД Скопје;
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр.02-5081/110/2 од 07.08.2025 година за отпочнување на постапка за задолжување во домашните комерцијални банки со кредит за тековна поддршка;
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр.02-5854/118/1 од 18.09.2025 година за склучување Анекс бр.2 кон Договорот за заем склучен помеѓу АД ЕСМ – Скопје како заемодавец и ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје како заемопримач;
- Одлука за прифаќање на Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадени препораки од Конечниот извештај од Државниот завод за ревизија за извршена ревизија за успешност на тема „Зелена транзиција преку промовирање на обновливи извори на енергија";
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр.02-6746/131/4 од 03.11.2025 година, за отпочнување на постапка за задолжување со државна гаранција за проектот „Фотонапонска електроцентрала ФЕ Битола 3";
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр.02-7058/135/2 од 17.11.2025 година за донесување на План за производство на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2026 година;
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр.02-7103/136/8 од 19.11.2025 година, за отпочнување на постапка за задолжување со државна гаранција за проектот „Фотонапонска електроцентрала ФЕ Битола 3" и дополнителни средства со кои би се затворила финансиската рамка за проектот Компонента I: „Ревитализација на ГХЕ-трета фаза";

- Одлука за одобрување на Одлуката на Управен одбор УО бр.02-7209/137/2 од 21.11.2025 година за задолжување со долгорочен синдициран заем во износ од 3.600.000.000 МКД, кај домашните комерцијални банки, со државна гаранција, за финансиска поддршка за тековното работење на АД ЕСМ – Скопје;
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр.02-7209/137/3 од 21.11.2025 година за склучување на Анекс бр.2 кон Договорот за одобрување на револвинг кредит лимит за обртни средства број 05-8340/1 од 25.12.2024 година изменет со Анекс бр. 1 број 05-4992/1 од 04.08.2025 година склучен со Силк Роуд Банка АД Скопје;
- Одлука за склучување на Анекси на Договорите за уредување на односите меѓу Друштвото и членовите на Управниот одбор;
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр. 02-7830/145/1 од 18.12.2025 година за склучување на Договор за заем обезбеден со државна гаранција со Европска банка за обнова и развој (ЕБОР), за потребите на проект ЕСМ Битола 3;
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр. 02-7830/145/2 од 18.12.2025 година за склучување на Договор за заем и Посебен договор кон Договорот за заем (ФЕ Битола 3) обезбеден со државна гаранција со Кредитна банка за обнова – КфВ од Германија, за финансирање на проект Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и финансиски средства со кои би се обезбедило дополнително финансирање на проект „Ревитализација на Големи Хидроелектрани – III фаза";
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр. 02-7918/148/4 за донесување на Финансиски план на АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје за 2026;
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр.02-7848/146/2 од 19.12.2025 година за склучување на Анекси кон Договори за заем со кои се продолжува рокот за враќање на позајмените парични средства до 31.12.2027 година;
- Одлука за донесување на Стратешки план за внатрешна ревизија за период 2026-2028 и Годишен план за внатрешна ревизија за 2026 година;
- Одлука за одобрување на Одлука на Управен одбор УО бр. 02-7918/148/15 од 23.12.2025 година за донесување на Ревидиран План за производство на АД ЕСМ - Скопје за 2026 година;
- Одлука за одобрување на Одлука УО бр.02-8228/150/3 од 30.12.2025 година за донесување на Годишен план за јавни набавки на АД ЕСМ – Скопје за 2026 година;
- Одлука за одобрување на Одлука УО бр.02-8228/150/2 од 30.12.2025 година за донесување на Годишна инвестициска програма на АД ЕСМ – Скопје за 2026 година;
- Одлука за одобрување на Одлука на УО бр.02-8228/150/1 од 30.12.2025 година за склучување на Анекс бр.3 кон Спогодбите за регулирање на начинот на плаќање на обврските согласно склучените договори за заем каде АД ЕСМ - Скопје е во својство на заемопримач;
- Одлука за именување на претседавач на Управен одбор на АД ЕСМ – Скопје (м-р Зоран Коњановски);
- Одлуки за одобрување на Одлуки донесени од Управниот одбор за одобрување заеми на Друштвата основани од АД ЕСМ – Скопје (СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово, ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје и ЕСМ СНАБДУВАЊЕ НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ ТОПЛИФИКАЦИЈА БИТОЛА ДООЕЛ) за износи над 50.000 евра во денарска противредност;
- Одлуки за одобрување на Одлуките донесени од Управниот одбор за за трансформација на заем што се трансформира во влог на друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на Друштвата основани од АД ЕСМ – Скопје (ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје, ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово, ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје);
- Одлуки за одобрување на Одлуките донесени од Управниот одбор за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки и на Годишната инвестициска програма за 2025 година на АД ЕСМ - Скопје и други.

Исто така, во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, Надзорниот одбор донесе голем број заклучоци со задолженија за постапување од страна на Управниот одбор на Друштвото, врз основа на информациите, извештаите односно документацијата, кои Надзорниот одбор согласно надлежностите, утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото побара да бидат доставени од страна на Секторите во Дирекција на АД ЕСМ – Скопје и од страна на

Подружниците за работењето на Друштвото, како и при разгледување на Извештаите за работењето на Друштвото во текот на 2025 година, кои после усвојувањето од Управниот одбор согласно Статутот на Друштвото се доставуваат на разгледување на Надзорниот одбор.
Воедно, во Одделот за нормативни работи и органи на Друштвото беа изготвени Записниците од одржаните состаноци на Управниот одбор и Записниците од одржаните состаноци на Надзорниот одбор, а воедно беа подготвени и објавени вкупно 35 Службени гласници на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.
Од страна на Службата за регулатива и договори – Оддел за нормативни работи и органи на Друштвото извршена е проверка и усогласување со Сектор за комерцијални работи од правен аспект на Модел на договори за јавни набавки кои се изготвуваат во текот на спроведување на постапките за јавни набавки и Договори за јавни набавки по веќе спроведена постапка за јавна набавка, а согласно Упатство за начинот за спроведување на постапките за јавни набавки во АД ЕСМ-Скопје, како и проверка и усогласување со Сектор за комерцијални работи од правен аспект на Анекси кон склучени Договори за јавни набавки.

Во текот на 2025 година во Служба за регулатива и договори – Оддел за нормативни работи и органи на Друштвото водени и реализирани се 4 (четири) постапки за транформација на основачки влог во постапка за зголемување на основна главнина за следните Друштва:
- ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје трансформиран влог во износ од 37.322.486,00 денари;
- СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ Тетово трансформиран влог во износ од 30.273.000 денари;
- ЕСМ МОНИТОРИНГ ДООЕЛ Скопје трансформиран влог во износ од 1.120.790,00 денари и
- ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ Битола во износ од 82.997.000,00 денари.

Истовремено, извршена е изработка и усогласување на Договори, Договори за заем, Анекси кон Договори за заем за продолжување на рокот за враќање на средствата, каде АД ЕСМ е во својство на заемодавач, како и Анекси кон Договори за заем каде што АД ЕСМ е во својство на заемопримач, Информации/Дописи до УО за потребите на Секторот за правни и општи работи, како и Информации/Дописи до надлежни органи по задолжение од одговорни лица и Управниот одбор.

» Секторот за правни и општи работи преку **Одделот за човечки ресурси** извршуваше дејствија од својот делокруг на работа. Согласно податоците и извештаите од овој Оддел, вкупниот број на вработени во АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје, на ден 31.12.2025 година изнесува 4.278 работник на неопределено време, додека преку Агенција за привремени вработувања се ангажирани 584 лица.

Бројот на работниците во Дирекцијата и Подружниците на АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје, со состојба на 31.12.2025 година е следна: Подружница ХЕС МАВРОВО Гостивар-284 вработени, Подружница ХЕС ЦРН ДРИМ Струга-195 вработени, Подружница ХЕЦ ТИКВЕШ Кавадарци-88 вработени, Подружница ХЕС ТРЕСКА Скопје-110 вработени, Подружница РЕК БИТОЛА Новаци-2.187 вработени, Подружница РЕК ОСЛОМЕЈ Осломеј-783 вработени, Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје-157 вработени, Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино- 201 вработени и Дирекција-Скопје-273 вработени.




Според степенот на стручна подготовка најголем број вработени 2.042 или 48% се со IV степен средно училиште. Табеларен преглед е прикажан во Прилог 1.




Според возраста најголемиот процент на вработени односно 34,8% се на возраст од 46-55 години; 27,6% се на возраст од 36-45 години; 25,4% се на возраст од 56-64 години; 11,2% се на возраст од 26-35 години и 1,0% од вработените се на возраст до 25 години.




Според половата структура во АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје најголемиот број или 3.650 вработени односно 85,34% се мажи и 628 или 14,68% се жени. Табеларен преглед е прикажан во Прилог 2.




Бројот на вработени во АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје, според национална структура е следен:

-Во Подружница ХЕС МАВРОВО Гостивар, од вкупно 284 вработени, 68,3% се Македонци, 27,1% се Албанци, 3,2% се Турци и 1,4% се Роми.

-Во Подружница ХЕС ЦРН ДРИМ Струга, од вкупно 195 вработени, 70,8% се Македонци, 14,4% се Албанци, 0,5% се Срби, 6,7% се Турци, 1,5% се Роми, 3,6% се Власи и 2,6% се од друга националност.

-Во Подружница ХЕЦ ТИКВЕШ Кавадарци, од вкупно 88 вработени, 97,7% се Македонци и 2,3% се Срби.

-Во Подружница ХЕС ТРЕСКА Скопје, од вкупно 110 вработени, 77,3% се Македонци, 20,0% се Албанци, 0,9% се Турци и 1,8% се од друга националност.

-Во Подружница РЕК БИТОЛА Новаци, од вкупно 2.187 вработени, 92,0% се Македонци, 5,1% се Албанци, 0,5% се Срби, 1,1% се Турци, 0,0% се Роми, 1,1% се Власи и 0,2% се од друга националност.

-Во Подружница РЕК ОСЛОМЕЈ Осломеј, од вкупно 783 вработени, 52,9% се Македонци, 42,5% се Албанци, 0,3% се Срби, 2,9% се Турци, 1,1% се Роми, 0,1% се Власи и 0,1% се од друга националност.

-Во Подружница ЕНЕРГЕТИКА Скопје од вкупно 157 вработени, 68,2% се Македонци, 22,9% се Албанци, 4,5% се Срби, 1,3% се Турци, 0,6% се Роми, 1,3% се Власи и 1,3% се од друга националност.

-Во Подружница ТЕЦ НЕГОТИНО Неготино, од вкупно 201 вработени, 96,5% се Македонци, 1,5 % се Срби, 1,% се Роми и 1% се од друга националност.

-Во Дирекција Скопје од вкупно 273 вработени, 83,2% се Македонци, 11,7% се Албанци, 1,5% се Срби, 0,4% се Турци, 1,5% се Власи и 1,8% од вработените се од друга националност.

Табеларен преглед е прикажан во Прилог 3.

**Дирекција на АД ЕСМ – Скопје**

*Човечки ресурси*

Во периодот од 01.01.2025 -31.12.2025 година, 6 работници се распоредени во Дирекција од други Подружници, 20 работници се нововработени по јавен оглас, 5 работници се распоредени од Дирекција во Подружници, 1 работник е заминат во пензија, 5 работници заминале од Дирекција со барање на отказ, додека на 1 работник му престанал работниот однос по други основи.

*Судски и извршни постапки*

Во АД ЕСМ-Дирекција заклучно со 31.12.2025 година има 100 активни судски предмети. Побарувањата кон друштвото изнесуваат 593.048.472,00 денари.

**Подружница ХЕС Маврово – Гостивар**

*Човечки ресурси*

Во Подружница ХЕС Маврово-Гостивар во текот на 2025 година, 2 работници се новопримени по јавен оглас, 11 работници заминале во пензија, 2 работници починале, на 1 работник Друштвото му дало отказ, додека преку Агенција за привремени вработувања се ангажирани 65 лица.

*Судски и извршни постапки*

Во Подружница ХЕС Маврово-Гостивар заклучно со 31.12.2025 година има 1 активен судски предмет.

**Подружница ХЕС Црн Дрим – Струга**

*Човечки ресурси*

Во Подружница ХЕС ЦРН ДРИМ Струга во текот на оваа година 1 работник е распореден во Подружницата од друга Подружница, 5 работници се новопримени по јавен оглас, на 12 работници му престанал работниот однос поради исполнување на условот за старосна пензија, 5 работници заминале од Друштвото со барање на отказ, додека преку Агенција за привремени вработувања се ангажирани 38 лица.

*Судски и извршни постапки*

Во Подружница ХЕС Црн Дрим-Струга заклучно со 31.12.2025 година има 1 активен судски предмет.

**Подружница ХЕЦ Тиквеш – Кавадарци**

*Човечки ресурси*

Во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година во Подружница ХЕЦ Тиквеш 4 работници заминале во пензија, 1 работник заминал со барање на отказ, додека преку Агенција за привремени вработувања заклучно со 31.12.2025 година се ангажирани 19 лица.

*Судски и извршни постапки*

Во Подружница ХЕЦ Тиквеш-Кавадарци заклучно со 31.12.2025 година нема активни судски предмети.

**Подружница ХЕС Треска – Скопје**

*Човечки ресурси*

Во текот на оваа година во Подружница ХЕС Треска- Скопје 3 работници се распоредени во Подружницата од друга Подружница, 11 работници се новопримени по јавен оглас, 2 работници се распоредени од Подружницата во друга Подружница, 7 работници се заминати во пензија, на 2 работници Друштвото им дало отказ, додека на 1 работник му престанал работниот однос по други основи.

*Судски и извршни постапки*

Во Подружница ХЕС Треска-Скопје заклучно со 31.12.2025 година нема активни судски предмети.

**Подружница РЕК Битола – Новаци**

*Човечки ресурси*

Во Подружница РЕК БИТОЛА-Новаци во текот на 2025 година 2 работници се распоредени од други подружници, 5 работници се новопримени по јавен оглас, 1 работник е распореден од Подружницата во друга Подружница, 139 работници заминале во пензија, 11 работници починале, 1 работник заминал од Друштвото со барање на отказ, на 9 работници друштвото му дало отказ, на 1 работник му престанал работниот однос по други основи, додека преку Агенција за привремени вработувања се ангажирани 350 лица.

*Судски и извршни постапки*

Во Подружница РЕК Битола заклучно со 31.12.2025 година има 47 активни судски предмети. Побарувањата кон друштвото изнесуваат 330.710.632,00 денари.

**Подружница РЕК Осломеј – Осломеј**

*Човечки ресурси*

Во текот на 2025 година во Подружница РЕК Осломеј-Осломеј 14 работници се новопримени по јавен оглас, 1 работник е распореден од Подружницата во друга Подружница, 34 работници заминале во пензија, 4 работници починале, 2 работници заминале со барање на отказ, на 1 работник Друштвото им дало отказ, на 2 работници им престанал работниот однос по други основи, додека преку Агенција за привремени вработувања се ангажирани 103 лица.

*Судски и извршни постапки*

Во РЕК Осломеј0-Осломеј заклучно со 31.12.2025 година има 184 активни судски предмети. Побарувањата кон друштвото изнесуваат 28.241.351,00 денари.

**Подружница Енергетика – Скопје**

*Човечки ресурси*

Во текот на 2025 година во Подружница Енергетика-Скопје 1 работник е распореден во Подружницата од друга Подружница, 15 работници се новопримени по јавен оглас, 1 работник е новопримен по други основи, 4 работници се распоредени од Подружницата во друга Подружница, на 4 работници му престанал работниот однос поради исполнување на условот за старосна пензија, 1 работник заминал од Друштвото со барање на отказ, на 2 работници Друштвото им дало отказ, на 3 работници им престанал работниот однос по други основи.

*Судски и извршни постапки*

Во Подружница Енергетика-Скопје заклучно со 31.12.2025 година има 10 активни судски предмети. Побарувањата кон друштвото изнесуваат 401.157,00 денари.

**Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино**

*Човечки ресурси*

Во текот на 2025 година во Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино, 5 работници заминале во пензија, 3 работници заминале од Друштвото со барање на отказ, додека преку Агенција за привремени вработувања заклучно со 31.12.2025 година се ангажирани 10 лица.

*Судски и извршни постапки*

Во Подружница ТЕЦ Неготино-Неготино заклучно со 31.12.2025 година има 3 активни судски предмети. Побарувањата кон друштвото изнесуваат 1.409.420,00 денари.

» **Оддел за правни работи**

**Судски предмети каде АД ЕСМ Скопје се јавува како тужител:**

**1.**Пред Основен граѓански Скопје, заведен е предмет под број ТС1-154/24, по тужба поднесена на ден 20.06.2024 година, од АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужител, против тужен Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје (Мепсо) , основ на тужбеното барање е надомест на штета, вредност 10.927.126.705,00 денари + 5.450.000,00 Евра.

Предметот е во првостепена постапка, примен е одговор на тужба, закажана расправа.

Тужбеното барање произлегува од штетата која е предизвика од испадот на Блок 3 во термоцентралата во Подружница РЕК Битола на 11.08.2021 и на 05.11.2021 година, заради недозволени мрежни услови во високонапонската мрежа на тужениот, неможноста да се произведува електрична енергија и со истата да се снабдува електроенергетскиот систем во Република Северна Македонија до 10.01.2023 г. кога Блокот 3 е поправен и ставен во функција.Вредноста се однесува на набавени 852.780,693 мегават часови електрична енергија за која е платен вкупен износ од 10.927.126.705,00 денари и износ од 5.450.000,00 Евра за набавка на нов трансформатор за Блок 3.

**2.**Пред Основен граѓански Скопје, заведен е предмет под број ТС-150/16 нов број ТС-38/23, по тужба поднесена на ден 30.12.2009 година, од АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужител, против тужен Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје (Мепсо), основ на тужбеното барање е долг, вредност1.238.997.237,00 денари.

Предметот е во повторена постапка, се работи за стар предмет во кој донесените пресуди на првостепениот и втостепениот суд се укинувани неколку пати, последно примена е првостепена пресуда 03.11.2023со која тужбеното барање е делумно усвоено и МЕПСО е задолжен да плати камата како главен долг сума во износ од 80.264.821 со камата од 01.12.2011, како и камата како главен долг сума во износ од 102.114.998 со камата од на понесување на тужба од 30.12.2009. Поголемото тужбено барање на име: камата како главен долг (разлика од утужен до досуден) во износ од 207.825.585 од 01.12.2011,камата како главен долг (разлика од утужен до досуден) во износ од 827.684.446 од 30.12.2009, долг по фактура за износ од 21.107.387 со камата од 30.01.2009, процесна камата на износ од 288.090.406 за период од 01.01.2011 до 30.11.2011 се одбиваат како неосновани. Со решение се констатира повлекување на износ од 1.022.458.266 на име главен долг се задолжува МЕПСО со трошоци во износ од 964.094 . Прецизираното т.барање се однесува на фактура за испорачана ел.енергија и камата за задоцнето плаќање по Договор за купопродажба на електрична енергија, моќност, системски услуги од 2005 година.

Изјавена е жалба за одбиениот дел во Апелациониот суд Скопје.

По предметот е платен усвоениот дел од т.барање по претходно донесените пресуди.

**3.** Пред Основен граѓански Скопје, заведен е предмет под број ТС 236/18, нов број ТС 22/22, по тужба поднесена на ден 30.04.2009 година, од АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужител, против тужен Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во

државна сопственост Скопје (Мепсо) , основ на тужбеното барање е долг, вредност 51.884.685,00 денари.
Предметот е повеќе пати укинуван и вратен од Врховен суд, во последно повторената постапка е донесена пресуда на Основниот граѓански суд Скопје ТС-22/22 од 27.09.2022 година и пресуда на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-567/23 од 07.12.2023 година со кои делумно е усвоено тужбено барање за износ од 6.972.738 со камата од 30.04.2009, во останатиот дел т.барање е одбиено за износ од 17.567.773. Сега е по ревизија изјавена од наша страна за одбиениот дел.
Тужбеното барање е прецизирано на износ од 24.540.511,00 денари и се однесува на камата по каматни листи и фактири за пресметана камата, по Договор за купопродажба на електрична енергија, моќност, системски услуги од 2005 година.
**4.** Пред Основен граѓански Скопје, заведен е предмет под број ТС1-46/22, по тужба поднесена на ден 02.03.2023 година, од АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужител, против тужен ССА Дооел Благуна експорт импорт Скопје, основ стекнување без основ, вредност 40.320.770.00 денари.
Предметот е во првостепена постапка. Тужбеното барање произлегува поради извршена исплата по правосилни пресуди односно, по претходно донесена Пресуда од 26.10.2020 година потврдена со второстепена пресуда, врз основа на кои АД ЕСМ Скопје на ден 24.03.2021 плати вкупен износ од 40.320.770,00 денари. Со решение Рев бр.157/21 од 26.10.2021 на Врховен суд, горенаведените пресуди беа укинати, и предметот вратен на повторно одлучување пред првостепениот суд. Со оглед да основот по кој АД ЕСМ Скопје го исплати износот од 40.320.770,00 денари, отпадна, пред Основен граѓански суд Скопје ја поведовме оваа п-ка против ССА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје за стекнување без основ, заради враќање на исплатениот износ,. ( поврзан со предмет под број 28 од овој извештај)
**5.** Пред Основен граѓански Скопје, заведен е предмет под број ТС 1-170/20 нов број ТС1-165/22 по тужба поднесена на ден 25.08.2020 година, од АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужител, против тужен ЕВН Македонија АД Скопје, основ надомест на штета, вредност. 14.023.349,00 денари.
Предметот произлегува од прекршување на одредби од Договорот за отстапување на побарување склучен помеѓу страните, во 2011, според кој наместо исполнување на обврската ЕВН пренел побарувања од своите должници, Поради тоа што за побарувањето спрема општина Гостивар ЕВН немал веродостојни документи, е поведена оваа п-ка. Во повторената п-ка е примена пресуда од 23.03.2023 со које е одбиено т. барање но вака донесената пресуда е преиачена со второстепена пресуда од 30.05.2024 со која делумно е усвоено е т.барање ( одбиено за стапка на камата) , платено е по предметот, изјавена е ревизија од страна на ЕВН.
**6.** Пред Основен суд Велес заведен е предмет П4-13/19, по тужба поднесена од Подружница ХЕС Тиквеш Кавадарци, во 2004 година, за надомест на штета сторена со вршење на кривично дело, во висина од 10.816.790,00 денари, против Душко Филипов, Никола Попов, Љупчо Делов, Петре Делов, Раде Давидовски.
Примена е првостепена пресуда од 12.07.2019 со која се одбива т.барање, со второстепена пресуда од 28.02.2022 е преиначена првостепената пресуда и усвоено е т.барање, поведена извршна постапка за наплата на досудените износи, од страна на тужените изјавена е ревизија.
**7.** Пред Основен граѓански Скопје, заведен е предмет под број ПЛ1-ТС-1749/23 поведен по предлог за издавање на платен налог поднесен на ден 29.06.2018 година, од АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужител, против тужен ФОРТ ДООЕЛ Кичево( сега ФОД) , основ долг , вредност. 10.723.845,00 денари.
Предметот е во првостепена п-ка, која е заклучена, се чека пресуда. Се работи за долг по основ на фактури за електрична енергија од месец август 2012 година до месец март 2018 година.
**8.** Пред Основен суд Струга заведен е предмет под број П4-25/24, по тужба поднесена на ден 08.03.2024 година, од АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужител, против тужен Трајче Нелковски од Струга, основ стекнување без основ, вредност 10.399.962,00 денари.
Предметот е во првостепена постапка, која е прекината. Тужбеното барање произлегува поради извршена исплата по правосилни пресуди со кои АД ЕСМ и РСМ без задолжени спрема Трајче Нелковски по основ на Пресуда П4-46/20 од 25.12.2020 година, Пресуда ГЖ бр. 1217/12 од 07.12.2021 година на Апелациониот суд Битола, е платен износ од 10.399.962,00 денари, кои пресуди со решение на Врховен суд беа укинати, па е отпаднат основот по кој е платено поради што е поведена оваа п-ка.

**9**. Пред Основен граѓански Скопје, заведен е предмет под број ТС 1-272/20 по тужба поднесена на ден 26.11.2020 година, од АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужител, против тужен ЕВН Македонија АД Скопје, основ долг , вредност. 8.782.075,00 денари.

Предметот е во првостепена постапка, која е прекината до решавање на претходно прашање по предмет поведен по тужба од ЕВН против ЕСМ за стекнување без основ, заведен под ТС 1-232/20, пред истиот суд. Тужбеното барање произлегува поради неисполнување на обврските од ЕВН по Договорот за наплата од 2011 година, за префрлање на 50% од месечно наплатени средства за период од месец јуни 2018 година до декември 2019 година.

**10**. Пред Основен суд Прилеп во тек е стечајна п-ка заведена под Ст 80/21 над 11 ти Октомври Еурокомпозити, која е поведена по пријава за побарување од ЕСМ Дирекција поднесена на 16.11.2022, по основ на дадени заеми кои не се вратени.

Пријавеното побарување е утврдено, усвоен е план за реорганизација на деловниот потфат, на 11.11.25, одржано собрание на доверители, на кое ЕСМ гласаше против план за реорганизација затоа што предвидува намирување од 60%, во рок од 90, дена без обезбедување.

**11**. Пред Основен граѓански суд Скопје во тек е стечајна п-ка заведена под Ст 123/20 над Еуростандард Банка, која е поведена по пријава за побарување од ЕСМ Дирекција поднесена на 30.08.2020.

Пријавеното побарување е утврдено, се одржуваат собранија на доверители на кои се донесуваат одлуки за впаричување на имотот.

**12**. Пред Основен граѓански Скопје, заведен е предмет под број 62ТС-120/22 по тужба поднесена на ден 07.10.2022 година, од АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужител, против тужен ЕВН Македонија АД Скопје, основ долг , вредност. 4.033.704,00 денари.

Предметот е во првостепена постапка, која е прекината до решавање на претходно прашање по предмет поведен по тужба од ЕВН против ЕСМ за стекнување без основ, заведена под ТС 1-232/20 пред истиот суд. Тужбеното барање произлегува поради неисполнување на обврските од ЕВН по Договорот за наплата од 2011 година, за префрлање на 50% од месечно наплатените износи за период од од јануари 2020 година до март 2021 година.

**13.** Пред Основен граѓански суд Скопје, заведен е предмет под број 60 ТС1 58/21 по тужба од ЕСМ Дирекција против Торнадо Куманово, основ надомест на штета, вредност, 1.838.264,00 денари.

Со пресуда од 20.02.2024 делумно е усвоено тужбеното барање за износ од 1.370.951,00 изјавена е жалба за одбиениот дел во износ од 467.489,00 денари. Предметот произлегува од Договор за јн на стоки- термоизолациона волна од 17.11.2017 година, за потребите на Подружница РЕК Битола, по кој е испорачана стока спротивно на техничката спецификација, одбиениот дел од тужбеното барање е за делот кој бил употребен.

**14**. Пред Основен суд Битола, заведен е предмет под број ПЛ1-ТС-32/23 поведен по предлог за издавање на платен налог поднесен на ден 22.02.2023 година, од АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужител, против тужен ФОД основ долг , вредност. 1.649.705,00 денари.

Примена е пресуда со која се усвојува т.барање, изјавена е жалба од тужениот. Се работи за долг по основ на фактури за електрична енергија од месец септември 2021 година до месец декември 2022 година.

**15**. Пред Основен суд Битола, заведен е предмет под број НПН 76/24 , ПЛ1-ТС-34/24 поведен по предлог за издавање на платен налог поднесен на ден 09.04.2024 година, од АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужител, против тужен ФОД, основ долг , вредност. 1.061.074,00 денари.

Примена е пресуда од 25.10.2024 со која се усвојува т.барање, изјавена е жалба од тужениот. Се работи за долг по основ на фактури за електрична енергија за 2023 година.

**Судски предмети каде АД ЕСМ Скопје се јавува како тужен:**

**16.** Пред Основен граѓански Скопје, заведен е предмет под број 62 ТС -1-155/21, по тужба поднесена на ден 16.06.2021 година, од Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје (Мепсо) како тужител против АД ЕСМ Дирекција како тужен , основ стекнување без основ, вредност 368.536.180 ,00 денари.

Првостепена пресуда од 20.02.2023 со која е одбиено т.барање, оваа пресуда е потврдена со второстепена пресуда ТСЖ.1047/23 од 04.07.24. на Апелциниот суд Скопје. Тужбеното барање е прецизирано во текот на п-ката, се бара само камата од 16.12.2020 до 12.05.2022, не и главен долг,

а истото произлегува поради извршена исплата по правосилни пресуди по предметот ТС 150/16( реден бр. 2 од овој извештај) кои пресуди со решение на Врховен суд беа укинати, па поради тоа што Мепсо сметал дека е отпаднат основот ја повел оваа –п-ка.

**17.** Пред Основен граѓански суд Скопје заведен е предмет под ТС 1-261/21, по тужба поднесена од АД БЕТОН Скопје, против АД ЕСМ и ЕВН Македонија АД Скопје како тужени, за надомест на штета, вредност 88.382.827,00 денари.

Предметот е во првостепена постапка, тужителот бара да му биде досудена штета заради раскинат Договор склучен помеѓу ЕВН Македонија АД Скопје и АД ЕСМ Скопје од една страна како Нарачатели и ДГ Бетон АД Скопје како Изведувач од 25.06.2013, каде предмет се градежни работи за реконструкција и доградба на фасада за управна зграда на ЕВН и ЕЛЕМ, на ул.11 Октомври бр.9 во Скопје.Во тек е изготвување на економско супервештачење, по однос на ставките кои ги бара тужителот, се однесуваат на побарувања од фирмите ангажирани како подизведувачи и за трошоци за изнајмување на скеле.

**18.** Пред Основен граѓански суд Скопје заведен е предмет под НПН 2923/24, Пл1-ТС-847/24, по предлог за платен налог/тужба поднесена од РКМ ДООЕЛ Скопје, на ден 19.04.2024, против АД ЕСМ Дирекција, основ долг, вредност 81.834.474,00 денари.

Предметот е во првостепена постапка, побарувањето произлегува од фактури за испорачан мазут за РЕК Осломеј , РЕК Битола, ТЕЦ Неготино по Договор за набавка на стоки по јн 01-77/2022, се побарува износ од 65.322.483,00 денари, за долг по фактури кои по поднесување на тужбата се платени, последна состојба за главен долг е во износ од 6.239.184, 00 и сега преостанат е износ од 16.511.991,00 денари на име камата за задоцнето плаќање по каматни листи, за камата се чека нова пресметка од вешто лице за да се утврди нејзниот износ.

**19.** Пред Основен граѓански суд Скопје заведен е предмет под ТС 34/21, по предлог за повторување на постапка од 15.01.2024, во врска со тужба поднесена од Енергоинвест ДД Сараево против АД ЕСМ Дирекција, Скопје како тужен, за надомест на штета, вредност, 74.785.916,00 денари.

Во претходната постапка добиена е првостепена пресуда од 14.02.2019 со која се одбива т.барање, досудени трошоци во износ од 895.894 денари, потврдена со второстепена пресуда од 08.10.2020 од Апелационен суд Скопје и со Пресуда од 23.03.2022 од Врховен суд, со тужбата се бара надомест на материјална штета за повеќе извршени градежни работи на транспортен систем за водено одлагање пепел во РЕК Осломеј во износ од 74.735.916,00 денари, по основ на Договор за изградба и пуштање во работа на новиот транспортен систем за водено одлагање пепел во РЕК Осломеј ОП-25/2010, заведен во АД ЕЛЕМ Скопје под број 11-93/1 од 25.02.2011 година.

Предметот е во првостепена п-ка по предлог за повторување во која судот треба да одлучи дали ќе дозволи повтрување на претходно правосилно окончаната постапка.

**20.** Пред Основен граѓански Скопје, заведен е предмет под број 56ТС-1-232/20 по тужба поднесена на ден 22.10.2020 година, од ЕВН Македонија АД Скопје против АД ЕСМ Скопје, Дирекција, основ стекнување без основ за вредност 50.901.839,00 денари.

Предметот е во првостепена постапка, тужбеното барање произлегува од Договор за наплата од 2011 година , поради наводна претплата и системска грешка во евиденцијата на ЕВН Македонија АД Скопје при генерирање на извештаи за наплата за период од 30.03.2011 до 31.07.2013 година, во кој период на ЕСМ му биле исплатени повеќе средства од оние средства кои требало да му бидат исплатени по овој договор.

**21.** Пред Основен граѓански суд Скопје заведен е предмет под НПН.бр.5062/24, 55ПЛ1-ТС-1335/24, по предлог за платен налог/тужба поднесена на ден 12.08.2024 година од Никопоулос ДООЕЛ Битола, на ден 12.08.2024, против АД ЕСМ Дирекција, основ долг, вредност 44.575.704,00 денари.

Предметот е во првостепена постапка, тужбеното барње произлегува од Фактура бр.32-2024 од 09.07.2024 година , за испорачан јаглен за Подружница Рек Битола по Договорот за набавка на стоки по отворен систем на понуди бр. 01-04/2024, заведен под бр. 11-112/4 од 26.03.2024.

**22.** Пред Основен суд Битола, заведен е предмет под ТС1-18/22 по тужба поднесена на ден 13.09.2022 година, од Рубитон увоз-извоз ДОО Битола, против АД ЕСМ Подружница РЕК Битола, за надомест на штета, вредност 31.779.545,00 денари.

Предметот е во првостепена постапка која е прекината до решавање на предмет помеѓу истите страни заведен под ТС 1/23 пред истиот суд, тужбеното барање се однесува на изгубена добивка

поради неучество во п-ки по јавни набавки за период од една година (09.11.2018-09.11.2019) поради издадена негативна референца од Подружница РЕК Битола и раскинат Договор за јавна набавка на работа од ископ на јаловина.

**23.** Пред Основен граѓански суд Скопје, заведен е предмет под 52 ТС1-157/21, по тужба поднесена на ден 21.06.2021 од Дошница експорт-импорт ДООЕЛ Демир Капија, против АД ЕСМ Дирекција и други (Министерство за животна средина и просторно планирање, АД Водостопанство, Мепсо) за надомест на штета, вредност 31.057.000,00 денари.

Предметот е во првостепена постапка, тужбеното барање произлегува од штета поради помор на риба- крап (51.735 кг.) во Тиквешко езеро, во период од 20.10.2020-04.11.2020.Тужбеното барање е насочено солидарно кон сите тужени страни во п-ката. Во рефератот на тужбата се наведува дека штетата во делот на одговорноста на ЕСМ е последица на одржување на ниско ниво на вода во Тиквешкото Езеро.

**24.** Пред Основен суд Битола, заведен е предмет под ПЛ1ТС 114/21 по тужба поднесена на ден 21.04.2021 година, од Рубитон увоз извоз ДОО Битола, против АД ЕСМ Подружница РЕК Битола, за долг, вредност 30.485.958,00 денари.

Примена е првостепена пресуда од 08.07.2024 г. со која е одбиен приговорот на АД ЕСМ против решението за издавање на нотарски платен налог НПН.38/2021 од 15.04.2021 г. на нотар Катерина Митревска од Скопје како неоснован, досудени се тошоци во износ од 556.491,00 денари, основ е побарување се фактури по договор за јавна набавка по отворена постапка за ископ на јаловина од 13.08.2018. Изјавена е жалба пред Апелационен суд Битола.

**25.** Пред Основен суд Битола, заведен е предмет под ТС1 21/19,нов број ПЛ1-ТС-1/23 по тужба поднесена на ден 15.04.2019 година, од Рубитон увоз извоз ДОО Битола, против АД ЕСМ Подружница РЕК Битола, за долг, враќање гаранција и надомест на штета, вредност 30.405.202,00 денари.

Во повторена постапка примена е првостепена пресуда од 06.03.2023 со која на име неосновано наплатена Банкарска гаранција задолжени сме да платиме износ од 9.272.130, денари со камата сметано од 07.11.2018 година парничните трошоци во износ од 429.214 денари. Со пресудата наложено е Бирото за јавни набавки да ја отстрани негативната референца објавена за тужителот на 09.11.2018 година на Економскиот систем за јавни набавки. Со пресудата сме задолжени на име надомест на штета во вид на испуштена добивка да му платиме на тужителот износ од 21.133.072 денари. Тужбеното барање произлегува од договор за јавна набавка на работа од ископ на јаловинаод 13.08.2018.

По жалба изјавена од наша страна пред Апелационен суд Битола.

**26.**Пред Основен суд Скопје 2 Скопје заведена е постапка под број 62 ТС 1- 57/19, по тужба поднесена на ден 22.03.2019 година од тужителот СТРАБАГ АГ Австрија, против тужениот АД ЕСМ Дирекција- Скопје, по основ стекнување без основ/долг, во вредност од 437.255,00 Евра.

Примена е првостепена пресуда од 23.05.2024 со која е делумно усвоено тужбеното барање на СТРАБАГ АГ Австија со која АД ЕСМ е задолжен да плати на име долг износ од 218.252,26 евра со законска казнена камата сметано од 20.10.2018 на име надомест на штета износ од 218.969,27 евра со законска казнена камата сметано од 01.02.2019, трошоци во износ од 1.688.460,00 денари. Изјавена е жалба пред Апелациониот суд Скопје.

Тужбеното барање произлегува од Договор од 24.04.2013 и анексите склучени кон истиот, кои се однесуваат на извршување градежни работи за нова деловна зграда на АД ЕЛЕМ Скопје и тоа извршени неисплатени градежни работи во износ од 218.252,26 Евра и за дополнителни генерални трошоци износ од 219.002,72 Евра.(кои се однесуваат на плати за вработени, обезбедување на градилиште, режиски трошоци и др.)

**27.** Пред Основен граѓански суд Скопје заведена е постапка под број Пл1-ТС-645/23 по предлог за издавање платен налог/тужба поднесена на ден 10.04.2023 година од тужителот ДЕКОН КОМ ДООЕЛ Скопје против тужениот АД ЕСМ Дирекција- Скопје, по основ долг, во вредност од 24.395,000,00 денари.

Првостепена постапка во тек, побарувањето произлегува од завршната ситуација за дополнителни работи од 07.09.2021 година во која е наведено дека се однесува на Договор од 10.03.2014 година, за изградба на шестоседата жичара .

**28.** Пред Основен граѓански Скопје, заведен е предмет под број 54 ТС 39/18 нов број ТС-128/21, по тужба поднесена на ден 27.01.2018 година, од ССА Дооел Благуна експорт импорт Скопје против АД ЕСМ Скопје, Дирекција како тужен, основ надомест на материјална штета, вредност 23.959.900,00 денари.
Предметот е во повторена постапка. Претходно беше донесена Пресуда од 26.10.2020 година потврдена со второстепена пресуда, врз основа на кои АД ЕСМ Скопје на ден 24.03.2021 плати вкупен износ од 40.320.770,00 денари. Со решение Рев бр.157/21 од 26.10.2021 на Врховен суд, горенаведените пресуди беа укинати, и предметот вратен на повторно одлучување пред првостепениот суд.
Во повторената постапка, судот донесе Пресуда од 06.09.2022 со која го одби тужбеното барање како неосновано и ја задолжи ССА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје да плати трошоци во износ од 681.120,00 денари. Вака донесената првостепена пресуда со Пресудата од 27.04.2023 на Апелационен суд Скопје е преиначена и тужбеното барање е делумно усвоено на начин што АД ЕСМ Скопје е задолжен на име стекнување без основ поради наплаќање на банкарска гаранција бр.432373 на Комерцијална Банка АД Скопје да исплати износ од 23.959.900,00 и законска казнена камата сметано од 29.01.2018, како и да плати трошоци во износ од 656.320,00 денари.
Од наша страна е изјавена ревизија.
( По предметот е платено, поврзан со предметот под реден број 4 од овој извештај).
**29.** Пред Основен граѓански суд Скопје, заведен е предмет под 50ТС1-63/21, по тужба поднесена на ден 17.03.2021 од Друштво за прозиводство, транспорт, услуги и трговија ЗЛАТЕН КРАП ДООЕЛ с.Ваташа, Кавадарци, против АД ЕСМ Дирекција и други (Министерство за животна средина и просторно планирање, АД Водостопанство, Мепсо) за надомест на штета, вредност 22.080.400,00денари.
Тужбеното барање произлегува од штета поради помор на риба- крап (36.773 кг.) во Тиквешко езеро, во период од 20.10.2020-29.10.2020. Примена е првостепена пресуда од 25.11.2024 година со која судот го усвоил тужбеното барање на тужителот за надомест на штета и ги задолжл тужените солидарно да му исплатат на тужителот на име надомест на материјална штета вкупен износ од 22.080,400,00 денари, како и солидарно да му ги надоместат на тужителот процесни трошоци во вкупен износ од 583.512,00 денари. Основ за усвојување на тужбеното барање дека штетата е настаната спрема АД ЕСМ поради забрзано празнење на оваа хидроакумулација во критичниот период, а заради потребата овој воден потенцијал да се искористи за прозиводство на електрична енергија од страна на првотужениот.
Од наша страна е изјавена жалба пред Апелациониот суд Скопје.
**30.** Пред Основен граѓански суд Скопје поведена е постапка по тужба од тужителите: 1.Катароска Сузана од Прилеп, 2.Катароска Мартина 3. Катароски Стефан 4. Катароски Стојан од Прилеп,. 6. Катароска Олгица од Прилеп,. против тужените: АД ЕСМ Скопје, Друштво за производство, трговија и услуги ЗИМАК Стретен ДООЕЛ Битола, Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги увоз-извоз СИМ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица, основ надомест на штета, вредност 21.806.805,00 денари.
Првостепена постапка е во тек, тужбеното барање произлегува од штетен настан кој се случил на 20.07.2021 година кога при незгода на работа во ПЕ Рудник Суводол-Подружница РЕК Битола починал Катароски Трајче од Прилеп, кој бил во работен однос со СИМ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица, ангажиран како ракувач на градежна машина булдожер, во сопственост на ЗИМАК Стретен ДООЕЛ Битола. Договорот за јавна набавка на услуга од 12.04.2021 година е склучен со ЗИМАК Стретен ДООЕЛ Битола, како Носител на група понудувачи, предмет е ангажирање на помошна механизација за потребите на рударска оперативa во ПЕ Рудници за булдожер со снага на мотор 300кв. Како причина за настанување на незгодата се наведува непочитување на мерки за безбедност и здравје при работа.

» **Одделот за имотно правни работи** во 2025 година извршуваше дејствија од својот делокруг на работа и тоа:

- Изготвени се договори за давање на право на користење на недвижен имот без надомест, согласно доставените одлуки од УО, изготвени се записници за примопредавање на недвижностите, предмет на договорите.
- Изготвени се договори за давање на времено користење на основно средство-патничко возило, согласно доставените барања и одлуки од УО.
- Доставено е барање за креирање на фолдер за потребите на оддел за имотно правни работи бр.03-392/1 од 22.01.2025 до Оддел за ИТ и ТК.
- Поднесени се повеќе барања за издавање на податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем до Оддел за ИТ и ТК.
- Поднесени се барање за издавање на податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем и нарачка за геодетски елаборати до Сектор за развој и инвестиции.
- Постапено е по заклучоци и задолженија од УО, изготвени се и доставени:
  - Извештај за Ски центар Попова Шапка ДООЕЛ Тетово;
  - Информација во врска со постапување со материјали кои не се потребни во процесот на работа и управување со отпад во АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје;

- Доставена е Информација за информирање за завршена постапка за техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 1.5.2 од Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на Град Скопје- Мал Ринг, изменување и дополнување Општина Центар- Скопје;

- Информација и дополнување за завршена постапка за техничка исправка на Детален урбанистички план за ГП 1.5.2 од Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје на Град Скопје - Мал Ринг;

- Инфомација во врска со допис од ОСМ Солар ДООЕЛ Скопје за пренесување на право на користење на градежно земјиште за изградба и стопанисување со фотонапонска електроцентрала -Осломеј 3.2;

- До Управен одбор доставено е произнесување по Информација во врска со проектот „Регионален проект за управување со цврст отпад" од аспект на прифатени обврски и спроведени активности од АД ЕСМ;

- Доставено е Мислење за постапката за стекнување на правото на сопственост од страна на АД ЕСМ-Скопје, како акционерско друштво во државна сопственост, на КП 2202/1, КО Гази Баба, каде е предвидена градежна парцела ГП 4.25 со вкупна површина од 36.860 $м^2$, со намена Г2.8 за изградба на „Постројки на природен гас и/или обновливи извори" и планирана површина за градба во основа 22.116$м^2$.

- Постапено е по примени задолженија од извадоци од нацрт записници од седници на Влада на РСМ, и тоа:

- Внесување на недвижен имот со сметководствена вредност во Централниот регистар за државен недвижен имот, од страна на АД ЕСМ Скопје и дооел-ите основани од АД ЕСМ; согласно кој сите подружници и дооел-ите основани од АД ЕСМ-Скопје, беа задолжени да постапат соодветно и

- Мислење до Влада на РСМ за потребата на Министерство за култура и туризам и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот;

- Одржан е работен состанок со Планерска компанија ИН-ПУМА ДОО Скопје, која е ангажирана за проектирање на Деталниот урбанистички план Централно градско подрачје МАЛ РИНГ иницирал од страна на АД ЕСМ-Скопје за решавање на проблемот со паркинг просторот во сопствената градежна парцела, односно за непречен пристап, движење и функционирање на деловната зграда на АД ЕСМ.. Разгледани се досегашните чекори преземени од АД ЕСМ за решавање на овој проблем и се заземаа ставови во насока на тоа дека треба поконкретно да се интервенира од страна на ИН-ПУМА во текстуалниот дел на ДУП-от кој ќе овозможи недвосмислена законска основа за обезбедување на паркинг места за службени возила иако и во оваа фаза на ДУП-от постои законска основа барањата на АД ЕСМ да бидат одобрени.

- Поднесено е Барање и неколку ургенции до Град Скопје за регулирање на паркингот околузградата, согласно елаборат за нумеички податоци.

-Во врска со големиот број на предмети кои АД ЕСМ ги има поднесено во Министерството за транспорт и врски во 2018 година за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти (инфратструктура), се организираше и одржа состанок со претставници на АД ЕСМ од имотно правниот оддел и од секторот за развој и инвестиции со комисијата за легализација на бесправно изградени објекти во Министерство за транспорт и врски.

-Одржани се неформални и формални состаноци со претставници на АД МЕПСО во насока за финализирање на примопредавањето на приклучокот на ВЕЦ Богданци.

- Одржани се работни средби со претставници на Агенција за катастар на недвижности во врска со разрешување на одделни проблеми со кои се соочуваме а се однесуваат на имотот и негово запишување во Агенцијата за катастар на недвижности.

- Одржана работна средба со државното правобранителство и представници од Агенција за катастар на недвижности за начинот и постапката за упис на Сепарација со опрема стекнато со правосилно Решение Л-1/08 од 11.06.2013 година издадено од Основен Суд Велес, по спроведена ликвидација над должникот Јавно претпријатие ГЕВГЕЛИСКО ВАЛАНДОВСКО ПОЛЕ во ликвидација Гевгелија.

- Постапено е по анонимна пријава и доставени се пријави за узурпација на објекти и опрема на Сепарација во Гевгелија, стекнато со правосилно Решение Л-1/08 од 11.06.2013 година издадено од Основен Суд Велес, по спроведена ликвидација над должникот Јавно претпријатие ГЕВГЕЛИСКО ВАЛАНДОВСКО ПОЛЕ во ликвидација Гевгелија, до Државно правобранителство Гевгелија и Министерство за внатрешни работи СВР Струмица и опомена пред тужба до друштвото Еуроинг ДОО Гевгелија која ги користи објектите и опремата. Во врска со Сепарацијата побарано е увид во Државниот архив на РСМ, во Водостопанство Гевгелија и во судскиот предмет и обезбедена е потребната документација;
- Направена е посета на Магацин Стојаково и Магацин Мрзенски рид, добиени со распределба на имотот од Гевгелиско Валандовско Поле;
- Постапено по барање доставено од Министерство за финансии, Имотно правни работи Гевгелија, по предмет Уп.бр.25-607 за приватизација на земјиште на КП 4007 за КО Гевгелија, земјиште на кое се наоѓа Сепарација со објекти и опрема во наша сопственост.
- Доставена жалба на Решение за предмет за постапување по бесправно изграден објект до Општина Маврово и Ростуше.
- Доствена жалба по Решение за приватизација на Општина Гевгелија.
- До Подружница Енергетика и ХЕС Црн Дрим испратено е Барање за информација во врска со енергетските трансформатори кои се наоѓаат во кругот на Раде Кончар-Сервис.
- Поднесени се ургенции до Министерство за транспорт за линиски инфраструктурни објекти за започнати предмети во врска со легализација на линиски инфраструктурни објекти.

- Учество во работата на Работна група за регулирање на меѓусебните односи помеѓу АД ЕСМ, АД ЕВН и ДРИМ ХИДРО ДОО – Скопје, формирана со Решение бр.03-5110/1 од 08.08.2025 година.

- Изработена е согласност на Јавно претпријатие за водостопанство Студенчица Кичево, за приклучување на електродистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија и поставување на мерно регулациона опрема во приклучна шахта, за далечинско следење и управување со расположливите количини на вода кон населено место Црвивци.
- Барање за документи на реверс до Министерство за транспорт, во врска со запишување на право на сопственост на трибина на ракометно игралиште во Струга.
- Доставено е мислење до Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, по предходно добиено барање на мислење за предлог за донесување на акт за прогласување на мозаичната композиција „Човекот и светлината" во хидроцентрала Вруток, с. Вруток-Гостивар за значајно културно наследство, а по предходно разгледување на барањето со прилозите од страна на стручните служби на Подружница ХЕС Маврово.
- До Агенција за катастар на недвижности поднесено е Барање за увид во предмет за ИЛ 98799, сопственост на ЕСМ Туризам ДОО Скопје, на ден 03.12.2025 и истиот е спроведен.
- До Агенција за катастар на недвижности поднесено е Барање за увид во предмет за ИЛ 47498, деловен објект сметен во административна зграда на АД ЕСМ- Скопје ( ОПТИКА)на ден 03.12.2025г. и истиот е спроведен.

- Доставени се допис и угенција до Град Скопје и Сектор за сообраќај, Одделение за издавање на лиценци и дозволи во областа на сообраќајот.

- Континуирано ажурирање на севкупниот имот, земјиште и објекти евидентирани по табели со имотни листови во прилог, согласно потребите на друштвото.
- Постоно ажурирање на договори за послуга и договори за користење на движни и недвижни ствари кои друштвото ги има со подружниците и дооел-те формирани од АД ЕСМ.
- Изготвени се дописи и одговарање на коресподенција со надворешни физички лица и институции и министерства;
- Изготвени се овластувања за номинирани лица за постапување во врска со имотот на АД ЕСМ пред соодветни институции;
- Учество во работа на работни тела и комисии;

- Подготовка на секторските квартални извештаи;
- Подготовка на секторскиот годишен извештај.

» Во текот на 2025 година, **Службата за општи работи** ги извршуваше тековно сите активности.

**Возен парк**

Во месец Јануари 2025 година, потпишан е Договор за сервисирање и одржување на моторни возила за Дирекција, Енергетика и ХЕС Треска со Економски оператор Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје, односно на 27.01.2025 година, заверен под архивски број 11-51/1, каде сервисирањето се одвива тековно цела година без проблеми по претходно утврдена цена и динамика.

Сервисот за новите возила се врши според Договорот со Ауто мотив со арх.број 11-79/1 од 09.02.2024 година и според Договорот со Еуроимпекс со архивски број 11-80/1 од 09.02.2024 година, согласно гарантен рок на возилата и утврдени цени.

Склучен е Договор за давање на времено користење без надомест на определено време од две години, на основно средство-патничко моторно возило на Друштво за производство на топлинска енергија ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ-Скопје, заведен под архивски број 03-29/1 од 08.01.2025 година, за патничко моторно возило PEUGEOT 2008 Active 1.2 PureTe, со регистарски ознаки SK-8637-BO, број на шасија VR3USHNK7RJ680103, и број на мотор 10TMA60194303, произведено 2024 година, со набавна и сегашна вредност од 1.168.200,00 денари и отпишана вредност 0 денари. На ден 05.12.2025 година по Барање од ЕСМ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА ДООЕЛ-Скопје, склучена е Спогодба за раскинување на Договор за давање на времено користење на основно патничко моторно возило, согласно Одлуката од Управен одбор УО бр.02-7446/141/13 од 03.12.2025 година.

По Барање на ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДОЕЛ Скопје, за согласност за отстапување на основно средство-патничко моторно возило од Дирекција на АД ЕСМ-Скопје и со Одлука на Управен Одбор бр.02-70/43/13 од 09.1.2025 година, се дава на времено користење, без надомест на определено време од 2 (две) години, сметано од денот на склучувањето на Договорот архивски број 03-282/1 од 17.01.2025 година, патничко моторно возило PEUGEOT 2008 Active 1.2 PureTe, со регистарски ознаки SK-3179-BO, број на шасија VR3USHNK6RJ680092, и број на мотор 10TMA60194122, произведено 2024 година, со набавна и сегашна вредност од 1.168.200,00 денари и отпишана вредност 0 денари. На ден 05.12.2025 година, по Барање на ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДОЕЛ Скопје, склучен е Договор за давање на времено користење на основно средство-патничко моторно возило PEUGEOT 2008 Active 1.2 PureTe, со регистарски ознаки SK-8637-BO, број на шасија VR3USHNK7RJ680103, и број на мотор 10TMA60194303, произведено 2024 година, со набавна и сегашна вредност од 1.168.200,00 денари и отпишана вредност 0 денари. Согласно Одлука од Управен одбор, УО бр.02-7446/141/14 од 03.12.2025 година.

Набавката на Гуми за моторни возила се реализира со сите Подружници, на АД ЕСМ Скопје. Потпишани се 2 (два) Договори за јавна набавка на стока (Оглас за Квалификациски систем број 18321/2024/К1 и интерен број 01-71КС/2024, барање бр.1) и тоа со Трговско друштво за производство, промет и услуги МОТОЦЕНТАР ДОО експорт-импорт Скопје, заведен под архивски број 11-21/4 од 18.02.2025 година, со вкупна вредност од 6.619.835,00 денари. Службата за општи

работи од Дирекција на АД ЕСМ, Скопје, од овој Економски оператор на 26.02.2025 година, има подигнато 20 нови зимски гуми за моторни возила и ВНТП Технокомерц АД, Скопје, заведен под архивски број 11-81/1 од 18.02.2025 година, со вкупна вредност од 763.035,00 денари. Службата за општи работи од Дирекција на АД ЕСМ, Скопје, од овој Економски оператор на 28.02.2025 година, има подигнато 8 нови зимски гуми за моторни возила. Во почетокот на месец февруари 2025 година, отпочната е постапка за летни гуми за моторни возила. Набавката на нови гуми за тековниот период е завршена со три економски оператори и тоа: Мотоцентар со број на договор 11-128/1 од 09.04.2025, Технокомерц со број на договор 11-97/5 од 09.04.2025, НСК 2001 со број на договор 11-127/1 од 09.04.2025 година. Во месец ноември 2025 година, набавени се зимски гуми од ЕО Трговско друштво за производство, промет и услуги МОТОЦЕНТАР ДОО експорт-импорт Скопје, со монтажа, демонтажа, балансирање и хотел за гуми.

Според изготвениот детален извештај за состојбата на возилата, старо моторно возило од Дирекција, по Одлука на УО БР.02-3338/88/21 од 23.05.2025 година, остапено е на користење во траење од 1 (една) година на Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕСМ Молика ДООЕЛ-Битола, возило Ауди А4 со регистарска таблица SK-6346-BK, кое сега е со променета црвена таблица SK-0547-CA како и Договорот склучен на 08.01.2025 година, заверен под архивски број 03-68/1, отстапено е патничко моторно возило Дачија Дастер со регистарски ознаки SK-6250-AZ, кое сега е со променета црвена таблица SK-0548-CA, број на шасија UU1HSDAC1147470279, произведено 2012 година, со изминати 368.000 километри, кое е со набавна и отпишана вредност од 475.921,00 денари и сегашна вредност од 0 денари.

По Барање на РЕК Битола-Новаци, за согласност за отстапување на основно средство-патничко моторно возило од Дирекција на АД ЕСМ-Скопје и со Одлука на Управен Одбор бр.02-4881/108/3 од 31.07.2025 година, се отпишува од книговодствена евиденција на Дирекција АД ЕСМ-Скопје, а се впишува во книговодствена евиденција на Подружница РЕК Битола-Новаци, патничко моторно возило Land Rover Freelender, со регистарски ознаки SK-6257-AZ, број на шасија SALFA2BD2BH224449, и број на мотор DZ784003465224DT, произведено 2011 година, со набавна и отпишана вредност од 697.226,00 денари и сегашна вредност 0 денари, почнувајќи од 01.08.2025 година.

Поднесено Барање за формирање на работна група со арх.бр.03-2170/1 од 02.04.2025 година и изготвено Решение со арх.бр.03-2170/2 од 04.04.2025 година, за дислоцирање на автомобилски гуми од подрумските простории од Деловната зграда на АД ЕСМ-Скопје, кои се расходовани и во сметководствена евиденција се со отпишана вредност 0 (нула), согласно законска регулатива и ИСО стандардни, со кое е постапено по решението и дислоцирани се 149 гуми во кругот на објектот "Светлина" Куманово.

Потпишан е Договор со Акционерско друштво за издавање на деловен простор под закуп Градски Трговски Центар-Скопје, заверен под архивски број 03-5732/1 од 11.09.2025 година, во времетраење од 6 (шест) месеци и со АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, потпишан е Договор за користење на паркинг место, во времетраење од 1 (една) година, заверена под архивски број 03-5647/1 од 05.09.2025 година, и 1 (една) ВИП карта за користење на паркинг место, заверена под архивски број 03-5647/2 од 05.09.2025 година.

Согласно Извадокот од 27-та седница на Влада на РСМ одржана на 29 јули 2025 година, точка 113 Информација за постапување по правилникот за форма и содржина на образците на барање за издавање на регистерските таблици на возилата, Дирекција, АД ЕСМ-Скопје, во месец септември 2025 година, Службата за општи работи започна со менување на таблиците на службените возила и тековно продолжи со менување на таблиците.

Согласно со член 8-б став 2 од Изборниот законик, јавните фондови, јавните претпријатија и сите други правни лица што располагаат со државен капитал, каде во рок од десет дена од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори, должни се до Државната комисија за спречување на корупцијата да доставaт податоци за бројот, видот, регистарската таблица и возната состојба на моторните возила со кои располагаат ,АД ЕСМ-Скопје испрати податоци за службените возила.

За време на време на претстојните Локални избори во Република Северна Македонија во 2025 година за избор на градоначалник на Град Скопје и за градоначалници на општините,

членови на Советот на Град Скопје и советите на општините во Република Северна Македонија, во прв и втор круг, согласно Барањата од Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи-Скопје и со Одлуки од Управниот одбор, дадени беа 10 (десет ) возила на Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи-Скопје.

Договор за престанок и за давање на времено користење на движна ствар заверен под наш број 03-6579/1 од 22.10.2025 година, склучен со Министерство за внатрешни работи согласно Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Министерство за внатрешни работи, донесена од Владата на Република Северна Македонија бр.50-9474/58 од 17 октомври 2025 година за 1 (едно) патнично моторно возило за период од 17.10.2025 година до 20.10.2025 година.

До Сектор за комерцијални работи беше поднесено Барање за активирање на позиција од ГПЈН за 2025 година, "Регистрација и технички преглед на возила (Дирекција) во износ од 100.000, 00 денари, заверен под архивски број 03-6424/1 од 14.10.2025 година. Согласно Барањето потпишана е Рамковна спогодба за јавна набавка на услуги по набавка на мала вредност бр.19546/2025 (ЈН01-107/25) со Друштво за одржување и поправка на моторни возила ПАУЕР СПОРТ СИСТЕМ ДОО Скопје., заверена под архивски број 11-314/5 од 23.12.2025 година.

Исто така до Сектор за комерцијални работи поднесено е Барање за активирање на позиција во ГПЈН 2025 и тоа: 1437-светли деривати кои се набавуваат од бензиските пумпи по систем на картички (ХЕЦ Треска), 1438- светли деривати кои се набавуваат од бензиските пумпи по систем на картички (ХЕС Црн Дрим), 1439- светли деривати кои се набавуваат од бензиските пумпи по систем на картички (ХЕЦ Тиквеш) и 1433-светли деривати, бензин, нафта (Дирекција) од ГПЈН 2025 година, заверен под архивски број 03-6543/1 од 21.10.2025 година, каде во тек е постапка за избор на најповолен понудувач. Бидејќи Договор за јавна набавка на стока по Отворена постапка 18669/2023 (интерен број на јн 01-99/2023) склучена со Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ, заверен под наш архивски број 11-208/5 од 04.12.2023 година е истечен, склучен е Анекс бр. 1 кон Договор број 11-208/5 од 04.12.2023 година (по отворена постапка18669/2023 (интерен број на јн 01-99/2023)) каде се менува член 11, став 3 од Основниот договор на начин што се бришат зборовите "2 години", на нивно место се додаваат зборовите "27 месеци" и по зборот "применува" се додаваат зборовите "или до склучување на нов Договор во постапка за јавна набавка со ист предмет на набавка".

**Кафе Кујна**

Во Јануари 2025 година потпишана е Рамковна спогодба за јавна набавка настоки (за ЈН.01-103/24 по оглас ЕСЈН 22176/2024) со Друштво за промет и услуги ГОРСКА ДООЕЛ Скопје, заведен под архивски бр.11-46/3 од 10.02.2025 година, за набавка на Минерална вода (газирана/негазирана) за Дирекција на АД ЕСМ-Скопје и тоа ДЕЛ 1: Вода (газирана/негазирана) во стаклена и пластична амбалажа, планирана вредност од 469.640,00 денари со вклучен ДДВ и ДЕЛ 2: Вода во амбалажа наменета за диспанзери со планирана вредност од 920.400,00 денари со вклучен ДДВ. Вкупната вредност за реализација на овој Договор за ДЕЛ 1 и ДЕЛ 2 изнесува 1.390.040, 00 денари, со вклучен ДДВ. Договори кои се активни за непречено работење на Кафе Кујна со износи се следните: Рамковна спогодба за јавна набавка на стоки со ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД с. Бојане општина Сарај и Рамковна спогодба за јавна набавка на стоки со Друштво за трговија и услуги ГЕНЕКС-ХХЛ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје. Според Договорите кои се склучени, работата во кафе кујна се одвива тековно и непречено. Поради дотрајаност на електричен уред се изврши промена со нов, а исто така беше сервисирана и машината за садови и ледоматот.

**Архива**

Работата во архивата на Дирекција на АД ЕСМ Скопје, се одвива тековно и непречено. До Државен Архив на Република Северна Македонија е поднесено Барање за уништување на документарен материјал со изминат рок на чување, за период од 2008 до 2022 година, заверен под архивски број 03-109/2 од 27.02.2025 година. Од Државен Архив на Република Северна Македонија стигнато е Решение за давање Согласност за за уништување на документарен материјал за период од 2008 до 2022 година, заверен под архивски број 03-1093/3 од 02.04.2025 година. До Државен

Архив на Република Северна Македонија е доставен План и Листи заради добивање на согласност, заведен под архивски број 03-6981/1 од 12.11.2025 година, односно План на архивски знаци за 2026 година, Листа на архивски материјал за 2026 година и Листа на документиран материјал со рокови за негово чување за 2026 година, на АД ЕСМ Скопје, заради добивање на согласност за примена на истите. Од нивна страна ни е доставено Решение, заведен под архивски број 03-6981/2 од 15.12.2025 година, каде се дава СОГЛАСНОСТ за примена на Планот на архивските знаци за распоредување на актите, Листата за архивски материјал и листата на документиран материјал со рокови за чување во 2026 година.

Отстранет е проблемот со скенирање на документи во ДМС системот, каде сите документи се скенираат на системот на РЕК ОСломеј, бидејќи системот во Дирекција не е во функција. Скенирање на документи во ДМС системот, каде сите документи се скенираат на системот на РЕК Осломеј, се одвива без проблем. На 20.08.2025 година, одржана е обука за Нов закон за архивски матријал и архивска дејност во Институт КОНЦЕПТ, Скопје, на која присуствуваше Работоводителот на архива, Жаклина Ивковска, каде преку меил комуникација се Известени Одделот за ИТ и ТК и Кабинетот на генералниот директор, за понатамошно постапување.

**Останато во Административна зграда**

Лифтовите се сервисираат редовно од страна на Дака Лифт, со кој имаме потпишано нов Договор заверен под архивски број 11-30/1 од 20.01.2025 година, под исти услови и цени како во претходниот Договор. Бидејќи често се појавуваа дефекти, економскиот оператор Дака лифт ни препорача да се направи ремонт на истите затоа што од 1996 година нема направено ремонт и реконструкција. Од наша страна е повикано и инспекциското тело "Стјуард инспект" да изврши увид за исправноста на лифтовите, каде до нас е потврдено да се направи подобрување на лифтовите кои ќе го исполнуваат барањето за безбедно користење на лифтот наведени во Правилникот за користење на лифтови и транспортери (сл.весник на РМ бр.26/9). Поради се ова, Службата за општи работи, поднесе Информација до УО за укажување од потреба за да се отпочне постапка за Јавна набавка за генерален ремонт и реконструкција на патнички лифтови во Административната зграда на АД ЕСМ, која УО ја прифати и до Секторот за комерцијални работи е доставено Барање за ремонт и реконструкција на лифтови во Административната зграда за АД ЕСМ-Скопје, во износ од 2.000.000,00 денари без ДДВ, заверено под архивски број 03-2001/1 од 26.03.2025 година. Отпочната и завршена постапка согласно ГПЈН со доставено техничко мислење од Службата за општи работи до комисијата за ЈН за ремонт и реконструкција на лифтови во административната зграда на АД ЕСМ (Дирекција) Скопје, и се очекува избор на ЕО. Планирана финансиска вредност на оваа услуга изнесува 2.000.000,00 денари без вклучен ДДВ. Избран и потпишан е Договор со Друштво за сервис, ремонт и монтажа на лифтови и трговија на големо и мало и увоз-извоз СЕРВИС Дака,Поповски Трајан Битола ДОООЕЛ, според Договор заверен под архивски број 11-142/8 од 24.07.2025 година, за Ремонт и реконструкција на лифтови во административна зграда на АД ЕСМ Скопје (Дирекција), каде во месец август 2025 година е отпочната а во месец септември 2025 година е завршена постапката за ремонт и реконструкција на лифтовите. Планирана финансиска вредност на оваа услуга изнесува 2.036.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Системот за греење и ладење во Административната зграда на Дирекција на АД ЕСМ Скопје, е многу застарен и треба да се обнови. Бидејќи е раскинат Договорот со Економскиот Оператор Дон Холдинг –Скопје, кој го имаше тендерот за одржување на системот за ладење поради неиспорака на содветни делови, поднесено е ново Барање за Одржување на систем за ладење и греење (Дирекција) заверен под архивски број 03-1087/1 од 18.02.2025 година, во вредност од 3.000.000,00 денари. Согласно финансискиот план за 2025 година, одобрени се потребни финансиски средства за реализација на набавката во вредност од 1.000.000,00 денари, и за истиот е објавен оглас за Јавна набавка. Отпочната и завршена постапка согласно ГПЈН за Одржување на системот за ладење и греење во административната зграда на АД ЕСМ-Дирекција, и потпишана е Рамковна Спогодба за ЈН за услуга н ЈН бр.06265/2025 (интерен број 01-10/2025), со ЕО Друштво за производство, промет и сервисирање Контакт 2000 СЕРВИС ДООЕЛ Скопје, заверен под архивски број 11-114/5 од 21.05.2025 година. Планирана вредност на оваа услуга изнесува 1.000.000,00 денари. Направено е санирање на едниот чилер и истиот е пуштен во употреба, за кој

се реализирани 189.154,00 денари. Рамковна Спогодба за Одржување на системот за ладење и греење во административната зграда на АД ЕСМ-Дирекција, со ЕО Друштво за производство, промет и сервисирање Контакт 2000 СЕРВИС ДООЕЛ Скопје, заверен под архивски број 11-114/5 од 21.05.2025 година, се одвива тековно и на 30.09.2025 година, направена е контрола и пуштање во употреба на чилер по прекин на летен режим на работа во вредност од 17.700,00 денари.

До Сектор за комерцијални работи пуштено е Барање за набавка на фенкојлери (вентилоконвектори) Дирекција, заведен под архивски број 03-1088/1 од 18.02.2025 година, во вредност од 1.200.000,00 денари без ДДВ. За истото пуштено е Барање за повлекување на Барањето за активирање на Позиција од ГПЈН, заверено под арх.бр.03-1088/1 од 18.02.2025 година, бидејќи се отвораат нови работни простории каде воопшто нема постоечки фенкојлери на прв и седми кат, а во иднина и на шести кат во Административната зграда на Дирекција на АД ЕСМ-Скопје, и од оваа причина за истото е пуштено ново Барање за активирање на позиција во ГИП 2025 и ГПЈН 2025 за набавка на фенкојлери (вентилоконвектори) Дирекција, заведен под архивски број 03-3340/1 од 22.05.2025 година, во вредност од 1.200.000,00 денари без ДДВ, за кое е отпочната и завршена постапка согласно ГПЈН со доставено техничко мислење од Службата за општи работи до комисијата за ЈН и избран е ЕО ОЗОН ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за кој се очекува потпишување на Договор. Потпишана е Рамковна спогодба за јавна набавка на стока по оглас на ЕСЈН бр.09809/2025 и јавна набавка бр.01-30/2025 Набавка на фенкојлери (вентилоконвектори) (за Дирекција), каде е избран ЕО ОЗОН ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, заверен под наш архивски број 11-168/5 од 30.06.2025 и нивни архивски број 0307-151 од 15.07.2025 година, во месец август 2025 година е започната и завршена монтажа и набавка на 40 парчиња фенкојлери (вентилоконвектори), и демонтажа на 18 стари фенкојлери, со вкупна сума од 1.198,800, 00 денари, без ДДВ.

Поднесено Барање за формирање на работна група со арх.бр.03-5607/1 од 04.09.2025 година и изготвено Решение со арх.бр.02-5607/2 од 15.09.2025 година, за дислоцирање на вентилоконвектори и метален отпад кој не е во исправна состојба од Административната зграда на АД ЕСМ-Скопје, согласно законска регулатива и ИСО стандардни, со кое е постапено по Решението и дислоцирани се нефункционални вентилоконвектори и метални делови од лифтовите во кругот на објектот "Светлина" Куманово.

Потпишана е рамковна спогодба за јавна набавка на услуга: Градежни алати и материјали (Дирекција)-ДЕЛ 1, ДЕЛ 2 И ДЕЛ 3 со Друштво за производство и услуги ХИДРОМАК 2000 Владо ДООЕЛ експорт-импорт и тоа: -ДЕЛ1 во износ од 550.000,00 денари, без ДДВ - ДЕЛ 2 во износ од 300.000,00 денари, без ДДВ и ДЕЛ3 во износ од 150.000,00 денари, без ДДВ. Вкупната предвидена цена со вредност од вклучен ДДВ од 18% изнесува 1.180.000,00 денари. Потребата е со цел обезбедување на неопходни услови за работа на вработените во Дирекција Скопје, односно за реконструкција на катовите во Административната зграда на АД ЕСМ-Скопје, Дирекција.

Потпишана е рамковна спогодба за јавна набавка на стока "Материјали за одржување на деловна зграда (Дирекција)" за потребите на АД ЕСМ, заведена под архивски бр.11-49/3 од 24.02.2025 година, со Друштво за производство, трговија и услуги С.КОМ ДОО експорт-импорт Скопје, и тоа: - ДЕЛ 1 Водоводни и санитарни материјали во износ од 354.000,00 денари, со ДДВ, ДЕЛ 2 Електро материјали во износ од 354.000,00 денари, со ДДВ и ДЕЛ3 Градежни материјали во износ од 236.000,00 денари со ДДВ. Вкупна планирана вредност за ДЕЛ 1, ДЕЛ 2 и ДЕЛ 3 со вклучен ДДВ изнесува 944.000,00 денари.

Потпишана е Рамковна спогодба за јавна набавка на стока Градежни алати и материјали (Дирекција) -ДЕЛ 1 и ДЕЛ 2 со Друштво за производство и услуги С-КОМ ДОО експорт-импорт Скопје, заверена под арх.бр.11-169/1 од 03.06.2025 година, за ДЕЛ 1 - Материјал за преградни ѕидови, со вкупна вредност од 450.000,00 денари без ДДВ и ДЕЛ 2 - Материјал за под, со вкупна вредност од 300.000,00 денари без ДДВ. Вкупна планирана вредност согласно Одлуката за измена на Одлуката за ЈН на стоки бр.11-137/4 од 28.05.2025 година без вклучен ДДВ, за ДЕЛ 1 и ДЕЛ 2 изнесува 750.000,00 денари. За ДЕЛ 3 - Прозори, склучена е Рамковна спогодба за јавна набавка на стока со Друштво за производство, трговија и услуги ХИДРОМАК 2000 Владо ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, заверена под арх.бр.11-137/6 од 03.06.2025 година, во износ од 250.000,00 денари, без вклучен ДДВ. Вкупна планирана вредност согласно Одлуката за измена на Одлуката за ЈН на стоки бр.11-137/4 од 28.05.2025 година, со вклучен ДДВ, за ДЕЛ 3 изнесува 295.000,00 денари.

Потпишан Договор за јавна набавка Средства за хигиена (Дирекција и ХЕС Треска), за ДЕЛ-1, ДЕЛ-2, ДЕЛ-3 и ДЕЛ-4, во износ од 2.232.000,00 денари, заведен под арх.бр.11-11/9 од 30.07.2025 година, со ЕО Друштво за производство, трговија и услуги РИКИ ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани, каде во месец септември 2025 година, монтирани се нови апарати-диспанзери на негов трошок, согласно член 5 од Договорот.

Тековно се набавуваат материјали (електро-водоводни и санитарија) за редовно одржување на административната зграда на АД ЕСМ-Скопје.

Службата за општи работи, покрај работниците од Подружниците, активно работеше на реновирање на I кат, VII кат од Деловната зграда на АД ЕСМ-Скопје. Исто така актвно беше вклучена во чистење на IX кат, а во соработка со Подружница ХЕС Треска, работеше на чистење и на VI кат од Деловната зграда на АД ЕСМ-Скопје, бидејќи временските услови не дозволуваат да се работи, затворањето на VI кат е одложено за на пролет. Во деловните простории се мести ламинат, а за кречење на канцелари и ходници во Дирекција на АД ЕСМ-Скопје, беа ангажирани работници од Подружница ХЕЦ Маврово-Гостивар.

Во месец февруари 2025 година, од страна на ЕВН Скопје, остранета е нивната реклама од кровот на Деловната зграда на АД ЕСМ-Скопје.

Собирањето на хартија, пластика/лименки и стакло кое го врши ПАКОМАК ДОО Скопје, се одвива тековно преку меил комуникација, каде на договорен термин доаѓаат и ја подигаат договорената услуга.

Кровот на Деловната зграда на АД ЕСМ-Скопје, веќе подолг период протекува со видни оштетувања околу рекламното пано и шахтите за атмосверски одвод. Во месец ноември 2025 година беше разговарано со Директорот за финансиски работи околу оваа проблематика за да се изнајде решение.

Пумпите за вода се стари и истите веќе не можат да се заваруваат и од таа причина потребно е да се набават нови.

Поради зголемен обем на работа службата за општи работи секојдневно се соочува со недостиг на кадар како Хигиеничарки, Домаќин-хаусмајстор, Кафекувар.

За вработените од бифе, домаќин-хаусмајстор и хигиеничарки набавени се работни одела.

Службата за општи работи во месец јули 2025 година, активно беше вклучена со податоци за стратегиски состанок за недостатоците/проблемите/предизвиците и мерки за нивно надминување со временски план, како и предлози за подобрувања во работењето.

» **Службата за контрола и обезбедување** во Секторот за правни и општи работи во АД ЕСМ Дирекција Скопје во 2025 година ги извршуваше следните работи:

-Службата за контрола и обезбедување при секторот за правни и општи работи во дирекција на АД ЕСМ Скопје, успешно и непречено ги извршуваше работните задачи и планови на службата, контрола на влез и излез на вработени во зградата и влез и излез на надворешни лица, меѓу кои се состои и организирање на сменско работење на вработените кои вршат физичко обезбедување во зградата на дирекција на АД ЕСМ и нивно координирање и насоки за останати работни задачи со цел повисока безбедност, ред и дисциплина во зградата на дирекција на АД ЕСМ Скопје.

-Беше побарано од сите надлежни во подружниците кои работат во службите за обезбедување на АД ЕСМ Македонија електронски да доставуваат списоци со вработени на кои им се истечени или има потреба за било каква промена во нивните легитимации и потребната документација за нивно спроведување во Комора за приватно обезбедување на Македонија.По добиената документација од подружниците на АД ЕСМ, извршена е проверка и селекција на доставениот материјал и истиот беше комплетиран.Комплетно обработената документација за 53 вработени кои работат во службата за обезбедување при АД ЕСМ беше доставена во Комора за приватно обезбедување на Македонија за понатамошна обработка, измена или дополна на легитимациите на вработените.По завршување на процедурата, изготвените легитимации за обезбедување се доставени до одговарни лица за обезбедување во подружниците на АД ЕСМ.

-Добиена е официјална покана од комората за приватно обезбедување на Макединија за посета и учество на меѓународниот јубилеен АДРИЈА самит за безбедност и областа на приватното обезбедување. При посета и проследување на истиот самит, прибрани се информации,

информативен и рекламен материјал од областа на безбедноста и приватното обезбедување, а исто така добиен е сертификат за учество и посета на самитот кој беше доделен на службата за контола и обезбедување на АД ЕСМ.
-Службата за контрола и обезбедување на АД ЕСМ работеше на организирање на годишно контролно гаѓање, барање слободни термини на стрелиште Идризово за истото, известување на надлежните и одговорни лица за обезбедување вработени во подружниците на АД ЕСМ, да изготват списоци на вработени во службите за обезбедување на АД ЕСМ кои поседуваат службени дозволи за ракување со оружје на работно место. По што Службата за контрола и обезбедување на АД ЕСМ успешно го организираше годинешното контролно гаѓање на стрелиштето во обучниот центар на МВР Идризово. По целосно организирање и реализирање на годишното гаѓање на срелиштето во обучниот центар на МВР Идризово беа изготвени работни извештаи и истите се доставени до надлежните на АД ЕСМ.
-При тековната работа и активости на службата за контрола и обезбедување на АД ЕСМ во пријавницата и зградата на дирекција на АД ЕСМ нема никакви проблеми или било каков прекин во работата на вработените за ФТО и ППЗ;

» Во делот на **безбедност и здравје при работа**, во текот на 2025 година е преземено следново :

- Учество како одговорно лице за Стандардот ISO 45001:2018 за Дирекција-Скопје, интерната проверка беше извршена на 06.02.2025 година;
- Учество како член на работниот тим за интерни проверки Стандардот ISO 45001:2018 во ХЕЦ Тиквеш-Кавадарци на 18.02.2025 година;
- Учество како главен интерен проверувач за интерни проверки Стандардот ISO 45001:2018 во ХЕС Маврово-Гостивар на 20.02.2025 година;
- Потврдувам дека Техничкиот периодичен преглед на двата електрични патнички лифтови за која е надлежна службата за општи работи е извршено од страна на ЕУРО ИНСПЕКТ ДООЕЛ-Скопје дата на испитување 13.02.2025, а сертификатите за техничка исправност се издадени на 18.02.2024 со важност до 12.02.2026 година;
- Изработено Барање за сервисирање на противпожарни апарати и сервисирање и испитување на хидрантска мрежа во АД ЕСМ-Дирекција Скопје со арх. бр. 13-1703/1 од 12.03.2025 година;
- Изработени упати за систематски здравствени прегледи 105 за месеците февруари и март заклучно со 31.03.2025 година;
- ПАСТОР ДООЕЛ-Скопје изврши сервисирање на противпожарни апарати и сервисирање и испитување на хидрантска опрема со црева и хидрантска мрежа во АД ЕСМ-Дирекција Услугите се извршени на 26, 27, 28.03.2025 и 07.04, 08.04 и 11.04.2025 година;
- Изработен писмен налог за воведување во работа за спроведување на Обуки согласно Законот за безбедност и здравје при работа за безбедно извршување на работа за 50 вработени од Дирекција АД ЕСМ – Скопје со арх. бр. 13-1123/1 од 20.02.025 година;
- Учество на одговорните лица за БЗР во организација на обука за безбедност и здравје при работа за 50 вработени спроведена од ЕУРОМАК-КОНТРОЛ ДОО, Скопје одржана на 24 и 25.03.2025 година;
- Изработен писмен налог за воведување во работа за спроведување на Проценка на ризик на 70 работни места и концепт на изјава за безбедност од Дирекција АД ЕСМ –Скопје со арх. бр. 13-1765/1 од 14.03.2025 година со ЕУРОМАК-КОНТРОЛ ДОО, Скопје;
- Учество на одговорните лица за БЗР во спроведување и организација на проценка на ризик за 70 работни места со ЕУРОМАК-КОНТРОЛ ДОО, Скопје;
- Учество на Обука за стручно усовршување на стручни лица за БЗР за 5 вработени организирана од Институт КОНЦЕПТ СКОПЈЕ, назив на обуката: Безбедно и здраво работно место со акцент на превенција од несреќи при работа и справување со истрага на инцидент на 27.02.2025 година;
- Учество на Обука за стручно усовршување на стручни лица за БЗР за 2 вработени организирана од Институт КОНЦЕПТ СКОПЈЕ, назив на обуката: Обука за вработени, стручни лица и претставници на вработените за безбедност и здравје при работа согласно Законот за безбедност и здравје при работа на 27.03.2025 година.

- Изработен писмен налог за спроведување на Обуки согласно Закон за БЗР за безбедно извршување на работа за вработените во Дирекција АД ЕСМ-Скопје со арх. бр. 03-2355/1 од 09.04.2025 година;
- Записник од одржан состанок на 15.04.2025 во 12ч. во Просториите на РЕК Битола-Новаци на Работната група согласно Решението бр.03-7415/2 од 21.11.2024, донесено од Генералниот директор на АД ЕСМ-Скопје. Работна група за проверка, ажурирање, измена и надополнување на Правилникот за лична заштитна опрема;
- ПАСТОР ДООЕЛ-Скопје изврши сервисирање на противпожарни апарати и сервисирање и испитување на хидрантска опрема со црева и хидрантска мрежа во АД ЕСМ-Дирекција Услугите се извршени 07.04, 08.04 и 11.04.2025 година;
- Изработено барање за измена на Одлука врз основа на член 3 од Правилникот за начинот за изготвување на изјава за безбедност, незјината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова проценат н ризикот (Службен весник бр. 2/2009) и член 27 од Статутот на АД Електрани на на Северна Македонија , во државна сопственост, Скопје; со арх. бр. 13-3091/1 од 14.05.2025година;
- Учество на одговорните лица за БЗР во организација на обука за безбедност и здравје при работа за одржани и реализирани обуки согласно Закон за БЗР на 15. 04.2025 за 33 вработени и 16.04.2025 37 вработени, вкупно : 70 вработени со ЕУРОМАККОНТРОЛ ДОО Скопје;
- Учество на Одговорните лица од БЗР на обука по закон за стручно усовршување од БЗР. Назив на обуката: 1. Обврски на работодавачите произлезени согласно: законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и законот за безбедност и заштита при работа;2. Инспекциски надзор; 3. Противпожарна опрема и лични заштитни средства за превенција од пожари на 28.04.2025 год. Организаија која ја спроведува обуката : Институт Концепт Едукација – Скопје;
- Изработено Барање за изменување и Дополнување на Правилникот за лична заштитна опрема на работниците во АД ЕСМ-Скопје со арх. бр. 13-2762/1 од 29.04.2025 година како Претседател на Работна група доставено до УО;
- Изработено Барање за контрола и одржување на систем за автоматско откривање и јавување на пожар, контрола и одржување на систем за автоматско откривање и гснење на пожар со арх.бр.13-2894/1 од 06.05.2025 година;
- Учество во изработка на (пречистен текст) Правилник залична заштитна опрема во АД ЕСМ, во државна сопственост-Скопје УО бр. 02-2903/84/2.2 од 08.05.2025 година;
- Изработен сублимиран извештај за состојбата со ситемите за ППЗ и ППА за подружниците на АД ЕСМ со арх.бр. 13-3040/1 од 13.05.2025 година;
- Изработен сублимиран извештај за состојбата со ситемите за ППЗ и ППА за ДООЕЛ-ите чиј осдновач и единствен содружник е АД ЕСМ-Скопје со арх.бр. 13-3040/2 од 14.05.2025 година;
- Учество како членови на Работна група за проверка на моменталната состојба на ППЗаштит и давање предлог за ставање во функција на Против Пожарната заштита во Дирекција и Подружниците на АД ЕСМ- Скопје согласно ОдлукаУО бр. 02-2903/84/13 од 08.05.2025 година;
- Изработено барање за измена на Одлука врз основа на член 3 од Правилникот за начинот за изготвување на изјава за безбедност, незјината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова проценат н ризикот (Службен весник бр. 2/2009) и член 27 од Статутот на АД Електрани на на Северна Македонија , во државна сопственост, Скопје; со арх. бр. 13-3091/1 од 14.05.2025 година;
- Изработени упати и реализирани 130 систематски и периодични здравствени прегледи за месеците април, мај и јуни;
- Изработен извештај за системот на ППЗ во АД ЕСМ-Скопје, Дирекција со арх.бр. 13-3040/3 од 23.06.2025 година;
- Учество на Одговорните лица од БЗР на обука по закон за стручно усовршување од БЗР. Назив на обуката: Здравственипрегледи согласно Законот за БЗР и обврските на работодавачите за склучување Договор со овластена здравствена установа на медицина на

труд, начин на добивање мислење за кратено работно време кое се смета како полно работно време; професионални болести на 27.06.2025 година.

- Присуство и учество на членови од Работна група за ППЗ од Дирекција на АД ЕСМ-Скопје на работен состанок во ХЕЦ Тиквеш на 07.07.2025 согласно точка 3 од на УО на АД СМ Скопје бр. 02-2903/84/13 за изготвување на Технички спецификации и и тендерски спецификации.
- Присуство и учество за завршен состанок на сите членови од Работната група за ППЗ-(Дирекција и Подружници одржана во ТЕЦ Неготино 15.07.2025 ,со доставување на Извештај за моменталната состојба со целата ППЗ опрема и Предлог за комплетирање, санација и ставање во функција на системот за ППЗ во Дирекција и Подружници во АД ЕСМ, согласно Процедурата на АД ЕСМ-Скопје П-И-0710-102 Против Пожарна Заштита;
- Изработен писмен налог за воведување во работа за спроведување на Проценка на ризик на работно место и концепт на изјава за безбедност за 3 работни места во Дирекција на АД СЕМ-Скопје. за БЗР за безбедно извршување на во Дирекција АД ЕСМ-Скопје со арх. бр. 13-4674/1 од 21.07.2025 година;
- Изработен писмен налог за спроведување на Обуки согласно Закон за БЗР за безбедно извршување на работа за 12 вработени во Дирекција АД ЕСМ-Скопје со арх. бр. 13-4675/1 од 21.07.2025 година;
- Изработено Барање за набавка на стока од мала вредност на нови ППАпарати S-9 количина:15 и CO2-5 количина 15, бкупно 30 ППАпарати со арх.бр.13-4942/1 од 31.07.2025 година;
- Изработено Барање за вршење на здравствено-хигиенски санитарни прегледи со арх.бр. 13-5009/1 од 04.08.2025 за еден вработен во кафекујна;
- Идадена и одобрена лична заштитна опрема за 5 вработени, хигиеничар, кафекувар и диспечери;
- Изработен писмен налог за спроведување на Обуки согласно Закон за БЗР за безбедно извршување на работа за 14 вработени во Дирекција АД ЕСМ-Скопје со арх. бр. 13-5317/1 од 20.08.2025 година;
- Учество во изработка на Месечниот Извештај-Август 2025г. за ППЗаштита во Дирекцијата и Подружниците на АД ЕСМ Скопје, изработен за секоја Подружница и Дирекцијата на АД ЕСМ, а во согласност со Одлуката на УО бр.02-4671/106/6 од 22.07.2025г.

  Одржан завршен состанок за потвдување и доставување месечниот извештај за август до УО во салата за состаноци во Подружница ХЕЦ Тиквеш - Кавадарци, на 22.08.2025;
- Учество на одговорните лица за БЗР во организација на обука за безбедност и здравје при работа за одржани и реализирани обуки согласно Закон за БЗР на 24.07.2025 за 12 вработени и 25.08.2025 14 вработени, вкупно : 26 вработени со ЕУРОМАККОНТРОЛ ДОО Скопје;
- Изработени упати за систематски здравствени прегледи и реализирани ситематски прегледи за 35 вработени за месеците јули, август и септември 2025 година;
- Учество во организација на Обуки за оспособување на 18 вработени за гаснење пожар со ХЕЛИУМ DOOEL Скопје одржана на 25.09.2025 година;
- Испорачани нови ППАпарати S-9 количина:15 и CO2-5 количина 15, вкупно 30 ППАпарати на 01.09.2025 година;
- Изработено Барање за вршење на здравствено-хигиенски санитарни прегледи со арх.бр. 13-6053/1 од 26.09.2025 за тројца вработени во кафекујна;
- Учество на работен состанок за достава на месечен извештаи, во врска за ППЗ во Дирекцијата и Подружниците на АД ЕСМ-Скопје, со цел комплетирање ма месечниот извештај за септември 2025г. Заедно Извештаите за инспекција на изведувачи на работи (З-О0810-10202) и Листата на контрола на операции (З-О-0810-102_03), согласно Наредбата од УО бр.02-5925/1 од 22.09.2025 одржан нво ХЕС Црн Дрим-Струга на 30.09.2025 година.

- Изработено Барање за отпочнување на постапка за обучување на вработени за Прва помош со арх. бр. 13-6173/1 од 01.10.2025 година;
- Обуката за прва помош се реализира на 03. 04. и 12.11.2025 во просториите на ПЗУ ПОЛИКЛИНИКА МЕДИКА, теоретски дел – презентација и практичен дел. Обучени се 30

вработени за давање на прва помош од Дирекција на АД ЕСМ-Скопје од ПЗУ ПОЛИКЛИНИКА МЕДИКА-Крива паланка, Овластена специјалистичка ординација по медицина на трудот, Подружница Скопје:

- Учество во интерните проверки за Стандардот ISO 9001:2015, како подготовка пред екстерните проверки на 29.10.2025(среда) , Подружница РЕК „Осломеј" – Осломеј;
- Учество во својство на членови на Работна група за ППЗ, а согласно Одлуката од Управен Одбор на АД ЕСМ-Скопје УО бр.02-4671/106/6 од 22.07.2025г., за достава на месечни извештаи во врска со Против Пожарната Заштита во Дирекцијата и Подружниците на АД ЕСМ-Скопје работен состанок во Подружница ХЕЦ Козјак-Скопје, на ден 31.10.2025г. (петок) во 11ч. со цел комплетирање на месечниот извештај за - Октомври 2025г. заедно со Извештаите за инспекција на изведувачи на работи (3-О-0810-102-02) и Листата за контрола на операции (3-О-0810-102-03), согласно Наредбата од УО бр.02-5925/1 од 22.09.2025г.;
- Учество во својство на член на Работна група за примена на ISO стандарди во АД ЕСМ – Скопје на Работно и стручно советување за имплементација на ISO стандардите во АД ЕСМ во хотел „Молика" од 17-19 Ноември 2025 година;
- Реализирани и спроведени Обуки за оспособување на 6 вработени за гаснење пожар (Дирекција) - теоретски и практичен дел на 21.11.2025 од ТД ХЕЛИУМ дооел Скопје, место на одржување локација Бул. Борис трајковски бр.73, Скопје, вкупно обучени за 2025 година 32 вработени во Дирекција на АД ЕСМ – Скопје;
- Учество во својство на членови на Работна група за ППЗ на работен состанок за изготвување на месечниот извештај за состојбата со ПП Заштита во Подружниците и Дирекцијата на АД ЕСМ Скопје за месец-Ноември 2025г.Работниот состанок ќе се одржи во Подружница РЕК-Осломеј - сала за состаноци во Рудник, на ден 04.12.2025г. во 10ч.;
- Учество во својство на членови на Работна група за ППЗ на работен состанок за изготвување на месечниот извештај за состојбата со ППЗаштита во Подружниците и Дирекцијата на АД ЕСМ Скопје за месец-Декември 2025г. во Подружница ЕНЕРГЕТИКА-Скопје - сала за состаноци , на ден 24.12.2025г. (среда) во 10:30ч. Превземените активности во месец Декември во врска со ППЗаштита, како и извештаите од извршените обиколки во Подружници и Дирекцијата на АД ЕСМ;
- Изработен писмен налог за спроведување Обуки согласно ЗБЗР за безбедно извршување на работа за вработените во Дирекција АД ЕСМ – Скопје со арх,бр. 13-7820/1 од 17.12.2025;
- Изработен писмен налог за спроведување на Проценка на ризик на работно место и концепт на Изјава за безбедност за работно место во Дирекција АД ЕСМ – Скопје, со арх.бр. 13-7819/1 од 17.12.2025 година;
- Реализирани Обуки согласно ЗБЗР за безбедно извршување на работа за 12 вработени во Дирекција АД ЕСМ – Скопје, одржани на 25.12.2025 во сала за состаноци во Сектор за развој и инвестиции, АД ЕСМ Дирекција – Скопје. Обуките ги спроведе Друштво за техничко испитување, анализа и квалитет ЕУРОМАК КОНТРОЛ ДОО, Скопје;
- Изработена една Проценка на ризик на работно место и концепт на Изјава за безбедност од Друштво за техничко испитување, анализа и квалитет ЕУРОМАК КОНТРОЛ ДОО, Скопје;
- Изработени упати за систематски здравствени прегледи и реализирани ситематски прегледи со ПЗУ МЕДИКА-Неуромедика ( Овластена здравствена установа по медицина на труд) Скопје за 20 вработени за месеците октомври, ноември и декември 2025 година;
- Изработено Барање за набавка на панични свертилки со арх. бр. 13-6420/1 од 14.10. 2025 г;
- Изработено Техничко мислење по доставена понуда и документација за предмет по ЈН бр.26/Б/25 со назив Панични светилки за потребите на АД ЕСМ-Дирекција-Скопје;
- Набавени панични светилки од Лекс Електрик ДООЕЛ Скопје;
- Изработено Барање за монтажа на панични светилки со арх. бр. 6420/2 од 29.12.2025 година;

Во Подружниците каде има повреди при работа не се изречени санкции од страна на ДИТ-Државен инспекторат за труд за 2025 година

# СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ РАБОТИ

## 1. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

Финансиската слика на компанијата во периодот 01.01.2025 – 31.12.2025 во споредба со планот за 2025 и остварувањата за истиот период 2024 е следна:

## А. БИЛАНС НА УСПЕХ

**Во 000 денари**

| ОПИС | 01.01.24-31.12.24 | План 01.01.25-31.12.25 | 01.01.25-31.12.2025 | 01.01.25-31.12.2025 во 000 евра | 2025/2024 | 2025/План 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оперативни приходи** | **23.818.557** | **25.204.062** | **21.962.049** | **357.106** | **-7,79** | **-12,86** |
| **- Процент на пораст** | | **-12,86%** | **-7,79%** | | | |
| Трошоци на продадени производи | (22.090.591) | (16.237.619) | (19.543.336) | (317.778) | -11,53 | 20,36 |
| **Бруто профит** | 1.727.966 | **8.966.443** | **2.418.713** | **39.329** | **39,97** | **-73,02** |
| Општи, продажни и административни трошоци | (6.300.062) | (6.007356) | (5.942.498) | (96.626) | -5,68 | -1,08 |
| EBITDA | **(4.572.096)** | **2.959.087** | **(3.523.786)** | **(57.297)** | **-22,93** | **-219,08** |
| Финансиски приходи/трошоци | (78.795) | (21.831) | (383.032) | (6.228) | 386,11 | 1.654,53 |
| Оперативен профит /загуба | (4.650.891) | 2.937.256 | (3.906.817) | (63.525) | -16,00 | -233,01 |
| EBIT | **(7.490.775)** | **72.869** | **(6.273.906)** | **(102.015)** | **-16,24** | **-8.709,84** |
| Амортизација | (2.918.679) | (2.886.218) | (2.750.121) | (44.717) | -5,78 | -4,72 |
| Вонредни приходи | - | - | - | - | 0,00 | 0,00 |
| **Профит/ загуба пред оданочување** | **(7.569.570)** | **51.038** | **(6.656.938)** | **(108.243)** | **-12,06** | **-13.143,09** |
| Данок | - | - | - | - | 0 | 0 |
| **Нето профит / загуба** | **(7.569.570)** | **51.038** | **(6.656.938)** | **(108.243)** | **-12,06** | **-13.143,09** |

**I. Структура на приходи**

Вкупните приходи без финансиските приходи за период 01.01.2025 – 31.12.2025 година се намалени за - 7,79 % односно - 1.856.508 илјади денари во споредба со истиот период минатата година. Намалувањето се должи пред се поради намалување на приходите од продажба пред се помалку приходи од основна дејност продажба на произведена електрична енергија за - 1.195.052 илјади денари и намалување приход од системски услуги за - 570.342 илјади денари, додека останатите приходите се зголемени за 24,39 % односно 146.706 илјади денари и тоа за донација на мазут од 341.740 илјади денари, грантови од 242.743 илјади денари од кои 152.543 илјади денари за ветерен парк Богданци втора фаза, активирање на банкарска гаранција за ЕЛ – ТЕ Инжинеринг од 41.618 илјади денари и друго.

Како што веќе напоменавме погоре во текстот, остварените оперативни приходи, во износ од 21.962.049 илјади денари се намалени за - 7,79 % во однос на истиот период минатата година кога изнесувале 23.818557 илјади денари и се намалени за - 12,86 % во однос на планираните. Нивната структура е дадена во прилог:

**Во 000 денари**

| Оперативни приходи | 01.01.24 – 31.12.24 | План 01.01.25 – 31.12.25 | 01.01.25 – 31.12.25 | 2025/2024 | 2025/2025 П |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 22.745.367 | 24.900.634 | 21.213.824 | -6,73 | -14,81 |
| Останати приходи * | 601.519 | 223.427 | 748.225 | 24,39 | 234,89 |
| Капитализирано сопствено производство и услуги | 471.670 | 80.000 | 0 | -100,00 | -100,00 |
| **Вкупно** | **23.818.557** | **25.204.062** | **21.962.049** | **-7,79** | **-12,86** |

* *Останатите приходи се зголемени поради донација на мазут од 341.740 илјади денари, грантови од 242.743 илјади денари од кои 152.543 илјади денари за ветерен парк Богданци втора фаза, активирање на банкарска гаранција за ЕЛ – ТЕ Инжинеринг од 41.618 илјади денари и друго.*

I.1. ***Приходите од продажба*** се 96,59 % од вкупните приходи и бележат намалување во однос на анализираниот период 2024 година за - 6,73 % додека во однос на планот се намалени за - 14,81 %. Структурата на приходите од продажба за последните две години е следна:

**Во 000 денари**

| ОПИС | 01.01.2024 - 31.12.2024 | План 01.01.25-31.12.2025 | 01.01.25-31.12.2025 | 2025/ 2024 | 2025/ 2025 П |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на добра - основна дејност * | 17.918.352 | 12.639.723 | 16.723.300 | -6,67% | 32,31% |
| Приход од сопствена потрошувачка – електрич. енергија | 1.284.168 | 1.176.824 | 1.338.576 | 4,24% | 13,74% |
| Приходи од системски услуги на еес | 2.068.388 | 1.845.000 | 1.498.046 | -27,57% | -18,81% |
| Приходи од продажба на вишок на електрична енергија | 718.997 | 8.862.653 | 1.172.987 | 63,14% | -86,76% |
| Ост.приход продажба-топлинска енергија-Енергетика ** | 122.599 | 163.328 | 111.848 | -8,77% | -31,52% |
| Ост.прих.продажба-електрична енергија-Енергетика*** | 138.245 | 153.340 | 131.079 | -5,18% | -14,52% |
| Приходи од продажба на добра и услуги на поврзани субјекти **** | 300.491 | 19.150 | 24.300 | -91,91% | 26,89% |
| Останати приходи ***** | 194.127 | 40.617 | 213.688 | 10,08% | 426,11% |
| **Вкупно** | **22.745.367** | **24.900.634** | **21.213.824** | **-6,73%** | **-14,81%** |

* *Приходот од основна дејност е намален поради помалку продадени киловати на електричната енер.*
** *Приходот од испорака на топлинска енергија е намален во споредба со минатата година.*
*** *Намалувањето е резултат на намалена потрошувачка од корисниците на електрична енергија.*
**** *Овие приходи се резултат на интерни пресметки помеѓу подружниците и немаат никаков ефект на крајниот резултат бидејќи во една подружница се јавуваат како приход а во друга како расход.*
***** *Ова зголемување е поради зголемениот приходот од јавно приватно партнерство за 71.711 илјади ден.*

Во текот на 2025 година поради либерализацијата на пазарот се зголеми цената на електричната енергија на АД ЕСМ Скопје за 3,58 % старата цена за 2024 беше 3,6893 за kwh, додека новата за 2025 е 3,8212 денари за kwh, а официјалното зголемување на цената почна да се применува од 01 Јануари 2025 година. Покрај зголемувањето на цената имаме и намалување на производство на електрична енергија кое е прикажано во табелата подолу:

**Во GWh**

| Производство | 01.01. 24-31.12.2024 | % Учество | План 01.01.25 - 31.12.2025 | % Учество | 01.01.25 - 31.12.2025 | % Учество | 2025/2024 | 2025/ План 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Термоелектрани** | **2.309** | **66,54%** | **3.920** | **77,89%** | **2.122** | **67,40%** | **-8,13%** | **-45,87%** |
| Битола 1 | 598 | 17,23% | 1.046 | 20,78% | 501 | 15,93% | -16,14% | -52,07% |
| Битола 2 | 864 | 24,91% | 1.211 | 24,07% | 823 | 26,13% | -4,84% | -32,09% |
| Битола 3 | 609 | 17,54% | 1.205 | 23,95% | 633 | 20,12% | 4,06% | -47,44% |
| ТЕЦ Неготино | -2 | -0,07% | 0 | 0,00% | -3 | -0,09% | 19,98% | 0,00% |
| РЕК Осломеј | 189 | 5,44% | 407 | 8,09% | 122 | 3,89% | -35,18% | -69,93% |
| Енергетика | 52 | 1,50% | 50 | 1,00% | 45 | 1,42% | -13,77% | 0,00% |
| **Хидроелектрани** | **1.055** | **30,41%** | **1.017** | **20,21%** | **927** | **29,46%** | **-12,14%** | **-8,82%** |
| Вруток | 410 | 11,80% | 301 | 5,98% | 314 | 9,98% | -23,35% | 4,39% |
| Равен | 48 | 1,38% | 36 | 0,72% | 37 | 1,16% | -23,62% | 1,20% |
| Врбен | 34 | 0,97% | 37 | 0,73% | 38 | 1,21% | 13,00% | 3,77% |
| Шпиље | 232 | 6,67% | 267 | 5,30% | 193 | 6,13% | -16,66% | -27,64% |
| Глобочица | 138 | 3,98% | 170 | 3,38% | 119 | 3,79% | -13,77% | -29,88% |
| Тиквеш | 70 | 2,01% | 108 | 2,15% | 96 | 3,04% | 37,27% | -11,41% |
| Козјак | 84 | 2,43% | 67 | 1,34% | 89 | 2,82% | 5,45% | 31,64% |
| Света Петка | 41 | 1,17% | 31 | 0,62% | 42 | 1,33% | 3,69% | 34,76% |
| **Ветерен парк Богданци** | **106** | **3,05%** | **96** | **1,90%** | **99** | **3,14%** | **-6,52%** | **3,47%** |
| **ВКУПНО** | **3.470** | **100,00%** | **5.032** | **100,00%** | **3.148** | **100,00%** | **-9,30%** | **-37,45%** |

Од погореизнесеното можеме да заклучиме дека намалувањето на вкупно производство од - 323 GWh за период Јануари - Декември 2025 година во однос на 2024 година е резултат на намалено производство на хидроцентралите за - 12,14 %, односно хидроцентралите помалку произвеле - 128 GWh, додека термоцентралите произвеле за - 8,13 % помалку киловат часови односно - 188 GWh помалку, додека ветерен парк Богданци произвел помалку за - 6.52 % односно - 7 GWh.

I.2 Структурата на ***Останатите приходи*** кои се зголемени за 24,39 % во однос на истиот период минатата година е следна:

**Во 000 денари**

| ОПИС | 01.01.2024-31.12.2024 | План 01.01.25-31.12.2025 | 01.01.25-31.12.2025 | 2025/ 2024 | 2025/ 2025 П |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од наплатени штети * | 35.598 | 16.141 | 38.558 | 8,32% | 138,89% |
| Останати неспомнати делови приходи за превоз од вработени ** | 4.817 | 4.812 | 4.514 | -6,29% | -6,19% |
| Наплатени приходи од поранешни години | 57.052 | 100.000 | 9.189 | -83,89% | -90,81% |
| Останато *** | 504.053 | 102.475 | 695.964 | 38,07% | 579,15% |
| **Вкупо** | **601.519** | **223.427** | **748.225** | **24,39%** | **234,89%** |

* *Приходот од наплатени штети е зголемен за 2.960 иљади денари поради зголемениот број штети оваа година во однос на минатата година.*

** *Приходот за превозот од вработени е минимално намален поради намалениот број на вработени на кои им се одбиваат парични средства од плата за превоз од дома до работа и обратно.*

*** *Останатите приходи се зголемени за 38,07 % односно 191.912 иљади денари поради донација на мазут од 341.740 иљади денари, грантови од 242.743 иљади денари од кои 152.543 иљади денари за ветерен парк Богданци втора фаза, активирање на банкарска гаранција за ЕЛ – ТЕ Инжинеринг од 41.618 иљади денари и друго.*

## II. Структура на трошоци

При споредба на периодот Јануари - Декември 2025/2024 година забележуваме дека има намалување на вкупните трошоци од работењето за - 9,36 % односно - 2.970.948 илјади денари во услови кога вкупниот приходот е намален за - 8,52 %, додека споредено со планираните трошоци има зголемување од 11,80%. Како што може да се види подолу од Табелата кај некои Подружниците има зголемување додека кај други намалување на трошоците. Најголемо вредносно намалување од - 3.457.308 илјади денари има кај РЕК Битола поради намалување на трошокот за откоп на јаглен и јаловина за - 1.416.020 илјади денари, намалена набавка на јаглен за - 1.707.039 илјади денари, намалена услуга за тековно одржување за - 325.170 илјади денари, намалена плата за - 129.177 илјади денари и друго. Кај Подружница Енергетика намалувањето е поради намалениот трошок за гас од - 61.285 илјади. Додека зголемувањето на трошоците кај Дирекцијата на АД ЕСМ од 617.495 илјади денари се поради зголемен надомест за балансирање на несакано отстапување на електрична енергија за 470.853 илјади денари, зголемување на судските резервации за 124.690 илјади денари и друго.

Во 000 денари

| Трошоци по подружници | 01.01.2024-31.12.2024 | План 01.01.25-31.12.2025 | 01.01.25-31.12.2025 | 2025/2024 | 2025/2025 П |
|---|---|---|---|---|---|
| Дирекција | 8.384.781 | 1.802.105 | 9.002.276 | 7,36 | 399,54 |
| ХЕС Маврово | 575.452 | 613.175 | 534.292 | -7,15 | -12,86 |
| ХЕС Црн Дрим | 326.576 | 368.575 | 317.640 | -2,74 | -13,82 |
| ХЕЦ Тиквеш | 126.854 | 183.623 | 130.377 | 2,78 | -29,00 |
| РЕК Битола | 17.297.191 | 17.382.960 | 13.839.883 | -19,99 | -20,38 |
| РЕК Осломеј | 3.124.571 | 3.426.313 | 3.212.695 | 2,82 | -6,23 |
| ТЕЦ Неготино | 276.913 | 304.131 | 238.590 | -13,84 | -21,55 |
| ХЕЦ Треска | 660.590 | 672.931 | 592.163 | -10,36 | -12,00 |
| Енергетика | 968.731 | 980.059 | 902.795 | -6,81 | -7,88 |
| **Вкупно трошоци АД ЕСМ** | **31.741.659** | **25.733.872** | **28.770.711** | **-9,36** | **11,80** |
| **Вкупен приход АД ЕСМ** | **24.172.090** | **25.784.910** | **22.113.773** | **-8,52** | **-14,24** |

За период 01.01.-31.12.2025 година во однос на истиот период минатата година има намалување на вкупните трошоци од -2.970.948 илјади денари што во најголема мера се должи на намалување на трошокот за откоп на јаглен и јаловина за - 1.599.291 илјади денари, намалена набавка на јаглен за - 1.185.702 илјади денари, намалени услуги за тековно одржување за - 266.572 илјади денари додека зголемени се трошокот за мазут за 146.777 илјади денари, трошокот за ремонтни услуги за 181.942 илјади денари и друго.

Анализата на трошоците е дадена во прилог.

II.1 ***Трошоците на продадени производи*** се однесуваат на следните ставки:

Во 000 денари

| ОПИС | 01.01.2024-31.12.2024 | План 01.01.25 - 31.12.2025 | 01.01.25-31.12.2025 | 2025/2024 | 2025/2025 П |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за суровини и други материјали | 10.329.162 | 10.208.882 | 9.243.046 | -10,52% | -9,46% |
| Набавна вредност на продадени стоки | 6.453.821 | 3.000.000 | 6.927.333 | 7,34% | 130,91% |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 4.903.586 | 3.508.737 | 2.984.886 | -39,13% | -14,93% |
| Промени во залихата | 404.021 | -480.000 | 388.072 | -3,95% | -180,85% |
| Вкупо | **22.090.591** | **16.237.619** | **19.543.336** | **-11,53%** | **20,36%** |

Од табелата може да се констатира дека овие трошоци бележат намалување од - 11,53 % односно - 2.547.254 илјади денари во споредба со истиот период минатата година поради намалување на услугите со карактер на материјални трошоци за - 1.918.700 илјади денари пред се заради намалување на трошокот за ископ на јаглен за - 1.599.291 илјади денари,исто имаме намалување на трошоците за суровини и други материјали од - 1.086.116 илјади денари поточно намален трошокот за набавка на јаглен од - 1.185.702 илјади денари, додека зголемен е надоместот за балансирање на несакано отстапување на електрична енергија за 473.511 илјади денари додека трошокот за залиха на јаглен е намален за - 15.949 илјади денари.

Структурата на **<u>трошоци за суровини и материјали</u>** во износ од 9.243.046 илјади денари е следна:

**Во 000 денари**

| опис | 01.01.2024-31.12.2024 | План 01.01.25 - 31.12.2025 | 01.01.25 - 31.12.2025 | 2025/ 2024 | 2025/ 2025 П |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Трошоци за суровини и материјали за производство*** | **5.214.877** | **6.474.694** | **3.955.382** | **-24,15%** | **-38,91%** |
| Потрошен јаглен за производство на ел.енергија | 4.925.308 | 6.247.590 | 3.739.606 | -24,07% | -40,14% |
| Потрошена вода за производство на електрична енергија | 137.297 | 137.188 | 142.103 | 3,50% | 3,58% |
| Потрошена врела вода за продажба | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| ХТЗ опрема во производство | 14.191 | 3.565 | 10.319 | -27,28% | 189,45% |
| Потрошен канцелариски материјал | 4.533 | 7.758 | 6.302 | 39,04% | -18,76% |
| Материјал за чистење и одржување | 4.700 | 6.877 | 2.115 | -54,99% | -69,24% |
| Потрошени суровини и материјали за производство | 128.849 | 71.717 | 54.937 | -57,36% | -23,40% |
| ***Трошоци за потрошена енергија за производство*** | **3.832.706** | **2.964.625** | **3.993.516** | **4,20%** | **34,71%** |
| Потрошена електрична енергија | 22.759 | 13.622 | 27.405 | 20,41% | 101,18% |
| Потрошена сопствена електрична енергија | 1.297.924 | 1.196.579 | 1.357.194 | 4,57% | 13,42% |
| Потрошен гориво за тешки моторни возила и машини | 85.746 | 61.854 | 121.770 | 42,01% | 96,87% |
| Парно | 6.827 | 6.800 | 5.199 | -23,85% | -23,55% |
| Друг огревен материјал (гас за Енергетика) | 463.866 | 451.700 | 402.580 | -13,21% | -10,87% |
| Потрошено уље за постројки и опрема | 45.061 | 38.461 | 24.442 | -45,76% | -36,45% |
| Потрошено уље за тешки моторни возила и градежни машини | 4.436 | 4.308 | 3.836 | -13,52% | -10,96% |
| Потрошен мазут за производство на електрична енергија | 1.902.773 | 1.185.500 | 2.049.550 | 7,71% | 72,88% |
| Потрошено дизел гориво за производство на ел.енергија | 3.313 | 5.800 | 1.541 | -53,47% | -73,42% |
| Останати трошоци за енергија за производство | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| ***Трошоци за потрошена енергија за администрација*** | **16.593** | **24.994** | **14.934** | **-9,99%** | **-40,25%** |
| Потрошен гориво за моторни возила | 16.546 | 24.910 | 14.867 | -10,15% | -40,32% |
| Потрошено уље за моторни возила | 46 | 84 | 67 | 44,33% | -20,25% |
| ***Трошоци за резервни делови и материјали за одржување за производство*** | **1.220.396** | **697.664** | **1.243.484** | **1,89%** | **78,24%** |
| Потрошени резервни делови и материјали за одржување | 1.220.379 | 695.564 | 1.243.373 | 1,88% | 78,76% |
| Потрошени резервни делови и материјали за одржување на возила | 17 | 2.100 | 111 | 546,03% | -94,72% |
| ***Трошоци за резервни делови и материјали за одржување за администрација*** | **19.213** | **17.518** | **18.400** | **-4,23%** | **5,04%** |
| Потрошени резервни делови и материјали за одржување | 19.213 | 17.518 | 18.400 | -4,23% | 5,04% |
| ***Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми за производство*** | **22.234** | **23.108** | **15.146** | **-31,88%** | **-34,45%** |
| Трошоци за ситен инвентар за производство | 10.220 | 10.348 | 5.822 | -43,04% | -43,74% |
| Трошоци за авто гуми за градежни машини и тешки возила | 2.042 | 1.250 | 3.475 | 70,15% | 178,00% |
| Трошоци за ЛЗС за производство | 9.971 | 11.510 | 5.850 | -41,33% | -49,18% |
| ***Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми(за админ)*** | **3.144** | **6.278** | **2.183** | **-30,57%** | **-65,23%** |
| Трошоци за ситен инвентар | 40 | 80 | 0 | -100,00% | -100,00% |
| Трошоци за авто гуми за возила | 3.104 | 6.198 | 2.183 | -29,68% | -64,79% |
| **Вкупно** | **10.329.162** | **10.208.882** | **9.243.046** | **-10,52%** | **-9,46%** |

- ***Трошокот за ХТЗ опрема*** за производство за период 01.01.-31.12.2025 е намалена за - 27,28 % во споредба со истиот период минатата година или - 3.872 илјади денари, бидејќи оваа опрема се требува на две години и во годината кога треба да се набавува овој трошок се зголемува.

- Напомениме дека **Трошокот за канцелариски материјал** за период 01.01.2025 - 31.12.2025 е зголемен за 39,04 % во споредба со истиот период минатата година или за 1.769 илјади денари.

- **Трошокот за потрошено дизел гориво за производство на електрична енергија** е намален во анализираниот период за - 53,47 % односно (1.771 илјади денари) и изнесува 1.541 илјади денари. Намалувањето е во РЕК Осломеј и се должи на помалку потрошено дизел гориво при покренување на термоелектраната.

Како позначајни ставки од претходната табела кои кај кои има поголеми промени се:

- ***Потрошувачката на друг огревен материјал*** се однесува на евиденцијата на гас за производство на топлинска енергија во Подружница Енергетика и е намален за - 13,21 % односно - 61.285 илјади денари во однос на истиот период минатата година. Испораката на топлинска енергија е поврзана со надворешните температури и се врши согласно температурен дијаграм. Во Q1 2024 година поради пониските температури беа испорачани поголеми количини на топлинска енергија за што беа потрошени и поголеми количини на гас, додека оваа година е испорачано помала количина на гас. Да напоменеме дека овој период во 2025 година се произведуваше и електрична енергија при што работеше и турбогенераторската постројка TG1 и беа произведени 44.780 MWh односно - 7.153 MWh помалку од истиот период минатата година.

- ***Потрошените резервни делови и материјали за одржување*** се зголемени за 22.994 илјади денари или 1,88 % во однос на истиот период минатата година. Ова зголемување се должи пред се поради повеќе потрошените резервни делови и материјали за инвестиционо одржување на постројките во РЕК Битола за 54.944 илјади денари во споредба со истиот период минатата година.

- ***Потрошен мазут за производство на електрична енергија*** – вредносно е зголемен за 7,71 % односно 146.777 илјади денари во однос на 2024. Од подолу приложената табела може да се констатира дека за период 01.01.-31.12.2025 година во РЕК Осломеј потрошувачката на мазут вредносно е зголемена за 31,19 % додека количински потрошувачката на мазут е зголемена за 42,12 % во однос на истиот период минатата година но се произведени помалку - 66 GWh, а во РЕК Битола потрошувачката на мазут вредносно е зголемена за 2,95 % додека количински потрошувачката на мазут е зголемена за 16,80 % во однос на истиот период минатата година, додека се произведени помалку - 114 GWh односно:

| **Потрошен мазут** | | **01.01-31.12.2024** | **%** | **01.01-31.12.2025** | **%** | **2025/2024** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **МКД** | РЕК Битола | 1.578.049 | 83,03% | 1.624.678 | 79,33% | 2,95% |
| | РЕК Осломеј | 322.596 | 16,97% | 423.213 | 20,67% | 31,19% |
| **Вкупно потрошен мазут во МКД** | | **1.900.645** | **100,00%** | **2.047.892** | **100,00%** | **7,75%** |
| | | | | | | |
| **Тони** | РЕК Битола | 40.023 | 82,76% | 46.747 | 79,78% | 16,80% |
| | РЕК Осломеј | 8.339 | 17,24% | 11.851 | 20,22% | 42,12% |
| **Вкупно потрошен мазут во тони** | | **48.362** | **100,00%** | **58.598** | **100,00%** | **21,17%** |
| **Произведени во GWh Рек Битола** | | **2.071** | | **1.957** | | **-5,49%** |
| **Произведени во GWh Рек Осломеј** | | **189** | | **122** | | **-35,18%** |
| **Мазут/GWh Рек Битола** | | **19,33** | | **23,88** | | **23,58%** |
| **Мазут/GWh Рек Осломеј** | | **44,15** | | **96,81** | | **119,26%** |

Во табелата во продолжение прикажани се поголемите трошоци за суровини и материјали како учество во вкупно остварениот приход со цел да се види дали за остварените приходи направени се поголеми или помали трошоци во однос на претходната година, односно:

**Во 000 денари**

| ОПИС | 01.01.-31.12.2024 | % | 01.01.-31.12.2025 | % | 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Потрошена сопствена електрична енергија | 1.297.924 | 5,37% | 1.357.194 | 6,14% | 4,57% |
| Потрошен гориво за тешки моторни возила и градежни машини | 85.746 | 0,35% | 121.770 | 0,55% | 42,01% |
| Друг огревен материјал | 463.866 | 1,92% | 402.580 | 1,82% | -13,21% |
| Потрошен мазут за производство на електрична енергија | 1.902.773 | 7,87% | 2.049.550 | 9,27% | 7,71% |
| Потрошени резервни делови и материјали за одржување | 1.220.379 | 5,05% | 1.243.373 | 5,62% | 1,88% |
| Потрошени резервни делови и материјали за одржување администрација | 19.213 | 0,08% | 18.400 | 0,08% | -4,23% |
| Останати трошоци за суровини и материјали | 5.339.261 | 22,09% | 4.050.178 | 18,32% | -24,14% |
| **Вкупно трошоци за суровини и материјали** | **10.329.162** | **42,73%** | **9.243.046** | **41,80%** | **-10,52%** |
| | | | | | |
| **Вкупено остварени приходи** | **24.172.090** | **100,00%** | **22.113.773** | **100,00%** | **-8,52%** |

Од погоре презентираното заклучуваме дека за периодот 01.01.-31.12.2025 година поголемите трошоци со помал процент учествуваат во вкупниот приход односно вкупните трошоци за суровини и материјали учествуваат со помал процент во вкупниот приход.

Структурата на ставката **услуги со карактер на материјални трошоци** е прикажана во следната табела:

**Во 000 денари**

| ОПИС | 01.01.2024-31.12.2024 | План 01.01.25-31.12.2025 | 01.01.25-31.12.2025 | 2025/ 2024 | 2025/ 2025 П |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Транспортни услуги*** | **492.160** | **187.955** | **148.001** | **-69,93%** | **-21,26%** |
| Транспортни услуги во јавен сообраќај во земјата | 341.445 | 51.752 | 53 | -99,98% | -99,90% |
| Трошоци за услуги на пренос, претовар и истовар | 381 | 106 | 20 | -94,63% | -80,71% |
| Услуги за превоз на вработени | 14.143 | 2.097 | 11.083 | -21,64% | 428,39% |
| Трошоци за пренесена електрична енергија | 136.191 | 134.000 | 136.845 | 0,48% | 2,12% |
| ***Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет*** | **6.797** | **8.716** | **6.877** | **1,18%** | **-21,09%** |
| Трошоци на поштенски услуги во земјата | 692 | 690 | 802 | 15,87% | 16,19% |
| Трошоци за поштенски услуги во странство | 0 | 25 | 0 | 0,00% | -100,00% |
| Трошоци за фиксни телефони | 2.259 | 2.500 | 2.343 | 3,70% | -6,28% |
| Трошоци за мобилни телефони | 2.593 | 3.600 | 2.131 | -17,82% | -40,81% |
| Трошоци за интернет услуги | 1.252 | 1.900 | 1.601 | 27,86% | -15,73% |
| ***Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги*** | **44.048** | **8.599** | **46.983** | **6,66%** | **446,39%** |
| Услуги за изработка, доработка на производи | 44.048 | 8.599 | 46.983 | 6,66% | 446,39% |
| ***Услуги за одржување и заштита*** | **4.000.063** | **2.834.968** | **2.317.808** | **-42,06%** | **-18,24%** |
| Услуги за одржување (ремонтни активности) | 326.308 | 180.228 | 508.250 | 55,76% | 182,00% |
| Услуги за одржување на средствата за заштита на работа | 674 | 3.485 | 749 | 11,08% | -78,50% |
| Услуги за одржување на ситен инвентар и амбалажа | 13 | 325 | 84 | 554,85% | -74,28% |
| Услуги за одржување хигиена во просториите | 2.216 | 1.655 | 1.399 | -36,89% | -15,50% |
| Услуги за тековно одржување | 1.043.817 | 960.440 | 777.245 | -25,54% | -19,07% |
| Трошоци за откоп на јаглен и јаловина | 2.613.980 | 1.670.500 | 1.014.690 | -61,18% | -39,26% |
| Услуги за одржување на тешки моторни возила | 2.849 | 5.130 | 3.485 | 22,32% | -32,07% |
| Услуги за одржување на лесни моторни возила | 4.510 | 8.790 | 5.626 | 24,73% | -36,00% |
| Други услуги за одржување | 5.695 | 4.415 | 6.281 | 10,28% | 42,25% |
| ***Наемнини-лизинг*** | **51.129** | **208.000** | **191.450** | **274,45%** | **-7,96%** |
| Наем за недвижности во земјата | 3.973 | 4.000 | 4.104 | 3,30% | 2,60% |
| Наем од граѓани | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| Останат наем | 47.156 | 204.000 | 187.346 | 297,29% | -8,16% |
| ***Комунални услуги*** | **47.925** | **43.060** | **47.000** | **-1,93%** | **9,15%** |
| Комунални услуги (смет,вода,канализација,комунален смет) | 47.925 | 43.060 | 47.000 | -1,93% | 9,15% |
| ***Трошоци за истражување и развој*** | **19.800** | **14.000** | **19.948** | **0,75%** | **42,48%** |
| Трошоци за услугите за тековните потреби на научно истр. | 19.800 | 14.000 | 19.948 | 0,75% | 42,48% |
| ***Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саем*** | **938** | **1.080** | **143** | **-84,79%** | **-86,79%** |
| Трошоци за промоција, пропаганда и реклама во земјата | 938 | 1.080 | 143 | -84,79% | -86,79% |
| ***Останати услуги*** | **240.726** | **202.359** | **206.676** | **-14,14%** | **2,13%** |
| Трошоци за услуги за заштита на работната средина | 39.246 | 40.076 | 7.695 | -80,39% | -80,80% |
| Надомест за користење на јавни складови | 5 | 55 | 1 | -88,88% | -99,07% |
| Надомест за автопати , патарина и паркинг | 2.722 | 3.233 | 2.995 | 10,03% | -7,37% |
| Услуга за функционалност на уред ГПС | 0 | 0 | 0 | 0,00% | 0,00% |
| Надомест за технички преглед при регистрација на возила | 3.289 | 3.392 | 3.035 | -7,71% | -10,52% |
| Трошоци за здравствени прегледи на работниците | 8.001 | 8.081 | 9.896 | 23,68% | 22,46% |
| Трошоци за системски услуги | 182.008 | 140.306 | 175.200 | -3,74% | 24,87% |
| Други материјални услуги | 5.457 | 7.216 | 7.855 | 43,95% | 8,86% |
| Вкупно | **4.903.586** | **3.508.737** | **2.984.886** | **-39,13%** | **-14,93%** |

Како позначајни ставки од претходната табела кои имаат поголеми промени се:

- **Услугите за одржување односно ремонтите активности** за анализираниот период оваа година се зголемени за 55,76 % односно 181.942 илјади денари во однос на истиот период минатата година. Тие во поголем дел се однесуваат на РЕК Битола за специјализирана работна рака за ремонтни активности на Блок I и Блок III, и тоа: Браварски работи на арматура и брусење на вентили со сопствена машина, браварско-заварувачки работи на арматура, цевководи и заварување, ревизија на потпорно-обесувачки систем на цевководи и термичка обработка на заварени споеви. Ова зголемување на ниво на АД ЕСМ е поради зголемувањето во РЕК Битола за анализираниот период за 188.567 илјади денари.

- **Услугите за тековно одржување** за период 01.01.-31.12.2025 година покажуваат намалување од - 266.572 илјади денари или - 25,54 % во однос на истиот период минатата година. Најголемо намалување има во РЕК Битола за - 332.158 илјади денари додека во РЕК Осломеј трошоците за тековно одржување се намалени за - 5.926 илјади денари.

Услугите од механизација се намалени и тие опфаќаат ангажирана механизација, и тоа: камион со волумен на сандакот од мин.14 м3 за ПЕ-ТЕ, градежна машина KOMATSU 155 AX булдожер гасеничар со снага на мотор од 200-350 KW, скип со снага на мотор поголема од 40 KW, товарно возило MAN 4x4 со вградена телескопска дигалка, товарно возило MERCEDES Atego 4x4 со вградена телескопска дигалка, цистерна за вода со волумен мин.8 м3 со пумпа за распрскување, автодигалка од 13 до 25 т., утоварна лопата – гасеничар со зафатнина на корпа мин. 4 м3, и друго.

- ***Трошоците за откоп на јаглен и јаловина*** за период 01.01.-31.12.2025 година се во износ од 1.014.690 илјади денари и се намалени за - 1.599.291 илјади денари или - 61,18 % во однос на истиот период минатата година додека во однос на планот се намалени за – 39,26 %. Намалувањето на трошоците се должи пред се на:

1.Трошоците кои опфаќаат ископ, транспорт, одлагање и разатирање на јаловина на далечина од 1.500-3.000 метри за период 01.01.-31.12.2025 година се 709.797 илјади денари и се намалени за - 199.342 илјади денари или - 21,93 %.

2. Трошоците за ангажираната дисконтинуирана механизација од надворешни фирми за период 01.01.-31.12.2025 година се остварени во износ од 26.364 илјади денари и бележат намалување од - 699.754 илјади денари односно - 96,37 % во однос на истиот период 2024 година и истите се однесуваат на ангажирање на услуги од градежни машини заради создавање на услов за формирање на нови траси и објекти за одводнување како и создавање поволни услови за работа на рудникот. Потребата од ангажирање на механизација од надворешни фирми се јавува како резултат на недостатокот на сопствена механизација.

3. Трошоците за ископ и транспорт на јаглен во кило џули за период 01.01.-31.12.2025 година се 156.128 илјади денари и бележат намалување од - 516.923 илјади денари или - 76,80 % во однос на истиот период минатата година. Произведени се 3.200.800 тони јаглен односно за 8,67 % повеќе во однос на истиот период од 2024 година кога се произведени 2.945.300 тони јаглен. Произведениот јаглен во Р.Суводол претставува 77,84 % од вкупното производство на јаглен.

- ***Трошоците* за останат наем односно закуп на терминал за гас – Александрополис Грција** во периодот 01.01.2025 - 31.12.2025 година во однос на истиот период 2024 година се зголемени за 297,29 % односно 140.190 илјади денари. Ова зголемување е поради тоа што на крајот на 2024 година почна да се плаќа закуп на дел од терминал за гас во Александрополис – Грција.

- ***Трошоците за здравствени прегледи*** на работниците се зголемени за 23,68 % и изнесуваат 9.896 илјади денари. Здравствените прегледи се реализираат во зависност од можностите на Економскиот оператор кој ја дава услугата, како и од можностите да се ослободат работниците за таа намена без да трпи производниот процес. Согласно законските прописи здравствен преглед се врши на секои 2 години и затоа е можно динамиката на прегледите да е различна во одделни периоди или години.

Во табелата во продолжение прикажани се поголемите трошоци за услуги како учество во вкупно остварениот приход со цел да се види дали за остварените приходи направени се поголеми или помали трошоци во однос на претходната година, односно:

**Во 000 денари**

| ОПИС | 01.01.-31.12.2024 | % | 01.01.-31.12.2025 | % | 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| Услуги за тековно одржување | 1.043.817 | 4,32% | 777.245 | 3,51% | -25,54% |
| Трошоци за откоп на јаглен и јаловина | 2.613.980 | 10,81% | 1.014.690 | 4,59% | -61,18% |
| Комунални услуги (смет,вода,канализација,комунални услуги) | 47.925 | 0,20% | 47.000 | 0,21% | -1,93% |
| Трошоци за системски услуги | 182.008 | 0,75% | 175.200 | 0,79% | -3,74% |
| Останати услуги | 1.015.856 | 4,20% | 970.751 | 4,39% | -4,44% |
| **Вкупно услуги со карактер на материјални трошоци** | **4.903.586** | **20,29%** | **2.984.886** | **13,50%** | **-39,13%** |
| | | | | | |
| **Вкупен приход** | **24.172.090** | **100,00 %** | **22.113.773** | **100,00%** | **-8,52%** |

**II.2** ***Општи продажни и административни трошоци*** се однесуваат на:

**Во 000 денари**

| ОПИС | 01.01.2024-31.12.2024 | План 01.01.25-31.12.2025 | 01.01.25-31.12.2025 | 2025/ 2024 | 2025/ 2025 П |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за вработени | 4.887.346 | 4.919.013 | 4.723.168 | -3,36% | -3,98% |
| Вредносно усогласување на средствата | 41.905 | 0 | 76.687 | 83,00% | 0,00% |
| Резервирање на трошоци и ризици | 359.877 | 84.296 | 312.043 | -13,29% | 270,18% |
| Останати расходи од работењето | 1.010.934 | 1.004.048 | 830.600 | -17,84% | -17,27% |
| **Вкупо** | **6.300.062** | **6.007.356** | **5.942.498** | **-5,68%** | **-1,08%** |

**Трошоци за вработени:**

**Во 000 денари**

| ОПИС | 01.01.2024-31.12.2024 | План 01.01.25 – 31.12.2025 | 01.01.25 - 31.12.2025 | 2025/ 2024 | 2025/ 2025 П |
|---|---|---|---|---|---|
| Плата и надоместоци од плата – бруто * | 4.395.396 | 4.470.795 | 4.220.760 | -3,97% | -5,59% |
| Останати трошоци за вработените | 256.245 | 250.416 | 267.823 | 4,52% | 6,95% |
| Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 11.870 | 9.872 | 15.660 | 31,93% | 58,63% |
| Надомест на трошоците на вработените и подароци | 205.148 | 168.729 | 204.393 | -0,37% | 21,14% |
| Трошоци за осигурување од задолжителни ризици на работници од процес при работа | 18.687 | 19.200 | 14.533 | -22,23% | -24,31% |
| **Вкупно трошоци за вработени** | **4.887.346** | **4.919.013** | **4.723.168** | **-3,36%** | **-3,98%** |

** Во износот на плата и надоместоците од плата содржани се и платите на сите членови на Управен одбор на АД ЕСМ кои имаат склучено менаџерски договори. Согласно член 384 став 7 од Законот за Трговски друштва бруто примањата за 2025 година на членовите на Управниот одбор се: Лазо Узунчев бруто примања од 3.121.298 денари, Реџеп Асани со бруто примања од 2.939.665 денари, Иван Стојановски со бруто примања од 2.589.599 денари, Ѓорѓи Ѓорѓиовски со бруто примања од 883.450 денари, Зоран Коњановски со бруто примања од 2.791.314 денари, Виктор Јовановски со бруто примања од 2.793.351 денари и Владимир Пејоски со бруто примања од 3.162.258 денари. Бруто прамањата на членовите на Надзорен Оддбор за 2025 година се: Иван Куковски со бруто примања од 173.026 денари, Александар Мурговски со бруто примања од 263.781 денари, Јетмир Идризи со бруто примања од 151.114 денари, Маја Аначкова со бруто примања од 164.012 денари, Леко Ристовски со бруто примања од 144.980 денари,Ерхан Рамадан со бруто примања од 144.980 денари,Стевче Антовски со 144.980 денари и Александар Маневски со 57.280 денари.*

Просечниот број на вработени со Декември 2025 година изнесува 4.362 вработени, додека минатата година со Декември биле просечно вработени 4.541 лица. Трошоците за плата и надоместоци од бруто плата во 2025 се намалени за - 174.636 илјади денари во споредба со 2024. Останатите трошоци за вработените се зголемени за 11.578 илјади денари поради зголемениот износ на регрес ова година во споредба со минатата година, додека намалени се јубилејни награди за - 2.302 илјади денари и отпремнините за одење во пензија од - 203 илјади денари. Надомест на трошоците на вработените и подароци е намален за - 755 илјади денари бидејќи трошокот за исхрана на вработените во тек на работата е зголемен за 335 илјади денари додека трошокот за сместување и исхрана на терен е намален за - 1.173 илјади денари.

**Останати расходи од работењето се однесува на:**

Во 000 денари

| ОПИС | 01.01.24-31.12.24 | План 01.01.25 - 31.12.25 | 01.01.25 - 31.12.25 | 2025/ 2024 | 2025/ 2025 П |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Трошоци за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | 4.481 | 2.800 | 15.866 | 254,06% | 466,65% |
| ***Трошоци за спонзорства и донации*** | **45.948** | **60.030** | **9.972** | **-78,30%** | **-83,39%** |
| Трошоци за спонзорство | 221 | 30 | 298 | 34,68% | 894,33% |
| Донации во земјата | 1.060 | 0 | 1.630 | 53,77% | 0,00% |
| Донации за синдикат | 44.667 | 60.000 | 7.326 | -83,60% | -87,79% |
| Донации за ДООЕЛ | 0 | 0 | 718 | 0,00% | 0,00% |
| ***Трошоци за репрезентација*** | **10.415** | **6.971** | **9.302** | **-10,68%** | **33,45%** |
| Трошоци за репрезентација во земјата | 2.281 | 1.250 | 2.826 | 23,88% | 126,06% |
| Репрезентација - надворешни угостителски услуги | 1.778 | 2.105 | 3.316 | 86,50% | 57,53% |
| Репрезентација - кафе и сок | 2.214 | 2.496 | 2.050 | -7,41% | -17,85% |
| Трошоци за репрезентација - останато | 4.141 | 1.120 | 1.110 | -73,19% | -0,86% |
| ***Трошоци за осигурување*** | **190.340** | **193.896** | **126.170** | **-33,71%** | **-34,93%** |
| Трошоци за осигурување на средства | 175.161 | 176.450 | 121.265 | -30,77% | -31,28% |
| Трошоци за осигурување од задолжителни ризици од трети лица | 12.714 | 15.501 | 2.961 | -76,71% | -80,90% |
| Трошоци за осигурување за возила-автоодговорност | 2.465 | 1.945 | 1.944 | -21,12% | -0,06% |
| ***Банкарски услуги и трошоци за платениот промет*** | **15.438** | **8.771** | **8.495** | **-44,97%** | **-3,14%** |
| Банкарски услуги и провизија | 3.277 | 4.671 | 3.693 | 12,72% | -20,92% |
| Провизии и куртажа | 12.081 | 4.000 | 4.746 | -60,72% | 18,64% |
| Надомест на провизии за наплата на електрична енергија | 81 | 100 | 56 | -30,68% | -43,90% |
| **Останати расходи од работење** | **744.311** | **731.580** | **660.794** | **-11,22%** | **-9,68%** |
| Придонеси за бенифициран стаж | 92.412 | 74.081 | 91.989 | -0,46% | 24,17% |
| Надомести за придонеси на Стопанската комора на РМ | 6.747 | 6.842 | 6.491 | -3,80% | -5,13% |
| Членарина на здруженија и трошоци за придонеси | 12.105 | 16.295 | 9.493 | -21,58% | -41,74% |
| Надомести за воден придонес | 128.011 | 113.683 | 107.660 | -15,90% | -5,30% |
| Останати даноци, придонеси, членарина и други давачки | 22.262 | 19.675 | 17.910 | -19,55% | -8,97% |
| Административни и судски такси | 5.249 | 4.071 | 8.057 | 53,49% | 97,91% |
| Консултантски , советодавни и сметководствени услуги | 1.820 | 3.464 | 2.268 | 24,65% | -34,52% |
| Адвокатски и нотарски услуги | 8.901 | 7.252 | 6.930 | -22,15% | -4,43% |
| Трошоци за привремени и повремени работи од агенции | 2 | 362.240 | 263.879 | 15522183% | -27,15% |
| Интелектуални услуги | 1.092 | 1.130 | 1.578 | 44,42% | 39,62% |
| Останати нематеријални трошоци и услуги | 15.369 | 13.079 | 18.222 | 18,56% | 39,32% |
| Казни, пенали, надоместоци за штета и друго | 7.635 | 4.422 | 4.158 | -45,54% | -5,95% |
| Други дополнителни утврдени трошоци од минати години | 129.380 | 49 | 17.513 | -86,46% | 35667% |
| Останати неспомнати трошоци - расходи од работењето | 10.063 | 1.100 | 1.327 | -86,82% | 20,59% |
| Расход од поранешми години – регрес за год. Одмор | 257 | 0 | 220 | -14,20% | 0,00% |
| Останато (Останати трошоци) | 303.005 | 104.197 | 103.098 | -65,97% | -1,05% |
| ВКУПНО | **1.010.934** | **1.004.048** | **830.600** | **-17,84%** | **-17,27%** |

Поголем број од горенаведените трошоци се намалени. Трошоци кои се зголемени се трошоците за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор за 254,06 % односно за 11.385 илјади денари. Ова зголемување е поради исплата на апанажа на членовите на поранешниот управен одбор.

Останатите трошоци за период 01.01.2025 – 31.12.2025 година се намалени за - 199.907 илјади денари или - 65,97 %. Ова намалување се должи на намалениот трошок за закуп на преносни капацитети за пренос на природен гас од ЕСМ Продажба за - 191.258 илјади денари, намалување на трошокот за камата од поранежни години за - 5.030 илјади денари и друго.

***__Трошоци за привремени и повремени работи од агенции –__*** овој трошок за период 01.01.-31.12.2025 година во однос на истиот период минатата година е зголемен за 263.877 илјади денари бидејќи за овој период минатата година немаше ангажирано работници преку Агенција за вработување. Структурата на овие трошоци е следна:

**Во 000 денари**

| ОПИС<br>Агенција за вработување | вредност<br>2025 | вредност<br>2024 | ИНД<br>2025/2024 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=2/3*100 |
| **РЕК БИТОЛА** | **181.139** | **0** | **0** |
| Привремени и повремени работи од агенции | 181.139 | 0 | 0 |
| **РЕК ОСЛОМЕЈ** | **37.178** | **2** | **2.186.846** |
| Привремени и повремени работи од агенции | 37.178 | 2 | 2.186.846 |
| **ДИРЕКЦИЈА** | **1.637** | **0** | **0** |
| Привремени и повремени работи од агенции | 1.637 | 0 | 0 |
| **ХЕС МАВРОВО** | **18.533** | **0** | **0** |
| Привремени и повремени работи од агенции | 18.533 | 0 | 0 |
| **ХЕС ЦРН ДРИМ** | **15.702** | **0** | **0** |
| Привремени и повремени работи од агенции | 15.702 | 0 | 0 |
| **ХЕС ТРЕСКА** | **0** | **0** | **0** |
| Привремени и повремени работи од агенции | 0 | 0 | 0 |
| **ХЕЦ ТИКВЕШ** | **5.972** | **0** | **0** |
| Привремени и повремени работи од агенции | 5.972 | 0 | 0 |
| **ТЕЦ НЕГОТИНО** | **3.140** | **0** | **0** |
| Привремени и повремени работи од агенции | 3.140 | 0 | 0 |
| **ЕНЕРГЕТИКА** | **579** | **0** | **0** |
| Привремени и повремени работи од агенции | 579 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | **263.879** | **2** | **15.522.183** |

## Б. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Во 000 МКД / EUR**

| | 31.12.2024 | 31.12.2025 План | 31.12.2025 | 31.12.25 | | 31.12.2024 | 31.12.2025 План | 31.12.2025 | 31.12.25 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Актива | 000 МКД | 000 МКД | 000 МКД | 000 EUR | Пасива | 000 МКД | 000 МКД | 000 МКД | 000 EUR |
| Нето нематеријални средства | 373.491 | 331.766 | 355.652 | 5.783 | Капитал | 32.364.107 | 32.364.107 | 32.364.107 | 526.246 |
| Земјиште и згради | 22.125.959 | 22.751.579 | 22.211.634 | 361.165 | Резерви | 5.368.136 | 5.222.641 | 5.785.441 | 94.072 |
| Постројки и опрема | 11.304.928 | 11.754.628 | 9.939.619 | 161.620 | Акумулирана добивка | -7.374.697 | 51.038 | -14.204.204 | -230.963 |
| Други постојани средства | 5.654.434 | 4.472.766 | 5.720.622 | 93.018 | **Вкупна нето вредност** | **30.357.547** | **37.637.787** | **23.945.345** | **389.355** |
| | | | | | **Долгорочни обврски** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Други финансиски средства | 916.092 | 741.170 | 1.812.263 | 29.468 | **Долгорочни обврски - Банки** | **11.145.111** | **8.306.744** | **15.836.496** | **257.504** |
| **Вкупно постојани средства** | **40.374.904** | **40.051.908** | **40.039.790** | **651.054** | **Вкупно капитал + долгорочни обврски** | **41.502.657** | **45.944.531** | **39.781.841** | **646.859** |
| Залиха | 4.740.360 | 5.168.315 | 4.596.740 | 74.744 | Краткорочни обврски - добавувачи | 4.712.018 | 2.112.951 | 4.939.358 | 80.315 |
| Побарувања | 4.009.679 | 2.986.487 | 4.771.076 | 77.578 | Краткорочни кредити | 2.798.221 | 2.885.427 | 3.100.486 | 50.414 |
| Други побарувања | 1.496.650 | 3.818.494 | 1.062.615 | 17.278 | Други краткорочни обврски | 839.522 | 1.123.500 | 844.176 | 13.726 |
| Други тековни средства | 3.177.014 | 1.461.702 | 3.154.054 | 51.285 | Дивиденди | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Готовина / банкарски депозити | 674.625 | 1.913.246 | 290.001 | 4.715 | Други обврски ПВР | 4.620.812 | 3.333.745 | 5.248.416 | 85.340 |
| **Вкупно тековни средства** | **14.098.327** | **15.348.245** | **13.874.485** | **225.601** | **Вкупно краткорочни обврски** | **12.970.573** | **9.455.622** | **14.132.435** | **229.796** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **54.473.231** | **55.400.153** | **53.914.276** | **876.655** | **ВКУПНА ПАСИВА** | **54.473.231** | **55.400.153** | **53.914.276** | **876.655** |

**Прикажаниот биланс на состојба е прилагоден за аналитички цели, односно од него се отстранети состојбите на побарувањата и обврските од поврзани друштва од сметките 110 и 210.*

***Од АВР и ПВР исто така за анлитички цели со состојба 31.12.2025 е отстранет износ од 7.859.491 илјади денари, кој произлегува од делбениот биланс на АД ЕСМ.*

## I. АКТИВА

Во периодот од 01.01.2025 – 31.12.2025 ако го погледнеме паричниот тек ќе забележиме дека инвестиционите активности се во износ од 2.415.008 илјади денари.
Најголем дел од инвестиционите активности се вложувања во инфраструктура за топлификација Битола во износ од 243.036 илјади денари, вложувања во дистрибутивна мрежа ЕСМ дистрибуција во износ од 338.825 илјади денари ,вложувања во транзиција кон фотоволтавици ФЕ Осломеј - 2 и ФЕ Битола во износ од 34.666 илјади денари, ТК - системи во ХЕС Маврово во износ од 55.308 илјади денари, поправка на багер СРС1050 во РЕК Битола во износ од 16.927 илјади денари, Енергетика опрема Ериксон во износ од 13.923 илјади денари и модернизација на Когел во износ од 27.048 илјади денари и други.

**Тековните средства**

***Залихи***

Од вкупната залиха најголем дел опфаќаат резервните делови односно 68,73%, додека вкупните залихи на РЕК Битола учествуваат со 69,47% во вкупните залихи на АД ЕСМ.

Во табелата во продолжение дадена е структурата на залихите по категории и по Подружници:

**Во 000 денари**

| ПОДРУЖНИЦИ | Залихи на суровини и материјали | Залихи на резервни делови | Залих и на ситен инвент ар | Залиха на недовршено производство | Вкупно залихи на 31-12-25 | % | Вкупно залихи на 31-12-24 | % | 2025/ 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ДИРЕКЦИЈА | 2.721 | 5 | 277 | 0 | 3.004 | 0,07% | 2.665 | 0,06% | 12,69% |
| ХЕС МАВРОВО | 8.653 | 16.355 | 2.220 | 0 | 27.227 | 0,59% | 24.816 | 0,52% | 9,72% |
| ХЕС ЦРН ДРИМ | 9.600 | 4.871 | 2.647 | 0 | 17.118 | 0,37% | 15.934 | 0,34% | 7,43% |
| ХЕЦ ТИКВЕШ | 5.546 | 7.713 | 320 | 0 | 13.578 | 0,30% | 13.633 | 0,29% | -0,40% |
| РЕК БИТОЛА | 230.013 | 2.787.900 | 27.672 | 147.782 | 3.193.366 | 69,47% | 3.556.604 | 75,03% | -10,21% |
| РЕК ОСЛОМЕЈ | 862.673 | 310.680 | 1.000 | 14.935 | 1.189.287 | 25,87% | 977.398 | 20,62% | 21,68% |
| ТЕЦ НЕГОТИНО | 93.930 | 14.026 | 890 | 0 | 108.846 | 2,37% | 111.576 | 2,35% | -2,45% |
| ХЕЦ ТРЕСКА | 1.597 | 12.739 | 3.306 | 0 | 17.643 | 0,38% | 17.266 | 0,36% | 2,18% |
| ЕНЕРГЕТИКА | 20.175 | 4.997 | 1.499 | 0 | 26.671 | 0,58% | 20.467 | 0,43% | 30,31% |
| **ВКУПНО** | **1.234.907** | **3.159.286** | **39.831** | **162.716** | **4.596.740** | **100,00%** | **4.740.360** | **100,00%** | **-3,03%** |

Во ***побарувања од купувачите*** структурата е следна:

**Во 000 денари**

| ПОБАРУВАЊА | 31-12-24 | % | 31-12-25 | % | 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕВН | 1.533.808 | 38,25% | 1.587.827 | 33,28% | 3,52% |
| МЕПСО | 277.698 | 6,93% | 207.498 | 4,35% | -25,28% |
| ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ | 359.247 | 8,96% | 1.005.056 | 21,07% | 179,77% |
| ЕСМ Продажба | 1.320.601 | 32,94% | 0 | 0,00% | -100,00% |
| Останати побарувања | 518.325 | 12,93% | 1.970.694 | 41,31% | 280,20% |
| **ВКУПНО** | **4.009.679** | **100,00%** | **4.771.076** | **100,00%** | **338,21%** |

Побарувањата од купувачи на АД ЕСМ се концентрирани на три големи купувачи, чие заеднико учество во вкупните побарувања е околу 58,70%. Наплатата на истите се одвива во меѓусебно договорените рокови на плаќање.

## II. ПАСИВА

### КАПИТАЛ

Во *капиталот* нема некои позначајни промени освен промените во акумулираната добивка кои се резултат на загубата после оданочување за анализираниот периодот во износ од - 6.656.938 илјади денари.

Во ставката ***Резерви*** влегуваат:

**Во 000 денари**

| опис | 31.12.2024 | 31.12.2025 План | 31.12.2025 |
|---|---|---|---|
| Резервирања за трошоци за обновување на природни богатства | 277.831 | 177.182 | 311.380 |
| Резервирања за користи на вработените | 496.800 | 390.420 | 497.087 |
| Останати долгорочни резервирања | 146.030 | 425.120 | 356.929 |
| Ревалоризациони резерви и законски резерви | 4.447.476 | 4.229.918 | 4.620.045 |
| **ВКУПНО** | **5.368.136** | **5.222.641** | **5.785.441** |

Останати долгорочни резервирања се однесуваат на резервирањата што се прават за судски спорови, природни богатства и останати трошоци за вработени. Во анализираниот период се зголемени поради резервирање (времена мерка поради раскин на договор) за спор со МАРКОВСКИ КОМПАНИ од 236 милиони денари.

**Долгорочни обврски**

Долгорочните обврски се однесуваат на обврски по земени кредити од банки, како што е прикажано во табелата:

**Во 000 денари**

| Состојба на долгорочни обврски на 31.12.2025 | | |
|---|---|---|
| **ОПИС** | **Каматна стапка** | **Главнина** |
| Комерцијална банка (КОГЕЛ) | 6M euribor + 2,5 % | 54.662 |
| Комерцијална банка - Механизација | 6M euribor + 1,9 % | 638.277 |
| Халк банка (СИНДИЦИРАН) | НРС.+ 2% (4,33%) | 1.223.958 |
| Стопанска банка (СИНДИЦИРАН) | НРС.+ 2% (4,33%) | 1.223.958 |
| Комерцијална банка (СИНДИЦИРАН) | НРС.+ 2% (4,33%) | 1.835.938 |
| УНИ банка (СИНДИЦИРАН) | НРС.+ 2% (4,33%) | 611.979 |
| Стопанска банка (СИНДИЦИРАН 2) | НРС +1,7% > 4.2% | 1.800.000 |
| Комерцијална банка (СИНДИЦИРАН 2) | НРС +1,7% > 4.2% | 900.000 |
| Халк банка (СИНДИЦИРАН 2) | НРС +1,7% > 4.2% | 900.000 |
| EBRD Фотоволтаици Осломеј 1 | 3% | 121.123 |
| Дојче банка (Babkok)* | 12M euribor+1,675% | 0 |
| Стопанска банка (Нов трансформатор ACTAEL) | 6M euribor + 2,65 % | 258.740 |
| Халк банка (Репарација на транформатор) | 6M euribor + 3 % | 100.205 |
| KFW банка - Германија (ревитализација)** | 12M euribor-0,3% | 0 |
| KFW банка - Германија (ревитализација 3та фаза)** | ICAPEURO + 0,5% | 46.785 |
| KFW банка - Германија (ветерен парк)*** | 2,50% | 0 |
| KFW банка - Германија (ветерен парк) II фаза | 1,15% | 338.452 |
| Халк банка (Товарни и теренски возила) | 6M euribor + 3,5 % | 76.292 |
| EBRD (Тековна поддршка) | euribor +1% | 2.170.261 |
| Мин. за финансии (кредит за EBRD) | - | 692.474 |
| EBRD (Транзиција на ЕСМ кон соларни...) | 6Meuribor +1% | 10.523 |
| Халк банка (Тековна поддршка) | НРС +1,5% > 4.2% | 1.800.000 |
| KFW Банка Германија (Топлификација ) | 1,50% | 1.032.868 |
| **Вкупно** | | **15.836.496** |

* Последен ануитет на 28.09.2025
** Последен ануитет на 31.12.2025
*** Последен ануитет на 31.12.2025

## Тековни обврски

***Обврските кон добавувачи*** во износ од 4.939.358 илјади денари се однесуваат на обврски кон домашни и странски добавувачи. Истите се зголемени за 227.340 илјади денари во однос на 31.12.2024, што се должи на зголемените обврски за набавка на електрична енергија, набавка на јаглен и набавка на мазут.

***Краткорочни кредити***

Се однесуваат на делот од долгорочните обврски кои АД ЕСМ ги има за плаќање во тековната година.
Во продолжение во две табели ќе ја прикажеме исплатената обврска по краткорочни кредити до 31.12.2025, како и обврските по краткорочни кредити до крајот на 31.12.2026.

**Табела 1** – Исплатени обврски по краткорочни кредити во период 01.01.2025 – 31.12.2025

**Во 000 денари**

| Кредит по банка | Каматна стапка | Главнина | Камата | Вкупно исплати 01.01-31.12.2025 |
|---|---|---|---|---|
| EBRD Фотоволтаици Осломеј 1 | 3,00% | 30.298 | 16.106 | 46.403 |
| Комерцијална банка (Когел) | 6M euribor + 2,5 % | 54.739 | 7.878 | 62.616 |
| Комерцијална банка - Механизација | 6M euribor + 1,9 % | 91.449 | 39.114 | 130.563 |
| Дојче банка (Babkok) | 12M euribor+1,675% | 123.296 | 4.263 | 127.558 |
| KFW Банка Германија (ветерен парк) | 2,50% | 97.286 | 1.217 | 98.502 |
| KFW Банка Германија (ревитализација) | 12M euribor-0,3% | 166.268 | 0 | 166.268 |
| KFW Банка Германија (Топлификација ) | 1,50% | 218.329 | 16.762 | 235.091 |
| EBRD (Тековна поддршка) | euribor +1% | 1.447.811 | 196.269 | 1.644.080 |
| Мин. за финансии (кредит за EBRD) | - | 48.228 | 0 | 48.228 |
| EBRD (Транзиција на ЕСМ кон соларни...) | 6Meuribor +1% | 1.098 | 138 | 1.236 |
| Синдициран (домашни банки) | НРС + 2% > (4,33%) | 0 | 168.724 | 168.724 |
| Халк банка (Товарни и теренски возила) | 6M euribor + 3,5 % | 3.305 | 5.025 | 8.331 |
| Стопанска банка (Нов трансформатор ACTAEL) | 6M euribor + 2,65 % | 15.220 | 15.286 | 30.506 |
| Халк банка (Репарација на транформатор) | 6M euribor + 3 % | 4.342 | 6.600 | 10.942 |
| **ВКУПНО** | | **2.301.667** | **477.381** | **2.779.048** |

**Табела 2** – Преостанати обврски по краткорочни кредити за период од 01.01.2026 - 31.12.2026 година

**Во 000 денари**

| Кредит по банка * | Каматна стапка | Главнина | Камата | Отплати за период 01.01-31.12.2026 |
|---|---|---|---|---|
| EBRD Фотоволтаици Осломеј 1 | 3,00% | 30.281 | 17.099 | 47.380 |
| Комерцијална банка (Когел) | 6M euribor + 2,5 % | 54.662 | 7.878 | 62.540 |
| Комерцијална банка - Механизација | 6M euribor + 1,9 % | 91.182 | 20.908 | 112.091 |
| Дојче банка (Babkok) | 12M euribor+1,675% | 0 | 0 | 0 |
| KFW Банка Германија (ветерен парк) | 2,50% | 0 | 0 | 0 |
| KFW Банка Германија (ревитализација) | 12M euribor-0,3% | 0 | 0 | 0 |
| KFW Банка Германија (Топлификација ) | 1,50% | 218.028 | 18.147 | 236.174 |
| EBRD (Тековна поддршка) | euribor +1% | 1.446.841 | 200.949 | 1.647.790 |
| Мин. за финансии (кредит за EBRD) | - | 72.342 | 0 | 72.342 |
| EBRD (Транзиција на ЕСМ кон соларни...) | 6Meuribor +1% | 1.503 | 4.920 | 6.423 |
| Синдициран (домашни банки) * | НРС + 2% > (4,33%) | 104.167 | 248.974 | 353.141 |
| Синдициран 2 (домашни банки) | НРС +1,7% > 4.2% | 0 | 158.377 | 158.377 |
| Халк банка (Товарни и теренски возила) | 6M euribor + 3,5 % | 6.926 | 0 | 6.926 |
| Стопанска банка (Нов трансформатор ACTAEL) | 6M euribor + 2,65 % | 30.440 | 3.864 | 34.304 |
| Халк банка (Репарација на транформатор) | 6M euribor + 3 % | 9.097 | 0 | 9.097 |
| Халк банка (Тековна поддршка) | НРС +1,5% > 4.2% | 0 | 136.145 | 136.145 |
| Нефин. правни субјекти ** | - | 0 | 217.756 | 217.756 |
| **ВКУПНО** | | **2.065.469** | **1.035.017** | **3.100.486** |

* Почеток на исплата на главнина 17.11.2026

** Доспеани заеми од државни институции од време на енергетската криза

## В. ИЗВЕШТАЈ ЗА ГОТОВИНСКИОТ ТЕК

Готовинскиот тек за период 01.01.2025 – 31.12.2025 година е следен:

**Во 000 денари**

| **ОПИС** | **31.12.2025** |
|---|---|
| Нето добивка/ загуба | (6.656.938) |
| Амортизација | 2.750.121 |
| Даноци | - |
| **Вкупно** | **(3.906.817)** |
| Даноци | - |
| Промени во побарувања од купувачи | (761.397) |
| Промени во останати побарувања | 431.435 |
| Промени во залихи | 143.620 |
| Промени во останати тековни средства | 22.960 |
| Промени во добавувачи | 227.339 |
| Промени во останати обврски | 634.857 |
| **Готовински тек од оперативни активности** | **(3.208.003)** |
| Промени во нематеријални средства | 17.839 |
| Промени во земјишта и згради | (85.676) |
| Промени во опрема и машини | 1.365.309 |
| Промени во останати фиксни средства | (66.188) |
| Промени во останати финансиски средства | (896.171) |
| Амортизација | 2.750.121 |
| **Готовински тек од инвестициони активноти** | **(2.415.008)** |
| **Слободен готовински тек (Free cash flow)** | **(5.623.010)** |
| Дивиденди | - |
| Промени во долгорочни кредити | 4.691.385 |
| Промени во краткорочни кредити | 302.264 |
| Промени во акционерски капитал | - |
| Промени во резерви | 417.305 |
| Промени во задржана добивка | (6.829.507) |
| Добивка/загуба за финансиската година | (6.656.938) |
| **Готовински тек од финансиски активности** | **5.238.386** |
| **Нето готовински тек** | **(384.624)** |
| Парични средства на почеток на година | 674.625 |
| Парични средства на крај на година | 290.001 |

Готовински тек е направен за добивање на пореална слика за движењето на сите готовински приливи и одливи во зависност од тоа за што се употребени и од каде потекнуваат.

**Некои позначајни показатели**

Показателите се пресметани врз база на прочистен биланс на состојба т.е. намален за интерните односи и АВР и ПВР.

| ОПИС | 31/12/2024 | 31/12/2025 План | 31/12/2025 |
|---|---|---|---|
| Показател за тековна ликвидност | 1,087 | 1,623 | 0,982 |
| Брза ликвидност | 0,721 | 1,077 | 0,656 |
| Показател за финансиска задолженост | 0,256 | 0,202 | 0,351 |
| Показател за вкупна задолженост | 0,443 | 0,321 | 0,556 |
| Equity ratio | 0,557 | 0,679 | 0,444 |
| Financial debt equity ratio | 0,459 | 0,297 | 0,791 |
| Debt equity ratio | 0,794 | 0,472 | 1,252 |
| Повраток на актива | -13,90% | 0,09% | -12,35% |
| Повраток на капитал | -18,24% | 0,11% | -16,73% |
| EBIT/трошоци за камата | -21,787 | 0,130 | -14,034 |
| Денови на врзување на залихи | 78 | 116 | 86 |
| Денови на врзување на побарувања | 84 | 99 | 97 |
| Денови на плаќање на обврски кон добавувачи | 78 | 47 | 92 |

Показателот за тековна ликвидност е мерило на способноста за плаќање на обврските и означува колку пати се состојат тековните обврски во тековните средства односно колку од тековните обврски се покриени со тековни средства. Од показателите гледаме дека тековните обврски се покриени 0,982 пати со тековни средства и ваквата ликвидност покажува намалување за разлика од последниот анализиран период 31.12.2024 кога овој показател изнесувал 1,087. Показателот за брза ликвидност е поверодостоен за нашата компанија бидејќи залихите во АД ЕСМ секако не се наменети за продажба односно од нив не можеме да очекуваме зголемување на ликвидноста. Колку показателите за тековна и брза ликвидност се поголеми толку е подобро за компанијата. Показателот за брза ликвидност треба да изнесува барем 1, за анализираниот период изнесува 0,656 и покажува минимално намалување за разлика од 31.12.2024 година.

Показателите на задолженост се слични со последниот анализиран период поради редовната исплата на обврските по кредити.

Показателите на поврат на актива и капитал и покриеност на камата се негативни поради негативниот финансиски резултат за овој период.

Деновите на врзување на побарувања покажуваат намалена наплата односно намалени приходи во однос на износот на побарувањата на 31.12.2024.

*Изработил:*
Владимир Славковски

**Директор на сектор финансии**
**М-р. Иван Стојановски**